СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Осмото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието
на Република Македонија, одржана на 22 април 1993 година

Скопје, април 1993 година

## 56 СЕДНИЦА – ОСМО ПРОДОЛЖЕНИЕ, 22.IV.1993

ЗА СЛУЧАЈОТ “ЃОРЧЕ ПЕТРОВ”

1. АНДОВ СТОЈАН 1
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО 28, 132
3. АЛИУ ХАМИД 29
4. АЈДАРЕГА ГАЗМЕНД 43
5. АЛИУ ЕШТРЕФ 109, 136
6. АБДИ ФАИК 183, 184, 185, 189
7. ГЕОГИЕВСКИ ЉУПЧО 51, 60, 70, 110, 123, 127, 128, 129
8. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР 24, 132
9. ДИМОВСКА ДОСТА 103, 130, 207, 213
10. ЗМЕЈКОВСКИ БОРИС 31, 32, 33, 207, 213
11. ИВАНОВ ИВАН 8, 136
12. ЈАКИМОВСКИ ЉУПЧО 99
13. КРСТЕВСКИ ЗОРАН 195, 197, 199, 201
14. МУРТЕЗАНИ АВДИ 49
15. НИКОЛОВСКИ ДУШАН 206
16. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР 1, 100, 101
17. ПОПОВСКИ НИКОЛА 14, 17, 18, 25, 27, 29, 104
18. ПЕТКОВСКИ ТИТО 112, 117, 121, 134, 136
19. ПАНОВСКИ МИХАИЛ 144
20. СТОЈКОВ СТОИЛЕ 23, 26, 92, 96, 99, 104, 105, 1, 6, 111, 144, 153, 162, 169, 171, 174, 180, 192, 195
21. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ 26, 139, 223
22. СЕЛМАНИ НЕИМ 34
23. СПИРОВСКИ АЛЕКСАНДАР 44, 46, 95
24. СИМЈАНОВСКИ НАУМ 95, 202, 205
25. СТОЈАНОВСКИ ТОММИСЛАВ 98, 215, 220, 223
26. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН 38
27. ТАИРИ ЏЕЛИЛ 38
28. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР 173
29. ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР 34, 77, 79, 86, 88, 106, 108, 109
30. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР 93, 94, 122
31. ХАНЏИНСКИ БЛАГОЈА 98
32. ХАЛИЛИ МУХАМЕД 39, 40
33. ЏАФЕРОВСКИ АЛЕКСАНДАР 190, 194

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Осмото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 април 1993 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала бр.1), со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа. Пратениците Александар Гештаковски, Ристо Стаменов, Славјанка Стојанова, Иван Рамбабов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам деканa седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За збор се јави господинот Љупчо Георгиевски.

Љупчо Георгиевски не е присутен. (гласови од место)

Има делегација.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, Комисијата за контрола над СДБ на Собранието врз основа на Писмото на Пратеничката група на ВМРО-ДПМН од 15 јули 1992 година отворила расправа на својата 21-ва седница која расправа траела во десет продолженија, а основата врз која се поведува расправата, во доставениот Извештај од 24 декември 1992 година, не го приложила во прилог за да можат пратениците да се запознаат со барањето, или барањата изнесени во тоа писмо. Во најголема мера ваквиот приод е збунувачки, но може да се претпостави

дека тоа е намерно направено ако се знае дека во оваа Комисија членуваат седум пратеници од кои тројца се членови на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ а логично е дека тие ќе го застапуваат ставот на својата пратеничка група, а фактот што овој Извештај е усвоен со четири гласа за, еден против и еден воздржан самиот по себе зборува дека оваа Комисија е сепак продолжена рака на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ бидејќи три гласа се сигурни, а дали ќе се успее да се убеди уште еден пратеник да гласа е прашање на умееше во убедувањето, или пак на моменталното расположение на тој единствен пратеник кој го обезбедува форумот а со тоа и верификација на она што се предлага.

Бидејќи го немаме писмото може да се претпоставува што е барањето, а во Извештајот ни се нудат три прашања кои на многу мал простор, без придружни материјали, со предложени заклучоци се понудуваат на усвојување на Собранието, а во првиот дел од Извештајот се говори дека Комисијата на своите седници почнувајќи од 18 јули до 16 декември 1992 година расправала по овие прашања и се поставува прашањето дали пратениците кои не се членови на оваа Комисија можат врз основа на Извештајот да имаат јасна и комплетна слика за она што се нуди во расправата, а природно одговорот е не.

Извештајот за работата на Комисијата за контрола над работата на СДБ за остварениот увид и контрола во периодот од 17 мај 1991 до мај 1992 година во кој во заклучните согледувања се констатира дека СДБ, иако во мошне отежнати и сложени услови, со успех ја остваруваше својата уставна и законска должност, заради што и не дојде до посериозно загрозување на уставниот поредок, правата и слободите на граѓаните и во целата Република се одржуваше релативно поволна безбедносна состојба.

I/3

Комисијата во Извештајот во врска со писмото на Пратеничката група исчекорува од својот делокруг и ги пречекорува со закон утврдените права и должности, а тоа пред се се однесува на на предложените заклучоци. Имено, по првото прашање, тоа е прашањето на летоците за кое се зборува во Извештајот, Комисијата не направила напор да посочи за кое време од 1990 година се однесува овој дел од Извештајот, кои се носителите на функции во тогашниот РСВР, кои позитивни прописи биле на сила во тој период, но. Исто така заборавила да напомене дека ј секој граѓанин, политичка партија, односно секој кој се смета за оштетен со стореното растурање на летоците можел да поднесе кривична пријава до надлежниот јавен обвинител или до органот за внатрешни работи, што е едек од формалните услови за поведување на кривична постапка и преземање на потребните дејствија, согласно тогашните важечки прописи

Комисијата истовремено покажува заборавност да напомене дека СДБ, според член 71 и 208 од Кривичниот закон на РМ, член 11 од Законот за основите на системот на државната безбедност член 1 и член 16 ,од Законот за внатрешни работи и член 2 од правилата на СДБ не е откривањето и пријавувањето на сторители на кривични дела, туку СДБ применува средства и методи со цел прибирање на податоци 11 известувања заради откривање и попречување на дејности насочени кон насилно загрозување или "промена на уставниот поредок и безбедноста на земјата.

Дали од непознавање или од нескриена намера се потура тезата за одговорност на носители на функции кои сега работат во МВР и СДБ, но мислам дека сето тоа се прави со многу видливо сценарио да се нанесе штета и клевета на одговорните луѓе во Министерството и да се искористат неодамнешните настани за да се нафрли по кој знае кој пат по Партијата СДСМ. Притоа се пренебрегнуваат изречените навреди,напади и ниски удари во предизборната кампања во 1990 година и се понудува нешто што не е докажано ниту може да се докаже, а се се сведува на предвидувања и клевети, да се создаде слика дека ВМРО-ДПМНЕ е Партија што била и е објект на константен напад, со цел истата да се дискредитира кај граѓаните на Република Македонија.

I/4

Во Заклучокот се бара децидно одговорноста да се препише на МВР, а не на ЕСВР, се нуди констатација дека е утврдено и познато пак од МВР, а не од РСВР кој ги растурал летоците, а во делот први се се сведува на безличност. без доволно пишани аргументи од кои се изведува заклучокот и пак се споменува понудена и разгледана документација, а таа не е доставена до другите 113 пратеници исто така наведува дека Омисијата не вршела увид и политичка контрола туку истрага со претходно подготвена пресуда, се прави обид за ревизија, за исправка на пропуштени дејствија од 1990 година што не е во делокруг на Комисијата но таа тоа може да си го дозволи зошто ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ е тоа да се актуализира и да се пресуди онака како што се. нуди во заклучокот по првата точка.

Сметам дека одговор на првото прашање што било предмет на увид - истрага на Комисијата нема и дека заклучокот е така непрецизно формулиран, па не се знае што е заклучок а што. е образложение, а што е повикување на законски прописи, и затоа барам овој дел од Извештајот со Заклучокот да се отфрли во целост, а како што нагласив во однос на тоа прашање секој може да поднесе кривична пријава до надлежниот. јавен обвинител или орган за внатрешни работи што е согласно Уставот на Републиката а она што се нуди во Извештајот не е во надлежност на Собранието односно Собранието нема право да се меша во судската односно извршната власт.

Во однос на второто прашање, постоењето на сомнение за формирање на паравоени формации на состанокот во Ресторантот "Сина Птица", Комисијата си поставила како основна задача да ги утврди причините за присуството на припадникот на МВР односно СДБ. Комисијата иако требало да изврши увид и да ги има пред себе позитивните прописи, Кривичниот закон, законските овластувања на СДБ, Законот за внатрешни работи и Законот за кривична постапка, се впушта веднаш во оценка и констатација дека претставникот на МВР активно учествувал во формирањето на паравоените формации и на присутните на состанокот им ветувал инкорпорирање во структурите на безбедноста на Републиката, а вака извлечената - оценка и констатација вградена во предложениот заклучок.

I/5

Паѓа в очи фактот дека за оваа точка во Извештајот не се користени документи туку видео лента, и дали се извршени разговори со граѓаните учесници во овој разговор нема сознание, дали се побарани нивни писмени изјави, документи од СДБ исто така нема сознанија. Се се сведува на еден извадок од видео лентата, што е недоволно да се извлечат релевантните показатели за настанот од 16 април 1992 година тоа придонесува за искривена слика на се она што се случувало на средбата во ресторантот "Сина Птица." Треба да се знае дека дел: од присутните на оваа средба на 24 јули во "Нова Македонија" 1992 година во “Нова Македонија”се произнесуваат за случката и наведуваат дека иницијативата за формирање на организацијата е прекината уште на почетокот, овде би требало да се каже дека присутните претставници на СДБ и АРМ ги запознале и .предупределе претставниците на Тајниот комитет на Македонската национална гарда на законските последици од формирањето на било каков облик на параврени формации како и дека нема потреба од формирање на ваква организација, а желбата да се земе учество во одбраната на земјата од евентуална агресија може да ја реализира секој граѓанин со пријава во резервниот состав на АРМ. Познато е дека Собранието во февруари 1992 година го донесе Законот за одбрана со што се поставија темелите на Одбраната во Републиката,а средбата во Кочани е во април 1992 година, што значи дека кажувањата на претставниците на МВР и АРМ се на место и мислам дека НИВНОТР присуства и нивните укажувања се главна причина што иде!ата за формирање на Македонска национална гарда од самите иницијатори е стопирана уште од почеток.

Во вториот дел од Заклучокот, Комисијата констатира дека претставникот на МВР ги има пречекорено своите уставни и законски овластувања, затоа што учествувал во формирање на паравоени формации и нивно инкорпорирање во структурата на безбедноста на Република Македонија, без притоа да се има предвид дека СДБ е должна да презема мерки и активности за откривање, следење и попречување

на активности насочени коп насилно загрозување или рушење на уставниот •поредок и безбедноста на Републиката, Се заборава да се посочи и тоа дека припадникот на МВР по барање на припадниците на т.н.."Таен комитет" присуствувал на тој состанок, а не треба да се пренабрегне фактот дека СДБ делува и ќе делува против секаков обид и активност за насилно рушење на уставниот поредок и безбедноста на Републиката. Дел .од присутните на состанокот во веќе споменатото писмо од 24 јули, објавено во весникот "Нова Македонија" недвосмислено ја потврдуваат вистината дека укажувањата, предупредувањата на претставниците на МВР и АРМ одиграле во најголема мера пресудна улога во откажувањето„ од идејата за формирање на Македонска национална гарда.

Немајќи други аргументи Комисијата со. четири гласа за од кои три гласа од пратеници на ВМРО-ДПМНЕ го усвојува ваквиот заклучок, заклучок кој не кореспондира во најголема мера со надлежностите на Комисијата, со фактичката состојба, туку е преточен став на Пратеничката група на. ВМРО-ДПМНЕ односно началните луѓе на оваа партија.

По третото прашање наводно прислушување на телефони што е предмет на разработка во Извештајот на Комисијата не е воопшто посочено кога и кој го издал налогот СДБ да постапи согласно важечките прописи, да примени посебни методи и средства односно не може од напишаното во Извештајот да се согледа дали е извршена контрола и прислушување на телефонот во седиштето на Партијата на ВМРО-ДПМНЕ.

Постои голема дилема доказниот материјал понуден од Партијата ВМРО-ДПМНЕ и материјалот што е понуден од СДБ, а заведен под исти евидентни броеви. Комисијата констатирала дека постои разлика во содржината на документите сепак со заклучокот ја негира оваа констатација и се нагласува дека сета работа . околу ова прашање не е извршено до крај поради сомнение за валидноста или невалидноста на таа документација.

Комисијата не направила никаков напор да образложи во кој временски период се одвива наводното прислушување, прописите кои важеле тогаш и кој носител на функција во МВР го издал налогот. Во Извештајот се изведуваат констатации и се нуди заклучок што се

базираат на документи кои само се споменуваат а истите се спорни, што е недоволно да се добие јасна слика, а со тоа и да се прифати понудениот заклучок во Извештајот.

Постапувањето на МВР односно на СДБ во овој случај била насочена кон откривање и попречување на активности што можеле да доведат до вовлекување на Република Македонија во војна и загрозување на нејзината сувереност, безбедност и територијален интегритет Дали во ваквите незаконски активности биле вмешани и членови или симпатизери на одредена партија е прашање што таа партија треба сама себе си да си го постави, а Комисијата требало да ги согледа сите релевантни показатели и резултатите што се постигнати од постапувањето на МВР односно СДБ и да донесе констатации врз основа на тоа и да понуди соодветен заклучок. Мислам дека сепак ова се една од многуте неуспешни политички презентации на дотичната политичка партија која се претвора во полициска партија и ги губи обележјата на една демократска партија,а би требало самата таа да си го повлече барањето врз основа на кои е изготвен овој цел извештај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, службите да обезбедат да дојде министерот за внатрешни работи.

Предлагам пауза.

(седницата прекина во 11 и 45 часот).

(По паузата седницата продолжи во 12,10 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

За збор се јави Иван Иванов.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Како член на Комисијата сакам да ги искажам моите видувања по Извештајот на Комисијата за контрола над работата на СДБ по барањето на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, што е и предмет на извештајот.

Најпрво, сакам да констатирам дека е добро што прашањата за работа на овие витални органи доаѓаат на расправа пред Собранието

со

Исто така, добро е што овие прашања, се запознава и пошироката македонска јавност.

Лично сметам дека тоа е еден придонес кон демократизација на нашето општество и можност за пошироко информирање за работа на Службата за државна безбедност.

Затоа, поставениот предлог односно иницијативата на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ што е предмет на оваа информација го сфатив во почетокот. како позитивен однос и затоа, во Комисијата гласав за неговото прифаќање, односно се залагав овој предмет да биде аргументирано и сериозно обработен, со сите чинителни состојби и прашања.

Исто така, сум убеден дека ваквата иницијатива и слични на оваа, во принцип имаат позитивен придонес за надминување на одредени остатоци од минатото, односно квалитетно подобрување на работата на службата и подигањето на чувството за одговорност на нејзините припадници.

Меѓутоа, морам да кажам по оваа иницијатива работата на Комисијата не се одвиваше во најдобар ред, а донесените наоди и заклучоци во име на Комисијата не  се донесени во согласност и учество на сите членови на Комисијата.

Сакам да истакнам дека уште во почетокот на работата на Комисијата по овие прашања дојде до разидување меѓу членовите на Комисијата, а подоцна и до изостанување на дел од членовите од работата на Комисијата, односно Комисијата не работеше во полн состав.

До разидувањата дојде од причини што во работата на Комисијата не беа почитувани усвоените заклучоци на Комисијата по прифаќањето на Предлогот да се расправа за ова прашање, а посебно од појавената голема доза на тесно партиски интереси, што дојдоа до израз во обработката на предметните прашања кај поедини членови на Комисијата.

За истакнување е фактот што во повеќе случаи работата на Комисијата беше доведена во својство на истражен орган, што според моите лични сознанија и укажувања на Комисијата не е во контекст на надлежностите на оваа комисија.

За лошата работа на Комисијата по овие прашања голем удел имаа и следниве фактори:

Законскиот вакум и недефинираноста на надлежностите на Комисијата во новонастанатите политички прилики, особено со донесувањето на новиот устав.

Недефиниран и изграден метод за начинот на работата на Комисијата по вакви осетливи, доста чувствителни и важни прашања.

II/3

Недефинираноста на задачата на Комисијата предизвикана од недоволната образложеност на предлогот од подносителот, односно од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и непрезентацијата на доказните материјали. Членовите на пратеничката група на ВМРО-ДП на многу, би рекол, перфиден начин настапуваа во долгата работа на Комисијата, која беше често со прекини и со презакажувања, а на Комисијата и беа етапно презентирани некои наводни документи што постепено ги црпеа од некои претставници на МВР. Дури наводни вакви документи беа презентирани и од оваа говорница во оваа расправа.

Морам да кажам, таквите наводни изворни документи не беа презентирани на Комисијата.

Интересно е да се спомнат и податоците, што веќе беше укажано, во поглед на структуралната партиска припадност на членовите на Комисијата, кое што исто така, јас мислам дека имаа влијание за еден таков одраз врз работата на Комисијата. Структуралниот состав на Комисијата е познат, а тоа се тројца пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, како подносители на предлогот, еден пратеник од ПДП, еден пратеник од СДС, еден пратеник од РСМ-ЛП еден пратеник од РСМ-ЛП и Социјалистичката партија на Македонија. Затоа ценам и се залагам додатно да се согледа партиската застапеност во оваа комисија како би била уште подобра ефикасноста на работата на оваа комисија во иднина.

Кога ова го кажувам сакам да го изнесам и фактот дека Комисијата во поранешниот период до доаѓањето на овој предлог, по мое лично сознание, работеше мошне успешно. Меѓутоа, земајќи предвид дека се работи за еден чувствителен предмет, мислам дека во овој дел, природно е да дојдат до израз и партиски- те припадности.

Исто така, би сакал да укажам дека евидентни се активностите и настојувањата од поедини средини и политички партии за политичко влијание врз работата на Министерството- за внатрешни работи и неговите служби, како и кај поедини припадници, што впрочем имавме можност и во работата на Комисијата и подоцна во тоа да се увериме.

За ова се користат повеќе форми и средства. Присутни се појави и напори за врзување на одредени припадници на МВР кон поедини политички партии, секако, сакајќи преку нив да се има што поголемо влијание врз работата на МВР.

Ценам дека поднесената иницијатива, работата на Комисијата и дел од изнесените дискусии во досегашната расправа одат во контекст на таквите напори за политичко влијание врз работата на МВР, а со тоа сакајќи Службата да ја доведат во функција на извршување на одредени сопствени задачи.

Ваквите активности и слични на нив, независно од која политичка партија тие доаѓаат, се штетни и како такви неприфатливи. Сето тоа има многу тешки последици по МВР,а секако и на вкупните состојби во РМ.

Поаѓајќи од потребата од обавување на поедини работи и функции од обласга и надлежностите на безбедноста на државата и зачувување на сигурноста и безбедноста на граѓаните, на нивниот имот, неопходно е потребно постоење на ваков државен орган. Впрочем вакви органи постојат и во секоја држава со развиен демократски систем. Такви органи се потребни и на РМ. Но, тие органи треба да бидат самостојни служби надвор од политичките влијание, со точно утврдени и разграничени надлежности и со обавување на ваквите надлежности, самостојно и во духот на уставните решенија, а на едно високо професионално ниво.

Непобитен е фактот дека денеска, во МВР се концентрирани значајни надлежности и активности, а ваквите надлежности даваат голема моќ на МВР и на неговото раководство. Ова нешто дава можност да биде користено во одредени прилики за разни влијанија. Впрочем, ова нешто се користеше во изминатиот историски развој на македонската држава.

Постојат потенцијални можности при сегашната моќна поставеност на МВР да биде користено од поедини политички партии и поединци за тесни интереси, на штета на државата и на граѓаните на РМ. Затоа се налага потребата од брза трансформација на МВР во духот на уставните решенија. Јавноста на РМ беше пошироко информирана со Предлог - концептот на пратеничката група на РСМ-ЛП за престројувањето на сегашното МВР и сегашната служба за државна безбедност.

Јас не би сакал да дадам поширока елаборација на овој концепт, бидејќи тој е веќе презентирана во јавноста. Јас би ги спомнал само следните битни прашања:

Работите од областа на државната безбедност треба да се пренесат на посебен орган, односно служба за државна безбедност и таа да се трансформира во посебен и самостоен орган;

Работите и надлежностите на финансиската контрола, стопанскиот криминалитет и другите дејства од стопанската дејност да поминат во надлежност на посебна цивилна служба;

Работите од јавната безбедност да бидат пренесени во надлежност на посебен орган кој може да носи име полиција или слично, односно да биде тој организиран на истите принципи и решенија што постојат во повеќе земји со развиена демократија.

Со вакви решенија верувам дека ќе ја зголемиме сигурноста и безбедноста на државата и сигурноста и безбедноста на граѓаните и нивниот имот. Истовремено ќе придонесеме за натамошна демократизација на односите во Република Македонија и доаѓање до вакви и слични состојби, како што е и предметот на расправа Извештајот на Комисијата. Верувам, за овие прашања наскоро ќе можеме да расправаме пред Собранието.

Исто така, сакам да ве замолам колеги пратеници, да обрнеме внимание и на нашите искажувања, да се воздржиме од навредливи зборови кон органите и нивните раководители, да го задржиме авторитетот на овие органи, бидејќи, како што реков, тоа се органи на оваа држава, а не на поедини партии. Тие се потребни на нашата држава и граѓаните на Република Македонија.

Уривањето на авторитетот на овие органи или ставањето во тесни партиски интереси знаеме каде ќе води. Додека пак за евентуалните сторени злоупотреби и пречекорени овластувања, доколку како такви постојат, да ги преземеме активностите согласно Уставот до надлежните органи, да ги покренеме соодветните постапки и да бараме енергичен однос кон окончувањето на таквите предмети.

За забелешките во надлежностите и поставеноста на МВР да покренеме постапка за надополнување на законската регулатива со давање на предлози за подобри и поуспешни решенија со што ќе се обезбеди поголема слобода и сигурност на нашите граѓани и во целина на нашата држава.

Верувам дека со ваков пристап ќе придонесеме за квалитетно расчистување и разрешување на присутните проблеми за кое е укажано во информацијата, а верувам дека и намерата ако беше и на

предлагачите да го тоа направиме, можеме да го сториме на еден ваков начин.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сакам сосема на кратко да се изјаснам за материјата што ја разгледуваме по оваа точка од дневниот ред и сосема на почетокот сакам да кажам две мои запазувања што имаат директно или индиректно, можеби и многу директна врска со целата проблематика што денеска и вчера ја разгледуваме.

Прво, мислам дека СДБ претставува сеуште институција која е обвиена со велот на тајноста и сосема свесен за зборот што го употребувам, потенцирам тајноста поголема од нормална во државата и за целокупното општество во РМ и за нас, како Парламент. Мислам дека треба многу брзо да преземеме активности за нормализација на односите помеѓу СДБ, државните органи, Република Македонија во целина итн.

Исто така, мислам дека е потребна трансформација на оваа служба, меѓутоа за разлика од многу кои дискутираа вчера, сметам дека таа трансформација треба да е контролирана од страна на највисоката извршна власт и од страна на парламентот. Треба да е обмислена и да се одвива институционално. Значи, таква една трансформација, а се надевам дека овие закони што следат во Парламентот,а во кои е опфатена и таа служба, ќе бидат во таа насока, затоа што сметам дека, доколку со напади врз таа служба од позиција да се распушти, од позиција да се уништи, од позиција да се отфрли како во бившите источни држави итн. ад-хок Македонија може да биде доведена во уште

понеповолна позиција, затоа што, кажувам мое лично мислење, кое не мора да е точно, претпоставувам дека Македонија, заради сите околности во овој момент е објект на набљудување и интерес на многу странски служби, најмалку на четири, на нашите соседни држави и заради тоа сметам дека таа служба мора многу - многу внимателно да се трансформира, да се контролира како не би се случило да останеме изрешетени, а нашата држава без соодветна заштита.

Второ, сум крајно разочаран и изненаден од фактот од оваа говорница се користат аргументи и изјави на високи службеници во СДБ кои се давани во партиска употреба. Конкретно употребата е од страна на Партијата која го повлекува, која бараше да се расправа за ова. И, уште повеќе зачудува што тој човек кој ги дава толку безобразно, ќе кажам, тие изјави и аргументи кои претставуваат државна тајна тоа го прави во штета и на партијата која од тука, со тие документи што ги издал тој од СДБ сака да наметне некаков триумфализам дека ги поседува документите кои се дадени од човек кој бил инфилтриран во таа служба како член на партијата и, наместо да се крие тоа, затоа што е во директна штета на партијата која се служи со такви методи, тој ист член се претвора во боксерска ракавица на соодветната партија и се истакнува како нешто многу добро во таа партија.

Сметам дека тоа е непримерен однос, прво, на висок службеник во СДБ и второ, на партијата која се служи со такви луѓе, а уште повеќе што таа партија, тие луѓе и ги наградува за покажаната непослушност кон државата РМ која го платила за да ги чува тајните, службени и ги издава државните тајни. Се наградува со тоа што се дава во секоја партија, кога некој се кандидира за пратеник, тоа е една од највисоките почести во партијата за тој човек

II/9

кандидат за пратеник со покажаната нелојалност кон државата Република Македонија и се наградува со тоа што се претвора во државен службеник во општината во која апсолутната власт ја има таа партија.

III/1.- НН-ВБ

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**: (продолжение)

Говорам за службата за државна безбедност, затоа што тој беше довчерашен нејзин член и отворено го поставувам прашањето се што може да се случува во Службата кога од неа преку такви луѓе во одредени партии се доставуваат документи не по повод на ова, туку по повод на сите работи кои можат да се случат и каква свест се гради и од Службата и од одредени партии кои инфилтрираат, наградуваат такви луѓе по прашањето за кого утре може да проработи тој истиот, дали за некоја партија регистрирана во Република Македонија или за некоја служба регистрирана надвор итн.,итн.

По тој повод во ова мое кратко обраќање сосема накратко ќе реплицирам со едно искажано мислеше од оваа говорница дека во државата Република Македонија постои уште една држава, тоа е Службата за државна безбедност. Реплицирам дека во таа втора држава СДБ во рамки на државата на Република Македонија очигледно постои и трета држава, институционализирана како ДПМНЕ. Значи во таа втора држава во оваа држава очигледно имаме уште една друга држава која незнам со какви цели работи.

Со оглед дека јас располагам само со информации кои ми се доставени официјално во овој Парламент, тоа се информациите од Владата, информациите или известувањата од Комисијата за контрола над Службата за СДБ, јас дозволете ми да говорам само со тоа што ние официјално доставено затоа што ниту имам ниту сакам да имам информации кои по сомнителни канали доспеваат до мене, затоа што мислам дека тоа не му користи на никого во оваа држава кога на таков начин се добиваат информации, туку само оние што се предмет на парламентарна расправа. Дозволете ми по тој повод да констатирам едно мое мислење, кое што не го изградив само врз основа на овие материјали, меѓутоа најмногу по повод на овие материјали, а тоа е

III/2.-

следново: без исклучок, повторувам без исклучок кога нешто во Република Македонија се случува во сферата на контакти со странски разузнавачки, контраразузнавачки и други странски служби, кога нешто е во врска со воени затегнатости, полициски проблеми, формирање на паравоени формации, тајни служби, завери, бомбашки акции, оружје итн. итн., секогаш во сите тие активности е вплеткана една партија и секогаш една иста партија. Тоа е моја констатација која ја влечам врз основа на се што се случува и врз основа на овие две и отворено се прашувам зошто еднаш не се случи во некакви такви скандали со странски служби, контраразузнавачки, разузнавачки, воени, паравоени формации, процеси, оружја, завери итн. да биде било која партија од овој парламент вплеткана, туку секогаш една иста партија...

(реагирање на господинот Митко Анастасовски).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тишина

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

И секогаш таа иста партија покушава своите проблеми во таа сфера да ги префрли врз органите на Република Македонија или врз останатите партии на Република Македонија. Она што се случува, врз основа на информации, очигледно е дека таа партија изградила и добри методи кои сака да ги имплементира и на органите на власта и за жал на СДС кога со сопствени членови, со сопствени органи превзема активности кои откако ќе се увиде дека ги извршиле своите цели настанува оградување дека тоа се исклучени членови, дека тоа не се членови, дека тие органи се распуштени итн., со што врвот на една пратеничка група или на една партија манипулира со целата партија. Со тоа се сака да се префрли, го зборувам ова во контекст на државните органи. Така да членовите кои се овде замешани се "Сина птица" се кажува дека веќе не се членови, дека се исклучени, нормално откако е завршена доверената задача за една партија дека органите кои тука се

спомнуваат во партијата без овластување тоа го направиле, се разбира откако ја завршиле работата итн.,итн.

Говорам органи затоа што во информацијата е кажано, ќе цитирам и која информација, за постапување на СДБ во случаи кога, кои беа предмет на расправа на Комисијата за контрола над работата на СДБ. Цитирам, "иницијатор за создавање','на официјалниот материјал, кој колку што гледам јас нема ознака на доверлива и затоа го цитирам "иницијатор за создавање на македонска национална гарда Љубо Јовановски од Брисел го запознал Стојмановски дека во рамки на активностите на задграничниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ формиран во септември 1991 година во Берлин Германија, на состанокот одржан на 4 јануари 1992 година во Хамбург Германија било одлучено задграничниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ да формира национална војска а Јовановски бил назначен за одговорен за формирање на војската и собирање финансиски средства. Со оглед дека е извештај во кој е напишано "задграничен комитет" за да не бидам неаргументиран, за мое лично информирање се информирав и каква е обврската на тој задграничен комитет и партијата која овде ни поставува дилеми во статутот на партијата испечатен, веројатно како реклама во весникот "Нова Македонија" минатата година, во член 13 пишува "делегати на Конгресот на партијата се претседатели на комитетите во земјата и странство", што значи дека овој задграничен комитет е официјален орган на партијата ВМРО-ДПМНЕ и како таков донел одлука, значи од тоа не може да се огради партијата во Македонија која има проблеми со тоа што во странство и се раководи, задграничниот комитет е официјална институција во таа партија која формирала национална војска и сега се покушава да се префрли на институциите во државата. Цитирам понатаму "за таа цел претседателот на задграничниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ Мане Јаковлевски од Берлин и секретарот Ристо Паргов од Брисел", потенцирам, цитирано "неколку наврати престојувале во

III/4.-

Бугарија каде воделе преговори со претставници на бугарската армија за добивање на воена помош на Македонија во остварување на самостојноста", многу чудно, значи вон од државните органи се бара воена помош за Македонија и продолжува цитатот "во разговорите што се водени со бугарски генерал кој се декларирал како македонски бугарин им била понудена директна помош од 10 илјади специјално обучени војници за дејствување во Македонија", кои за меѓународна јавност биле македонско - бугарски доброволци од Бугарија. Со ова го поткрепувам тоа што го кажав на почетокот дека таа иста партија секогаш е замешана таму каде што има нешто опасно по Македонија.

За да биде во сферата на антимакедонското делување ќе цитирам од истиот извештај на овие контакти присуствувал Методија Димов од Брисел, долгогодишен близок соработник на Ванчо Михајлов кој ја воспоставил врската помеѓу задграничниот комитет и бугарските тајни служби". Значи, врската што кажува со ова се потенцира.

Со оглед дека се обвинува овде официјалниот орган на Република Македонија за формирање на паравоени формации што е заклучок на Комисијата за контрола над СДБ ќе цитирам еден друг дел од истиот извештај во кој стои сосема спротивно, со оглед дека се служам само со тие информации, ќе ми дозволите и врз основа на нив да расудувам. Оние кои ни покажуваат документи би било добро да ги умножат и да ни ги достават за да можеме и врз основа на нив да расудуваме и по тој повод го замолувам претседателот на Собранието отсега кога некој покажува документи како доказ со сопствената дискусија истиот документ да го приложи во записникот и да ни биде достапен на сите фотокопиран, затоа што може секој од нас да најде било каков искуцан лист да го покаже и да рече еве доказ дека тој и тој направил тоа и да си го спакува. Тоа е деловнички кога документ кој се употребува се дава во записник.

III/5.-

Активностите за формирање на македонската национална гарда биле во Струмица и формално, значи не неформално, туку формално таа е формирана на состанок на Секцијата на ВМРО-ДПМНЕ во Струмица. Припадниците на МНГ, Македонската национална гарда биле членови на ВМРО-ДПМНЕ, без разлика што партијата се оградува после од нив, без разлика што може да ги исклучува членовите и да манипулира со нив факт е дека дејствијата за формирање на паравоени формации се на некој начин поврзани со оваа партија или пратеничка група и не можеме да одбегнеме од фактот дека виновниците не можат да се бараат само на една страна како црно-бела ситуација, туку се поткрепува и оваа моја теза како што кажав овде, паравоени формации во Македонија се проблематични и секогаш една и иста партија по незнам кој пат е сплеткана. Со оглед дека тука се оградувате и од оние личности кои се директно вплеткани и кажувате дека тие по наредба на органите за внатрешни работи во Македонија го правеле тоа јас ќе цитирам уште еден дел кој ми служи мене како аргумент "во согласност со барање е извршено снимање на средбата во "Сина птица". Копие од материјалот е отстапен на Љубо Јовановски од Брисел за кој стои дека е член на висок орган на партијата задграничен комитет кој по враќање во Белгија ја презентирал на членовите на задграничниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ. Неколку дена по неговото враќа* во Белгија кај него дома престојувале претседателот на ВМРО-ДПМНЕ и генералниот секретар на ВМРО-ДПМНЕ каде им бил прикажан снимениот материјал."Значи дека очигледно врската на партијата повторно се воспоставува со овие неколку проблематични тези во извештајот на Службата за контрола на СДБ односно Комисијата за контрола на СДБ. Врз основа на тоа извлекувам заклучок дека партијата која за жал за турка Македонија во такви активности и пратеничката група, со оглед дека расправаме овде за материјал во кој партијата ги обвинува сите други освен себе си

извлекувам заклучок дека од сопствените активности се оградувате со тоа што вршите исклучувања, прогони и обвинувања на сопствените членови и органи. Прво на сопствениот потпретседател под обвинение работел за странска служба, потоа почесниот претседател на вашата партија дека работи за службата во Македонија, после за член на задграничниот комитет кој работел исто така за некаква тајна служба во Македонија. јас се плашам дека на крај ќе завршите со еден член а сите други работат за некого. Впечатокот е дека партијата со сите тие членови кои работат па се исклучувани итн., е многу истурена на позициите кои ги наведов, а се опасни во Република Македонија.

Конечно, мојот заклучок е дека целиот овој материјал партијата која ја иницира расправата се впушта во активности кои не се во нејзин домен и се од антиуставен карактер а со тоа ги обвинува сите други субјекти во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурална забелешка сака да даде господин Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, и како пратеник и како потпретседател на таа комисија морам да реагирам затоа што господинот Никола Поповски овде на перфиден начин проба информацијата од Министерството за внатрешни работи односно Владата на Република Македонија да ја прикаже како извештај на Комисијата за контрола над работата на СДБ.- Стенограмите се тука повелете ќе видите дека цело време велите дека имало контрадикторности итн. Ова вие што го читавте тоа е информацијата од Министерството за внатрешни работи, односно Владата на РМ. За да им биде појасно и на читателите и на пратениците и на јавноста.

III/7.-

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Немаше да реагирам доколку претходно не беше изнесена теза која што генерално не сакам да ја оценувам, ни да ја оспорувам но во делот кој што се однесува за мене сакам да коментирам.

Беше кажано дека во пракса се случува нешто што се прави против Македонија, го поедноставувам сето тоа за потоа партијата да се откажува од тие што работеле против Македонија за да се заштити сама себе. Во таков контекст ако беше искажано моето учество како потпретседател и она што се случи во Велес сакам остро да реагирам и ги отфрлам сите инсинуации. Апсолутно со чиста совест можам да кажам дека тоа не може да биде вистина и тогаш е само злонамерно, паушално, неаргументирано обвинување и сметам дека ќе следи дообраснување.

Исто така сакам да кажам дека сум спремен да поднесам одговорност и нормално со шанса да се бранам за секој настан што се случил во ВМРО-ДПМНЕ кога јас сум бил потпретседател, оние 6 месеци до завршување на првите избори, во случајот во Велес. Се друго што се случува потоа тоа си е работа на таа партија и јас ниту можам да зборувам во име на таа партија, ниту може некој мене да ме обвинува за тоа што се случувало во меѓувреме без оглед на тоа дали за тоа постојат аргументи или не.

БИ сакал за јавноста, бидејќи ова се пренесува господинот Поповски...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам зборувајте за Парламентот.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Да дообјасни дали има обвинување против мене дека сум во склоп на таквата теза или тоа е една непрецизност во изјаснувањето

III/8.-

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Под број 1 за ова што беше под број 2 јас таму каде што мислев дека има такви активности ги цитирав по име и презиме од Извештајот, а другото го наведов иронизирајќи дека партијата има такви методи на работа кои што не овозможуваат демократија и за тоа ги обвинува другите. И врз основа на тоа што партијата го кажа во средствата за јавно информирање.

Второ, за она под број 1 да се разбереме. Јас немам никакви доверливи луѓе во СДБ кои ми даваат мене било какви информации противзаконски. Јас имам само она што ми е достапно како информација на два официјални органа на оваа држава. Еден од Комисијата за контрола и еден е Владата на Република Македонија, кои имаат доставено две информации. Ако на некој му е многу тешко да проследи што јас зборувам тоа е негов личен проблем и тоа мене воопшто не ме интересира. Јас точно наведов која информација ја цитирам. Ако на некого во информацијата двапати му се спомнува зборот СДБ, трипати контрола и двапати безбедност, тоа му се измеша во глава и не знае што е цитирано тоа е проблем на негова перцепција што говорникот овде говори и затоа ги отфрлам сите инсинуации на тоа поле, а јас ќе кажам повторно со оглед дека немам никакви други информации врска, туку со она што официјално како членови на Парламентот ми е доставено ќе дозволите дека можам да ги користам и едната и другата, тоа ако не е во корист на некој што овде се буни, затоа што тој што си ги користи едните видови на информација само за нив зборува а јас зборувам за двата вида. Сакав да укажам, на тоа дека цел ден се зборува од една страна, меѓутоа, тука има очигледно и многу други информации кои никој не ги потенцира ниту ги кажува. Јас тие информации ги потенцирав и кажав дека врз основа на сето тоа заклучувам дека една партија која сите други ги обвини, партии, влади, претседател на држава, служби итн. очигледно

дека само таа е вплеткана во се, а сите други се обвинети. Тоа ми беше намерата и очигледно успеал тој што говорел да го докаже тоа.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Всушност почитувани пратеници токму за можноста за перцепција во зависност од големината на мозочните клетки односно очите, еве зошто. Затоа што Владата нема извештај а вие цело време цитирате извештај, извештај. Извештај има Комисијата за контрола над СДБ, а Владата односно Министерството има информација. Информација и извештај се два различити поима. Во тоа е суштината и затоа треба да кажете по информацијата на Владата и да читате, а не да кажете по извештајот, а извештајот е на Комисијата. Во тоа е можноста за перцепција и разликување на зборовите информација и извештај.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, точно излегов за една деловничка интервенција што овде се искажа дека се расправа по извештај на ВМРО-ДПМНЕ. Мислам дека е апсолутно невистина. Расправаме по извештај на Комисијата за контрола над СДБ. Тоа значи расправаме по извештај на едно собраниско тело. Мислам дека ова треба да биде јасно заради вистината а впрочем и во расправата по дневниот ред точно го носи овој наслов "Извештај на Комисијата". Ова е првото.

Второ, сакам да укажам дека претседателот Андов требаше да скрене внимание на господинот Поповски бидејќи го употреби терминот ВМРО без ДПМНЕ. Јас може да подразберам дека на еден наш пратеник кој што е во години како што е господинот Митко Анастасовски понекога му се поткрадува,не може да се сети како се вика партијата на која припаѓа господинот Поповски, но за господинот Поповски да не знае

дека ВМРО-ДПМНЕ седи во овие клупи тоа треба да го загрижува и тоа е една голема заборавност.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Знам јас убаво кое е името на партијата ваша, не се секирајте вие. Ако толку сакате да се расправате за тоа кој памти имиња јас идната, си зимам обврска неофицијална, ама лична ќе ви доставам стенограми од ова Собрание кое без исклучок ниеден член од вашата парламентарна група не го познава името на мојата партија. Тоа се проблеми кои вие можете. Секоја дискусија по три четири имиња употребувате веројатно затоа што и вие сопствени проблеми имате со таа работа. Тоа е по однос на забелешката кој како употребува имиња.

Инаку да кажам отворено вие за мене сте ДПМНЕ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За интервенција сите може да добиете збор. Само тоа е кратко, се разбира и брзо во рамките на деловничка интервенција.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Не се секирајте.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не се секирам туку ќе интервенирам.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Не се секирај има за што да се секираш подоцна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема, нема. (Во салата гласови на довикуваше и смеење)

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

ас незнам како да почнам и како да завршам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Е, па тогаш седнете си.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Пред да почнам ќе завршам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Седнете си и сконцентрирајте се и дојдете.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Како може еден човек да ги има сите материјали од Службата за државна безбедност, а не е запознат. Зар толку сме ние неразбрани и не сфаќаме во што е работата. Господа, и државната сигурност, за полиција се оградувам, бидејќи има млади тие сите се ваши.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, а тоа вие во дискусија ќе си го кажете, ќе си добиете збор и ќе си го кажете.

Има збор господинот Хамид Алиу.

IV/2

Седнете господине Анастасовски, не се заканувајте на луѓето. Седнете си. Ај ве молам сега чекајте малку господин Поповски сака некоја процедурална забелешка.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас ги потсетувам пратениците, дека цитирав, тоа што некој не ги чита материјалите, негов личен проблем е, јас ги читам. Овде пишува Информација за постапување на СДБ во случаите кои беа предмет на расправа на Комисијата за контрола на СДБ, се што цитирав е во таа Информација. Тој што прв пат ги слуша, незнам како учествуваше во расправата вчера, а врз основа на тие другите информации.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Алиу.

**ХАМИД АЛИУ:**

Дами и господа, ценето Претседателство, правната држава би била нецелосна доколку не го разгледување поимот владеење на правот< Ова е типична англиска форма. Во конкретниот случај полицијата до вчера беше табу-тема па како таква не можеше да биде предмет на јавното мислење. Се потпираше главно на стереотипни предрасуди, народно речено бајати вредносни судови. Во минатото поимот безбедност бил синоним за потребна физичка сила и репресија за безбедноста на државата. А безбедноста се дефинира како функција на организација и состојба односно безбедност на луѓето, на нивниот живот,здравје или заштита на човековата средина. Меѓутоа, и во демократскиот систем колку да се обидуваме да го достигнеме идеалот на слободата, сепак не може да се исклучи амбицијата, алчноста, агресивноста или лутината како агрегати на заканувачко однесување. Во таа смисла злосторството и насилството опстојуваат зашто моралната свест ни се протега на секој поединец.

Деликтите од секаков вид, од обична кражба до убиство бараат закон и одреден систем на примена на истите. Присилност, спроведувајќи ги законите, полицијата не пријде кон самите принципи и начела. Сосем; нормално реагираат граѓаните кога ефикасноста на полицијата е за смет ка на репресијата. Во демократска Европа, денес, човековите слободи и права се оценуваат токму според степенот на репресија застапен во правниот систем. Репутацијата на полицијата се зависи од профилот на овластени службеници во полицијата, нивната умешност на избор на методи и средства за дејствување. На коренити општествени реформи, кога сите бараат и трагаат да си го најдат своето место во демократ- ската држава, се чини дека полицијата не сака да го прави истото, а тоа да го плаќаат во најскапа цена граѓаните. Во овој контекст баш никаква промена немаме во полицијата. Истиот кадар, само нов министер и заменик, истите методи и ист начин на работа. Па, господа да се потсетиме, па истата полиција пред три години беше во Косово и знаеме како се однесуваше таму. Истите господа кои повикуваат на сослушување и малтретирање на албанците, поконкретно на партиските активисти кои работат надвор од Македонија, отвораат досиеја и ден денеска. Истите вчерашни и денешни полицајци ги плашат луѓето дека можат да убиваат а за тоа само може работното место да им се промени. А истата полиција не може да го пронајде сторителот на убиствата за невините луѓе.

Изненаден сум кога министерот, ако е точно ова, затоа сум изненаден од извештајот и информацијата на Владата ако е точно дека има од ова Министерство луѓе кои се уште и ден денеска на таа работа а биле во "Сина Птица" зашто досега се во работен однос,а од друга страна, дали во полиција само за македонскиот народ. И трето дали нема оваа институција двоен аршин. Што би било кога тоа би го

направила другата страна односно ако не е македонец и кои се тие одредби на Законот на кои ќе се повикува ова Министерство.

За нас албанците растурањето на летоци и прислушувањето на телефон е нормално и традиционално бидејќи 50 години ние сме добиле во овој аспект имунитет. Баш е уметност да бидеш албанец со таква полиција. На крајот не е потребно да ги прислушува албанските партии или да отвора досиеја, бидејќи се што работиме и зборуваме од оваа говорница ви го кажуваме.

(Се јавуваат повеќе пратеници од опозицијата, од Партијата на ВМРО-ДПМНЕ за реплика)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не сте прозвани, само Партијата е спомната. Седнете си.

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ќе се потрудам да бидам многу краток нема да се задржувам, нема да зборувам некакви демагогии како што претходно некој за жал, пратеници ги слушнав. Исклучиво ќе се повикам повторно на аргументирани работи. Само на аргументи- рани работи, ако ми дозволите, јас како што реков овде пред малку кај е шуто, некој сака да боде. Лажните тврдења мора да излезат на површина. Оној што сака некого да убие, а со лажни докази и тој што сака да се одбрани со вистинити докази, тогаш испаѓа оној вториот виновен. Затоа сега јас ќе се потрудам да ви објаснам. Ќе се повикам баш на таа информација на Владата. Таа е тука пред мене, на која што се повикуваа претходните дискутанти, а каде што стои прво ќе одам дека по одржаниот состанок, за резултати од истиот генералот Арсовски телефонски на 21 односно во 20.00 часот на 14 април 1992 година, бил информиран од полковникот

Стоимановски. Тоа се повикувате вие на оваа информација. И давам одговор. На 22 април 1992 година, му е испратен снимениот материјал,а револверот и камата врз кои е полагана заклетвата се предадени на Ристо Ристевски, началник на УДБА на АРМ, за да на 25.1^.1992 година, заедно со Стоимановски, му ги предадат на генералот Арсовски. Господа тоа е извештајот на Владата, кој што сите го имаме. Не сум го напишал јас тоа. Сега ќе одиме понатаму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама вие имате повеќе да кажувате.

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:**

Не, не, само на ова да одговорам. Морам да одговорам. Морам зашто цело време лажни работи се тврдат. Јас ќе спомнам дека во "Нова Македонија" од 8 јануари 1993 година е објавен демант од Ристовски во кој се негира ова лажно тврдење на МВР и Владата, и вели следното - Ристовски во тој период не бил началник на Управа за безбедност. Во случајот бил запознат подоцна како и другите старешини. Тука не сакам да се навраќам.

Сега ќе се повикам господа пратеници на ваши документи, повторно. Овде пред мене имам, ете па дошло некако до моите раце иако беше спомната тука некоја личност дека бил награден за пратеник дека тој ги дал тие документи. Јас тоа и со ова сега ќе го негирам, зашто имаме ние многу посвежи документи и сеуште ги имаме и ги добиваме и ден денеска од вашите редови. (Реакции) Да,добро и обично ќе биде дека вие диктатура наметнувате, ние со диктатура ќе ви одговараме Јас сакам да кажам, ова е цитат од, цитирам, од дел од излагањето во Владата господа, од стенограми од Владата. Јас сакам да кажам

односно тоа е Трајан Гоцевски, бившиот министер, односно јас сакам да кажам една работа зошто тоа го објаснувам, имено Службата за безбедност при Генералштабот,наш сега бидејќи сигурно следната точка, ние прифативме една друга работа, тоа ќе биде службата при Министерството за одбрана е формирана на 24 април 19 92 година. Тоа значи нешто после овој состанок господа. И сега се поставува прашањето како може Владата да даде еден ваков извештај, еден човек кој што дотогаш бил службеник на КОС, а сега сеуште не формирана АРМ односно таа служба во АРМ, тој да даде некому извештај некому во АРМ. Сосема спротивно нешто. Според тоа значи полковникот Драган Стојмановски во тоа време не бил поставен на никаква должност во АРМ. Тоа се има предвид. Тој си одел таму во договор со претставници од МВР. Господа ова е Ваш документ. Не е наш.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, мина времето.

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:**

Само сакам малку и на господинот Фрчковски да му кажам лично он што кажал исто во тие документи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Заврши репликата, а после ќе си земете збор и ќе му кажете.

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:**

Да господа, тука исто така стои на другиот дотичен министер, неговите лични зборови како се пазари за оваа афера да прекине.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само ве молам, имам јас една патемна процедурална забелешка. Господинот Змејковски овде вели дека има најтазе, најсвежи документи

од Службата за државна безбедност. Јас како претседател на Парламентот имам Извештај од Комисијата и Информација од Владата, друг документ немам. Па за кого работи таа Служба, дали за господинот Змејковски или за државата? (реагирање на пратениците од опозицијата). Навистина, тоа едно сериозно прашање.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

За да се отстранат дилемите, упорно, вчера слушавме такви приказни, јас предлагам официјално , сите тие документи да ги видиме овде и така постои деловничка обврска да се дадат кон записникот. Само тоа да се реализира до крај и да ги видиме сите документи кои беа претходно образложени дека се слушаат не знам колку луѓе, дека тие ги имаат некои господа. Затоа да ги видиме на записник овде, дилемите ќе се расчистат. Тоа е единствениот начин

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Неим Селмани.

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

Дами и господа мислам дека и на вчерашната седница на овој Парламент од каде што граѓаните најмногу очекуваат. Навистина овде да се расправа за точката што е на дневен ред, за жал и во сите времиња, кога оваа Служба била ставена на дневен ред, мислам и во другите времиња, Службата која што е на дневен ред успешно успеала прво да ги разбие тие кој што треба прво неа да ја осудат и ние сега да се расправаме овде, вака да правиме меѓу партиски маркетинг, да откачиме тоа што е на дневен ред, мислам и за тоа што сме дојдени тука.

IV/8

Без сомнение дека Министерството, односно Министерството за внатрешни работи на една држава е најосетлива служба во било која држава. Според тоа и во оваа држава. И покрај тоа што сите власти сакале да ги имаат во своите раце, во практиката тешко се спроведувало. Оваа Служба посебно била проблематична во сите бивши социјалистички земји, како и во бивша Југославија, односно во Македонија. Тоа што било, било, а сега треба да имаме сосема нови односи, помеѓу оваа Служба, односно Министерството и граѓаните на оваа држава, бидејќи оваа Служба е во функција на граѓаните и така треба да биде. Односот на оваа служба во минатото и сега најмногу го осетија Албанците на својата кожа, а во последно време полека но сигурно го осеќаат и другите граѓани и другите националности, но, во правото се вели жалбата не е благовремена.

Јас лично имам свој став спрема ова Министерството, како и спрема министерот кој што го покрива ова Министерство, а тоа е господинот Љубомир Фрчковски. По однос на Министерството знам, недај господ, знам дека во сите служби се мрда нешто напред во позитивна смисла, а ова па никако не оди. И порано се направија некакви напори, да се навлезе внатре во оваа служба, меѓутоа, без успех. Постојано вратите на оваа служба биле затворени за поширoката јавност. Еден од тие посериозни напори за да се навлезе внатре е да се увидат состојбите, се направи во минатото 1966 година на пленум, меѓутоа не се добија некои позитивни резултати. Кога се има предвид дека сегашната служба во Република Македонија е континуитет на досегашната бивша служба на Југославија, се ми е јасно како е таму. Јас во сето тоа верувам, како да ги убедиме другите.

IV/9

Јас лично мислам дека мора да имаме поинаков приод за оваа доста сложена и сериозна проблематика на државата. Прво мора да се навлезе во Службата, внатре, таму, а не овде во Парламентот. Прашање е кој може да навлезе и како може да навлезе. Кој е основниот клуч за да се отвори та,а врата и откога ќе се отвори да се влезе внатре, што треба да се направи за да се разбијат, ако можам така да се изразам, тие просто речено, орди, оти јас сум така настроен за тие служби отсекогаш, така мислам и денеска, а за тоа мислам дека има и аргументи, а имајќи го предвид нивниот однос спрема граѓаните, а посебно спрема националностите во минатото. И покрај тоа што некој упорно се обидува и настојува, сака да не убеди дека не е така, дека ги има сите конци во,своите раце како раководител на оваа служба, јас тврдам дека не е тоа така. Тоа се гледа од односи- те што постојано ги имаме во таа служба по доаѓањето на новиот министер Заправо и тука лежи одговорноста на,министерот; и покрај тоа што тој сака да не увери, меѓутоа, кој да му верува во тоа. Зашто јас тврдам дека и тој самиот не знае што се случува во таа служба. После сите настани што се случија во овој временски период, тој не најде за згодно, барам, ако не нешто друго, благовремено да не извести, да не информира за настаните. Тој тоа не го направи од причини што според концепцијата на другите кој што не се тука во Парламентот.

Кога е во прашање личната одговорност на министерот за внатрешни работи, мислам дека тој е одговорен и понатаму. Мислам дека тој е одговорен, меѓутоа, не сум за ваков начин на одговорност. Поединечно, тука, пак повторувам треба да се влезе внатре и да се увидат целокупните состојби, инаку без тоа не правиме ништо. Ќе го смениме министерот, а ќе имаме исти односи,исти состојби. Јас сум за генерален приод на сменување, па затоа предлагам да се формира една

работна група на овој Парламент, па потоа ;ќе видиме колвка е одговорноста на министерот и на другите во- таа служба, кој што сметам дека е одговорен за се што се случува во практиката. Мислам дека извештајот што денеска е на дневен ред и за кој што расправаме,по Иницијативата ^а Партијата ВМРО-ДПМНЕ, тоа нека послужи како повод, меѓутоа, само еден пример да ви кажам дека во Гостивар имаме Служба за државна безбедност која што со ништо не се афирмира и тоа да не го повторувам овде зашто тоа во овој Парламент стана како рефрен кој го повторуваме, не можат да бидат луѓе кој што навистина не уживаат никаков авторитет во општината. И покрај тоа што освен зборовите национализам, сепаратизам, канибализам и незнам уште што друго и од тепањето на луѓето со ништо друго не се афирмираа. Без тоа граѓаните да видат дека има сериозни измени во тие служби не може ни министерот ни било кој друг нас да не уверува дека имаме нови состојби, туку напротив, треба да се влезе таму внатре и генерално да се види се она што не чини, инаку народот вели дека нова куќа се прави со нови цигли. Ние во овој момент немаме нови цигли туку мораме од тие цигли што ги имаме нешто да избереме и да направиме една подобра куќа од таа што беше вчера. Меѓутоа, индикации дека можеме во иднина да имаме такви односи е тешко. А еве денеска јас ќе повторам наместо да расправаме за она што е на дневен ред ние овде правиме партиски надмудрувања. Значи, внатрешни е повторно овде внатре меѓу нас во Парламентот кое што успешно му оди под рака да не искара меѓу себе и да ја избегнеме вистината и да расправаме она што е на дневен ред.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувани потпретседатели и почитувани колеги пратеници, не бев пријавен за дискусија, можеби е настанато некое недоразбирање но должност ми е да ја искористам оваа прилика и да подвлечам нешто во врска со оваа точка.

Како може да го оправда овој Парламент, го поставувам вака прашањето, во ресторанот Сина Птица одат одговорни луѓе за да ги откријат или задоткријат, јас незнам како, важно да се преземат превентивни мерки. Во истата ситуација за дел дека во село Радолиште има муниција или оружје,

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ова Господине е под друга точка.

**ОЛОМАН СУЛЕМАНИ:**

Дозволете малку претседателе, завршувам, а таму се превземаат репресивни мерки. Дали се работи со ист аршин од ситото Министерство?

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, самата расправа по оваа точка јасно покажува дека во СДБ бездруго треба нешто да се промени. Ние не можеме да одиме без трансформација на оваа служба, напред . Истите луѓе кој што до вчера грчевито се бореа за опстанок на Југославија, истите се тука, а се поставува прашањето дали сега истите можат и понатаму да работат на тие места и за опстанок на оваа Република Ова го велам затоа што лично имам впечаток и тоа токму од оваа служба се превземаат одредени непотребни дејствија што не се во интерес на Републиката. Таков случај имавме покрај другите и претепувањето на

затворениците во затворот "Шуто Оризари", претежно и тоа комплетно албанци. Што презеде во овој случај МВР, ништо не знаеме меѓутоа претпоставувам како и обично дека и оваа служба ќе го цени случајот како оправдан и дека тие секогаш се во право. Оваа служба место на прв план да се ангажира на надворешните проблеми одредени луѓе на оваа служба да иницираат одредени дејствија за кои реално не постојат.

Што се однесува до материјалите кој што се врзани со точката на дневен ред имаме две состојби. Едната состојба каде што имаме заклучоци односно оценки на Владата односно Министерството и другата на Комисијата за работата на СДБ. Во тој случај за да не би оделе - до бескрајност потребно истите да се стават на гласање пред пратениците за да не би отишле до таа крајност за да не дојдеме во ситуација да формираме:една супер комисија за работата на таа комисија или т.н.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници, мене дури сега ми е јасно зашто во македонската полиција нема албанци. Кога албаниците во таа полиција би биле многупобројни и тоа не на улица, тука на тие клучни места каде што вие ги земате тие тајни материјали и јас денеска би излегол со еден таен материјал како се прислушува партијата ПДП или одговорните. Меѓутоа, должноста на Комисијата која е испитуваше работата на СДБ била да констатира дека" прислушувањето не се вршело само во однос на една партија туку и во однос на можеби сите партии, а особено ПДП или НДП. Оти, за мене е крајно не корисно да ми се каже во ходник дека ете имаме доказ дека и ПДП се прислушува, кога членовите на таа Комисија не ни ги доставиле таквите докази, со цел ние да се убедиме со сопствени очи, и ако јас сум убеден дека албанците не сега затоа што

имаат нивни партии туку и половина век се прислушуваат, не само од полицијата, се прислушувале и од Централниот комитет и од Општинскиот комитет и од месните заедници, тоа за нас не е некоја посебна загриженост затоа што сме се научиле да бидеме постојано предмет на преслушување. Меѓутоа, мене сега нешто ме загрижува, а и имам еден апел и до министерот за внатрешни работи ако е тоа така како што имавме ние можност овие два дена да гледаме дека одредени членови од одредена партија поседуваат тајни материјали и тука ги покажуваат и дека секојдневно такви тајни материјали било да е на штета и на ПДП и на ВМРО, (реакција на дел од пратениците во салата) ВМРО-ДПМНЕ бидејќи не заслужувате вие да бидете ВМРО, јас се извинувам, ВМРО-ДПМНЕ, не ВМРО.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Тоа е друго прашање, Ве молам тишина.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Ако е тоа така, дека од тоа министерство можат да се земат секој час или секоја минута тајни документи и да се покажуваат тука тогаш тоа е јасно дека на министерот не му е местото во тоа Министерство, дека не го контролира министерството. Ако е тоа така ова ми најсериозна забелешка.

За мене материјалот што е презентиран како извештај на Комисијата за работата на СДБ е неприфатлив, тотално не прифатлив исто толку колку што е неприфатлива и информацијата на Владата. Бидејќи и едниот материјал и другиот материјал немаат валидни аргументи за она што го велат тоа таму. Целата јавност во Македонија веќе една година знае дека во Македонија постоеше и се уште постои, ако тоа се сака да се крие македонска национална гарда, дека таа гарда

е формирана од активисти, членови на одредена политичка партија. Дека, меѓу активните луѓе кој зеле учество во формирањето на таква Македонска национална Гарда се и членови на ова Министерство тоа е јасно.' Само децата можат да се излажат дека Добре Величковски во Сина Птица бил да ја игра улогата на детето, бев таму , ама бев1 да ги откријам. Јасна е определбата за време на покојниот Мијалков полицијата имаше тенденцијата да биде македонска национална војска ние сме сведоци дека тој министер со тенкови му се закануваше на овој народ низ улица "дека: прети опасност од Србија", а за жал бидејќи тој ден јас имав можност да прошетам низ цела Македонија тие тенкови биле против албанците, не против Србија затоа што биле инсталирани само за западна Македонија и; во местата каде претежно имаше албанско население. И ова требаше таа комисија да го истакне штом некој дал власт за таа комисија.;

Второ,мене ми изгледа неприфатлива рамнодушноста на Министерството за внатрешни работи околу некои немили работи што се одвиваат во Република Македонија. Имено, имавме можност да гледаме не само ние во Македонија туку и цел свет тоа имаше можност да го гледа, дека во одреден град еден извесен господин Црномаров формираше Паравоена формација. Немаме контра извештај што стори досега МВР. Паравоена формација со комплет муниција и пушки и пукање во воздух, а за нешто полесна состојба која беше прикажана во село Радолишта Струшко имавме брутална интервенција на повеќе од илјада до заби наоружани македонски полицајци. Тоа значи дека во МВР, ова е мој впечаток и моја аргументација, голем дел на вработени во тоа Министерство се или симпатизери или членови на ВМРО- ДПМНЕ и сега тие мачат мака затоа што не можат нивната стратегија и идеологија да ја спроведуваат со еден министер кој можеби делумно не се сложува со

нив, но делумно и се сложува со нив, затоа што ние немаме конкретни акции против сторителите на такви против народни злодела.

Јас не би сакал да се занимавам со проблемот на фрлање на летоци на бугарски јазик затоа што тоа ми>е сосема јасно, единствено симпатизерите на Бугарија можат такви летоци да фрлат, тие нека се препознаваат меѓу себе, а ми изгледа дека е тука лицемерство да се цитира дека, ете во тој склоп на акции против една одредена политичка партија бил вклучен и господин Митре Арсовски кога веќе цела јавност во Македонија знае дека Митре Арсовски на еден или друг начин, бил љубител или член на МААК и дека на одреден собир тој се залагал за формирање на македонска национална војска и со таа цел тој патуваше/ во Канада. И сега некој него сака да го рехабилитира дека и тој можеби сега стана жртва на некој систем, но непобитен факт е дека тој таков и бил.

Затоа јас мислам дека неопходна е трансформација на СДБ и на целото Министерство. Тоа што целото министерство не даваше одговор досега за некои познати афери во Македонија, конкретно за аферата на купување оружје од Република Бугарија. Имено, само Министерството за народна одбрана тоа го демантираше, дека тоа го нема сторено, меѓутоа јас тоа како демант го прифаќам, меѓутоа овие заштитни комитети тоа досега не го демантирале и фактот што Владата на Република Бугарија падна поради оваа афера на продавање на оружје на Република Македонија зборува дека во Република Македонија се уште има паравоени формации во вид на македонска национална гарда од ВМРО-ДПМНЕ чија цел е да се бори против постоењето на сите други народи во Република Македонија.

VI6.-

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, по се изгледа дека во мојата дискусија за некој работи ќе се повторам, меѓутоа ќе ги кажам оти, тоа се истовремено и мои гледања. Расправајќи овие два дена по извештајот на работата на комисијата за контрола над работата на СДБ и информацијата доставена од страна на Владата, материјали кои што со внимание ги прочитав можам да кажам дека според моја оценка се работи за два материјали кој со мали исклучоци се спротивни еден на друг. По мене по се изгледа вистината е некаде на друго место.

Моја оценка е дека во планираните реформи во државата во сите области па и во реформриањето на министерствата не се остварува согласно потребите што ги поставуваат современите демократски процеси. Ние во нашите определби во начело се сложивме да развиваме демократско општество, да ја развиваме демократијата. На овој план постигнавме одредени резултати кои пак од друга страна не ги задоволуваат потребите на нашето Собрание. Она што го постигнавме како што вели народот претставува извесен чекор напред, но не и доволен чекор. Бидејќи како што се вели изградивме нова зграда, но истата ја изградивме со стар материјал и ако ја поставивме на нова урбанизирана локација, материјалот е стар. Оттука сакам да кажам дека во министерствата треба да се изврши трансформација на истите со нов кадар растоварен од товарот на минатото,кадар кој ќе биде оспособен да работи по нова шема како бара нашето Собрание. Кога ова го кажувам свесен сум дека промените во работата не се возможни преку ноќ бидејќи за развој на демократските процеси е потребно време поради тоа што демократијата е процес за кој е потребен подолг временски период, бидејќи и земјите со развиена демократија не се совршено

демократски. Демократијата е процес кој се развива математички речено со знак до бесконечност. Кога е во прашање безбедноста на земјата истата јас. ја гледам како обврска на секој граѓанин, и не обврска која им припаѓа исклучиво на вработените во тие органи. секако дека тука одбивам да прифатам создавање на досиеја за секого како беше во минатото.

За развој на обврската,:безбедносната обврска на секој граѓанин е потребно до изградување на совеста на граѓаните, а посебно до изградувањето на совеста и свеста на вработените во тие органи, особено на оние кои допрва ќе се вработуваат во тие органи.

На крајот ќе кажам дека Право на монопол врз безбедноста не смее да се има,само од страна на партијата која е на власт во дотичното Министерство туку тоа право е неотуѓиво за сите граѓани во Македонија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господинот Ајдарага беше последен дискутант кој учествуваше во расправата по однос на овие два извештаја.

Има збор Александар Спировски.

**АЛЕКСАНДАР СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, веројатно и вас ви е досадено да одите во едни конструкции во смисла на тоа што точката која ја разгледуваме на дневен ред поставена како информација која треба да заврши без заклучоци, а која служи единствено како разводнување на дискусии без ефект се послужив како добра основа за точките кој ќе следат на оваа иста седница, а кој следат како наредни точки, а тоа се настаните на сите нас добро познати.

VI8.-

Мене ми е жал што слушам одредени дискусии кои не даваат ништо конкретно, не нудат ништо конкретно јавноста на некој начин за цело време се манипулира од една сосема мала кујна во смисла на да како што и претходно кажав, да не се добие никаков ефект односно да се увиди и стварноста едноставно да увиди дека постои во Македонија одговорност  ама баш за ништо. Одговорност во смисла на тој кој ја носи, кој ја има функцијата да може да прави што сака односно тој што ќе настрада ќе настрада , тоа ќе биде факт, а оној што носи и што раководи факт е дека не може едноставно да одговара затоа што за него не важи никаков закон. Конкретно дискутираме за овие настани јас еве како вас свесно ќе постапам и, ќе кажам, одредени работи, меѓутоа пред почнувањето на оваа седница мене воопшто не ми е јасно зошто од тој што ја конструира оваа седница не каже к&ко оваа точка на крајот ќе заврши. Кој ќе биде,заклучокот и епилогот на оваа информација и што ќе;се постигне со сето тоа.

Од ова што го добивме од Владата има само три моменти кој ги дискутирам а тоа се :растуран>е на летоци на бугарски јазик помеѓу двата изборни круга, настанот во ресторанот Сина Птица во Кочани и наводите на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за приемана на легални средства и методи од страна на СДБ на оваа партија.

VI/1 РД/СЛ

**АЦО СПИРОВСКИ**:(продолжение)

Веднаш прашање до сите вас кои сакаат и мораат да работат по својата совест. Јас ви укажав дека закон не постои, односно законот не функционира, односно некои прави што сака конкретно во Македонија. Одиме на првото прашање. Растурање на летоци на бугарски јазик во двата изборни круга Факт е дека бугарски летоци се појавија во РМ, се појавија во Скопје, се појавија ^во Охрид. Факт е исто така дека никој нема одговарано за таа работа. Факт е дека тоа е кривично дело, факт е дека има извршители, дури и присутни во овој Парламент, меѓутоа, одговорност од никого. Сето тоа нормално е во ред.

Одиме понатаму. Настанот во ресторанот "Сина Птица" во Кочани. Факт:е дека се организира паравоена формација во РМ, факт е дека активно во ова организирање учествуваат лица од Министерството за внатрешни работи. Факт е дека никој .де одговара. Одговорност нема никаква покрај легална армија, легална полиција итн.

Третиот момент наодите на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за примена на нелегални средства и методи од страна на СДС спрема оваа Партија. Повторно факт е, овој пат упорно од нашата Партија и за јавноста како оригинални факти прикажувани, јас не го правдам и начинот како тие факти дошле до наши раце, меѓутоа, факт е дека ние сме прислушкувани, факт е дека некој друг тоа го отповргнува, не го признава едноставно, затоа што е во таква позиција да не признава, меѓутоа, и овој пат, иако се познати извршителите, одговорност од никого.

Јас ви кажав дека оваа Информација ќе служи за разводнување на нашите дискусии кои понатаму ќе следат, за кои веќе имаме и смртни случаи, веќе луѓе се убиени, некој ги убил, а повторно убиецот никаде го нема.

Значи овие се почетни работи. кои нас треба да не расплинат, а ние упорно бараме одговорност, одговорниот извршител стои тука за цело време, некој го правда, го мие, само од неговата кујна од ЦК, за жал прифатена на интересен начин дури од Партијата на ПДП-НДП каде што истата партија и истите овие пратеници кои се осудувани за кривични дела против народ и оваа: држава на истите веќе им подаваат рака и соработуваат, не во смисла да ве навредам.

Јас не би ја ч!итал оваа Информација 'целосно, затоа што и не сакам да ја читам, туку само ќе го прочитам последниот момент од оваа Информација кој се нуди како заклучок. на сите нас. .

Со оглед на тоа дека освен состаноците на Иницијативниот одбор за формирање на Македонска Национална Гарда, нејзините членови не презеле никакви подготвителни екстремни дејствија, а за иницијативата ги известиле АРМ и МВР истакнуваат дека се неточни и тенденциозни обвинувањата на Љупчо Георгиевски, дека се работи за терористи кои наводно ги организирала АРМ и МВР и оценуваат дека цел на истите е политички маркетинг на ВМРО-ДПМНЕ. Да ви додадам, кажувате дека се неточни обвинувањата на Љупчо Георгиевски. Слободно да ме пишувате и мене, верувам и сите членови од мојата партија, не е само Љупчо Георгиевски, дека се работи за терористи кои наводно ги организирала АРМ и МВР. Терористите се тие кои ги организира овие луѓе, дури имаме и такви сознанија дека истите овие кои ги организирале и физички учествувале, односно ги тепале тие другите кои биле судени во Велес. И на крајот се сведува на гол политички маркетинг. Тоа е редовна појава од кујната на СДС, морам да ја спомнам, затоа што маркетингот редовно се појавува кога ќе имаме штрајкови и тоа на земјоделците,заради неисплатени премии, за разни работнички незадоволства, да не пак некој маркетинг на онаа партија која е со народот, на протестите на граѓаните

организирани во митинзи каде што паѓаат и се убивани и тепани луѓе, пак некој маркетинг на некоја партија, веројатно и вашата Информација која ја барате за Бит Пазар и за Радолиште ќе заврши со политички маркетинг на ПДП и НДП, па јас во оваа смисла па ќе ви кажам. Јас верувам дека оваа точка ќе биде без никаков заклучок, целта ќе ја постигне не знам колку, јас пак ве потсетувам на вашата совест, јас сметам дека има совесни луѓе меѓу сите нас и овој пат на еден начин како што треба навистина да постапиме, наместо да ни препушвате некој одбрани , како што се врховизми, заборавете го тоа, затоа што тоа не е така. Сите сме за ова е Македонија во создавањето на Македонија Оние работи што ни ги препишувате, ниту имаат смисла, ниту се за коментар. Тоа едноставно е бегаше од вистината, ;а вистината треба да ја бараме во она што фактички се случило и што ни се случува. Вие господа гледате како се однесува оваа полиција. Зарем тоа не го гледате? Имаме 100 марки просечен личен доход со еден сообраќаен прекршок ќе ви го снема. Тоа ни се случува^ редовно. Не гледате дека оваа полиција веќе има преку 13 илјади извршители, дека буџетот е осиромашен, за жал тука стојат стопанственици во истата партија, кои се стопанственици на фирми, а тоа бидете убедени ќе ви одрази на доходот, во зафаќањата на доходот, затоа што тоа мора да се плаќа, а заради толкав гломазен апарат и заради штитење на неколку личности се осиромашува буџетот на државата и настануваат работи катастрофални за оваа држава. Затоа што не е само полицијата. Земете ја армијата, школството, здравството и да не одиме понатаму. Не можеме сите да бидеме административци, да правиме гломазни апарати и да плаќаме некого да прави што сака. Се работи за демократија и јас ве молам да постапите совесно.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Пред да објавам пауза, збор му давам на господинот Авди Муртезани. .

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувано Претседателство, дами и господа пратеници,

Како пратеник и ваш колега имам смелост пред вас да кажам дека за мене се неприфатливи и Извештајот на Комисијата и Информацијата на Владата на Република Македонија. Еве зошто. Комисијата која ние ја избравме и за која велиме дека е составена како е составена, но ние сме ја избрале, колку членови има од одредена партија, тоа е друга работа, има Деловник и одлуката била законито и демократски донесена. Некои не се согласувал, тоа е друго прашање и може да го издвои мислењето. Меѓутоа, Извештајот ,по мене е целосен заради тоа што и за летоците и за формирање на паравоена формација и за прислушкување на телефонските разговори, Комисијата не отишла до крај на утврдување на факти. За Информацијата на Владата на РМ, јас му честитам на господинот министер што успеал преку Владата да ја протура оваа Информација и наместо да сноси одговорност Министерството, нека си сноси Владата, целата Влада на РМ. Зошто? Поради тоа што во Извештајот ништо нема, фактички ништо нема, има само приказни и фактички Службата и за овој Извештај и за трите извештаи кои ќе доаѓаат Министерството не работело. А тоа не е точно. Фактичката состојба ни е поинаква. Не можеме ние како Парламент, како највисок орган на власта, орган кој произведува закони, тек така да гледаме како се спроведуваат тие закони од страна на извршната власт. Ние закони имаме секакви се . Имаме и стари, имаме и нови, имаме и изменувања, меѓутоа, фактички тие закони не се спроведуваат, или се спроведуваат како што се сака.

Да кажам сега за летоците. Континуитет на власта имало, поранешниот министер за внатрешни работи беше порано јавен обвинител на РМ, господинот Трпеновски. Според законот за кривичната постапка и Кривичниот закон ги знаел надлежностите. Ако летоци имало тие  постојат, некој ги донел, некој ги растурал. Тој ги растурал мора да сноси одговорност, а и тој кој ги делел. Веројатно некој ги донел. Меѓутоа, од Комисијата ние немаме ни едно име и презиме, што сметам дека Комисијата во овој поглед затаила баш во најпресудниот момент.

Во однос на формирање на паравоените формации без разлика кој членови биле,.тогаш немаше законски основ за формирање на вакви формации^ Каде се надлежностите на Министерството за внатрешни работи, зошто не поведе кривична постапка? Зошто се бара; една партија да поведе постапка кога органот, тој е должен да го чува и државата и народот и овие членови на една партија, односно на една држава.

За прислушување на телефоните. Ние драги колеги уште ни е свеж случајот со Ранковиќ. За прислушување тој дури иако беше голем функционер, отиде од функцијата. Меѓутоа, тој си отиде. Кај нас фактички, одговорност нема. Според тоа, јас се се плашам и се срамам од овие дискусии, односно од оваа точка дека нема да произлегуваат заклучоци. Заклучоци треба да има, меѓутоа, бидејќи ќе нема заклучоци, поради тоа што нема да бидам поддржан, верувам дека нема да бидам поддржан, јас предлагам да се формира една парламентарна комисија која ќе ги утврди овие факти. Да и се даде одреден рок и да ги утврди не само овие случаи, меѓутоа, од овој период па натаму постапките и работата на Службата за државна безбедност, па дури и одговорноста на министерот и Министерството за внатрешни работи.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Предлагам пауза до 15,00 часот.

VII/1 ПЈ/ЛБ

(ПО ПАУЗАТА)

Седницата продолжи со работа во 15,50 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам службите да утврдиме точен број на пратеници во салата и да се повика министерот, како и другите претставници од Владата.

Господин Георгиевски'.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Дами и господа пратеници еве по скоро за едниот случај две ипол години од започнувањето на случајот и за вторите два случаи точно скоро по една година дочекавме трите афери за кои долго време се зборува во РМ и за кои инсистираат некои политички партии во РМ да се најдат на една јавна распрадеа на Македонскиот парламент, што сметам дека е еден голем успех за демократијата во РМ, со што по- кажуваме дека и најзамрсените случаи можат да дојдат и вака јавно да се дискутираат пред сите граѓани во РМ. Во таа смисла сигурно би сакал да се задржам на два начини на случајот.

Прво, за случаеви како случаиеви, чисто аргументирани иако сметам дека некои дискутанти од пратеничката група на ВМРО- ДПМНЕ кои излегуваа пред мене многу добро ги аргументираа сите три случаеви. Исто така, би сакал да се задржам повеќе на политичкиот момент од ваквите политички афери што ги имаме ние денес во РМ односно политичките импликации кои произлегуваат од сите овие настани. Значи, најпрвин ќе се задржам на она што се нарекува конкретен случај При што, јас за разлика од моите претходни дискутанти, би сакал малку да ги раздвојам сите тие претходно беа ставани во еден кош, меѓутоа, јас сметам дека треба да се поделат, затоа што прво и прво временски не коинцидираат и второ се работи за различни случаеви. Значи, сметам

Бугарските летоци во РМ во текот на изборите во ноември 1990 година и вториот случај, во вториот пакет да бидат сместени овие следните два настани, односно тоа е случајот со формирањето на паравоени организации во РМ и тоа е случајот со прислушувањето на партискиот телефон на ВМРО-ДПМНЕ како партија.

Во она што мож4 да ,се смести во првиот случај, а тоа е фрлањето на бугарски летоци во текот на првите избори на РМ сметам дека не треба да се кажувам премногу илиеда се коментира уште премногу, затоа што сите оние дискутанти што останаа пред мене на многу добар начин го аргументираат целиот случај. Во таа смисла само можам да потврдам дека за тој случај дека повеќе од две ипол години самата македонска јавност е доволно добро известена, веднаш на станувањето на случајот самата ВМРО-ДПМНЕ формирана како партија ги фати фрлачите на бугарски летоци на РМ и си направи сопствена истрага како пар-ија и го пријави тоа на органите за внатрешни раб оти. Нормално, во таа смисла уште по радосни сме што гледаме дека ниту од страна на самото Министерство за внатрешни работи како Министерство нема посериозни забелешки, едноставно и нивните сознанија се сведуваат на истото. Значи, како што видовме и од оние кои што дискутираат од спротивната страна на овој аргумент, исто така, немаше контра аргументи . Значи, сметам дека се работи за еден чист случај и мене не ми останува ништо друго освен она да го кажеме што овде е како една своевидна наша сатисфакција. А тоа е дека ние, за жал, во предизборната кампања на првите избори во РМ во 1990 година имавме таква ситуација каде што противничката партија на една партија на една партија, значи противничката партија е главниот конкурент на ВМРО-ДПМНЕ како партија, тоа е СДС и нормално одделни членови на нивното раководство со цел да и наштетат на својата конкуренција со цел да ја

дискредитираат и да ја компромитираат, се послужиле со такви методи да отпечатат или да набават некакви бугарски летоци кои во таа предизборна кампања ја фрлаа во Скопје и во Охрид како градови. Нормално, во таа смисла сега се поставува прашањето кои би требало да бидат консеквенциите на тој проблем. Нормално во секоја нормална демократска држава на едни избори се дозволени најразлични методи на работа за дејствуваше. Нормално и во Франција и во Америка и ^во Италија конкурентските партии да си подметнуваат со најразлични' настапи и ПОЈ?ИТИЧКИ досетливости. Значи проблемот не е во тоа што партијата СДС како СДС нашла толку интересен момент. кој сметала сигурно дека ќе послужи за дискредитација на нашата партија што фрлала бугарски летоци, туку проблемот е сосем; во нешто друго. Овде во објаснувањето на Македонската влада каде исто така;се признава дека случајот е јасен и чист ми се сугерира да покренеме некаква кривична постапка. Јас можам да ви кажам дека нашата сатисфакција сигурно дека^ нема да биде во фактот дали некој од раководството на СДС, ,а тука најчесто се спомнува како што имаме информации на самата комиси]а е потврдено дека главен организатор на една ваква акција бил тогашниот секретар и сегашниот потпретседател на Македонското Собрание другарот Тито Петковски. Значи. не е нашата морална сатисфакција во фактот што по поднесувањето на кривичната пријава да кажеме господинот Тито Петковски ќе се најде во затвор 3 или 6 месеци, тоа не е нашето задоволство. Нашето задоволство е нешто во сосема друго. Нашето задоволство е да и се покаже на Македонската јавност да се види и уште еднаш да се отворат картите кои се тие кои се служат со нечисти методи, кои се служат со валкани игри во РМ и со такви подметнувања кои можат да бидат на катастрофална штета по севкупните национални интереси на РМ. Самиот факт кој можеше тогаш да биде пренесен во повеќе светски агенции дека некоја партија фрлала

Бугарски летоци или Бугарска пропаганда во Македонија значи веќе еден голем минус за Македонската држава, за Македонското национално единство и за се она што се нарекува Македонска и историја, меѓутоа, и за македонска иднина. Затоа што верувајте такви моменти ако, некој овде ги прави со глупост или заради неговото слепило, во другите држави се користат и се злоупотребуваат до максимум. И потоа да не се чудиме кога во една или во друга држава ќе прочитаме ова' се случува, или ваква пропаганда>.има во Македонија или онаква пропаганда има во Македонија. Значи, која е сатисфакцијата на нашата партија и за мене лично од она што се нарекува прв случај,а тоа е фрлање на Бугарски летоци. Не е ништо во друго сатисфакцијата, туку да го добиеме моралното оправдување пред целата македонска јавност. Јас само ќе ве потсетам. Во моментот кога беа фрлени тие летоци во Скопје и во Охрид и телевизија и Нова Македонија ( од тоа направи ја првокласен скандал дека еве некоја партија ВМРО-ДПМНЕ фрла бугарски летоци. Не бараме ништо друго господа, освен она што беше направено по повод тој случај, сега да се направи во спротивен случај. Како што средствата за јавно информираше тогаш не обвинуваа нас, сега со истата таа доволна објективност да се нафрлат над оние кои го организирале тоа на еден таков наивен начин, на еден таков начин со една кратковидна политика во целата оваа ситуација,. Јас пак ќе речам, за нас во целиот овој случај сигурна најмала сатисфакција ќе биде ако господинот Тито Петковски го видиме 3 или б месеци во затвор, нашата сатисфакција е во фактот што на Македонската јавност ќе и се каже еве ги кои се манипулантите, каде стојат конструкторите на играта во РМ и дајте со тоа да сносиме една морална одговорност пред целата Македонска јавност. Тоа е што се однесува на првиот случај по повод фрлањето на Бугарските летоци во текот на предизборната кампања на првите избори во РМ. Реков ќе го одвојам тој случај, затоа што сметам дека е сепак тоа случај на една

предизборна кампања на подметнувања партиски, додека за вторите случаеви, што се однесува за случајот на формирањето на паравоената формација во РМ и на прислушувањето на телефоните на партијата ВМРО-ДПМНЕ сметам дека се работи навистина за нешто што треба да се згрозиме сите ние и како граѓани, во РМ и .како политички партии и како целокупна јавност во РМ. Во таа смисла само ќе потенцирам една работа. Досега во сите мои излаган?а кои биле за суштествени промени од иднината на РМ тргнував со .однапред јасна позиција, дека и покрај тоа што ќе зборувам, не можам да го убедам никој од опозицијата, односно спротивставените партии во она што го зборувам. Од која причина? Од онаа Причина што сите ние, односно сите вие ќе се повините на крајот на партиската одлука и ќе си гласате, макар и колку да биле спротивни аргументите, јаки аргументите од спротивната страна. Овој пат, господа пратеници од левиот блок можам да ви кажам дека навистина тргнувам со една амбиција, можеби ќе остане на крајот само моја лична амбиција, меѓутоа тргнува со амбиција дел од вас да ги скршам во вашите размислувања и како поединци во овој Парламент и како партии во овој Парламент и како членови на Влада во РМ. Зошто тргнувам со амбиција да скршам дел од вашите партиски наредби. Затоа што се работи за еден преседан, преседан во кој не станува збор за обична партиска политика, не станува збор за обична одбрана на коалиционата Влада или на учесниците во таа игра, туку се работи, навистина, за одбрана на сите "интереси што се однесува и што може да се наречат со зборот демократија. Јас само ќе ве потсетам дека демократијата и проблемот на демократијата е едно од основните прашања на националното единство, на државното единство во секоја држава. На проблемот на демократијата во ниту една држава во светот не се дискутира. Се знае и опозицијата и позицијата имаат исти ставови.

Оттука и ве повикувам сите овие аргументи кои беа изнесени од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ и од моја страна навистина да бидат прифатени со еден разум, да се размислува за нив логички, затоа што навистина пак ќе ви кажам дека начинот на кој ќе се изјасните на крајот директно стои и се однесува на одбрана на севкупните демократски процеси и на сегашниот миг на РМ и на целокупната иднина на РМ. Тоа го потенцирам дотолку повеќе, што повеќе од сигурен сум дека во овие афери практично партијата ПДП-НДП, што можеше да се види и од одре-дени дискутанти, од нивната партија до сега, практично, и да нема учество. Јас сум убеден во тоа, можеби некои од нив имаат учество, меѓутоа, јас сметам дека во глобала како партија тие немаат учество во овие афери. Оттука самите и тие треба да размислат колку со една поддршка на една ваква политика нема да влезат ;во една валкана игра со пошироко сценарио.

Втората работа, исто така сум уверен дека Реформската Либерална партија исто така нема некое посебно влијание во целата оваа игра, можеби дел од некои нивни членови, меѓутоа сигурен сум дека партија како партија нема во овој случај некое посебно влијание Оттука и мојот удар, односно мојот настап го насочувам најконкретно кон партијата на СДС во Македонскиот парламент, каде што исто така сигурно сум убеден дека сите пратеници не се вклучени во една ваква игра, сигурно дека дел од тие дискутанти кои можеби веќе некои од нив излегоа, можеби имале некои сознанија, меѓутоа што се однесува на поголемото членство и на пратениците како пратеници исто така немаат некакви информации, ниту пак некакво учество во целата оваа игра.

Исто така, ова мое обраќање се однесува и на министрите во Македонската влада, посебно на новите министри во Македонската влада кои дојдоа после реконструкцијата, за кои сум сигурен исто така

дека многу малку влијание. имале во целата оваа афера, одговорноста ако постои, постои кај оние министри што беа затечени од старата Влада и кои конкретно стоеле зад таа политика. Оттука се повикувам на сите овие институции, односно на сите овие политички сили на;кои се обратив, значи, партијата ПДП, Реформските,сили, поголемиот дел од пратениците на СДС и новите министри во Владата на РМ, навистина, уште еднаш самите заради себе да го проучат целиот овој случај, да не дадат поддршка на нешто што се нарекува класичен криминал, класична узурпација, на државната безбедност на РМ и да застанат на страната на легализацијата на она што се, нарекува навистина една државна тортура. Од тука, сметам дека пред вас е предизвикот дали вие како партии, дали вие како членови на влади уште еднаш ќе бидете совесни самите пред себе д,а излезете од целата оваа каша или пак со своето гласање, а, знаеме дека ако сите гласаат сето ова може само со едноставно гласање да ' биде срушено, што уште еднаш ќе покажеме дека парламентарната демократија има и свои парадокси, а тоа е кога нешто го гледаш вака и макар да е црно, мораш да викаш бело, што очигледно дека нема да биде симпатично, ни за самите нас ни за целата светска јавност. Тоа е мојот апел, тоа се моите амбиции со кои тргнувам во оваа точка. Сега повторно ќе се вратам на овие две точки што се однесува, прво, на формирањето на паравоените организации во Македонија. ВМРО-ДПМНЕ некаде пред една година излезе пред Македонската јавност со еден документарен филм, односно видео снимка на која се гледа дека во РМ се формира паравоена организација со цел, со јасна програмска цел ако треба да убива, ако треба да уништува, како што се таму наведени изјавите. Тој документарен филм делумно го виде македонската јавност, делумно е претставуван пред Комисијата за контрола на државната безбедност и сигурно оние што

сакале да го видат можеле да го видат од наши извори. Значи, случајот е јасен. Имаме еден јасен момент каде што со помош на началник, висок началник на државна безбедност, ми се чини во тоа време кога ја правел акцијата бил началник на втората. управа, а после тоа веднаш е назначен и за помошник,. значи унапредување на министерот значи каде што во присуство и со помош на началник на државната безбедност и со полковник на КОС се формира една паравоена формација во РМ.

Сега се поставуваат, нормално, аргументите и контра аргументите. При што, јас само ќе наведам неколку од контра аргументите. Се наведува пример, односно се наведува дискусија околу фактот од каде ВМРО-ДПМНЕ ја има добиено касетата. Ѓоспода, јас тоа веќе еднаш го реков на телевизискиот настап.ј Воопшто не е важно за оваа расправа ние од каде ја имаме оваа касета. Сигурно дека таа касета кога е правена, не е правена за да ни е:нам даде некој, па ние после од неа да правиме случај. Таа касета е правена за потребите на Министерството за внатрешни работи. Тоа е првиот аргумент кој без сомнение пред кој не може никој од нас да замиже. Во таа смисла можам само да го наведам и фактот дека со доброто прислушување на таа касета можат да се забележат неколку екстремни работи за кои не сакам да објаснувам и повторно да ја раскажувам касетата од тоа дека целиот начин на кој треба да се формира таа паравоена организација наречена Македонска национална гарда, значи условите формациите се објаснуваат од страна на началникот на државната безбедност дека исто тоа се објаснува потоа и од страна на полковникот на армијата господинот Драган Стојменовски. Во таа смисла можам само да го потенцирам моментот дека со овој случај ние во поглед на кривичниот дел и според Уставот и правната држава на РМ имаме три крупни прекршоци. Кои се тие три крупни прекршоци?

VII/9

Прво, формирање на паравоена организација во РМ.

Второ, врбување на граѓани на РМ за работа на државната безбедност, што најдобро се огледа во изјавата на господинот Величковски, која ќе ја цитирам. веднаш. "Многу мал ќе биде кругот на:. луѓето кои што ќе знаат,за постоење на ова. Меѓутоа, ако сте спремни да се ставите на располагање и услуга на АРМ и СДБ и во дадената ситуација, а морам да кажам,.не дај боже да дојде до ситуација да треба и тоа да го правиме, не знаеме да се делува и да се знае кој командува, кој бара од вас да се активира и како". Сигурно треба да се задржиме најцврсто на зборовите ако сте спремни да се ставите на располагање и услуга на армијата на РМ и службата за државна безбедност".

Господа од самите изјави на господинот Величковски ситуацијата е повеќе од јасна. Сите нивни настапи и на господинот Величковски началник на втората управа,' и на полковникот на КОС господинот Драги Стојмановски се јасни, се во насока не само на формирање на таа паравоена организација, туку јасно укажување на оние граѓани кои седат таму пред нив дека тие ги ставаат во употреба на Армијата на РМ и на службата за државна безбедност во РМ.

VIII/1.- ЛП/МЛ

**ЉУПЧО ГОРЃИЕВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Најчист пример. како се врбува граѓанин на Република Македонија за работа за СДБ.,Тоа е вториот крупен прекршок и третиот прекршок како прекршок е фактот дека јасно се работи за разбивање на една партија, во конкретниот случај тоа е опозицијата на тогашната и сегашната Влада, со истиот министер и тогаш и сега, а тоа е партијата ВМРО-ДПМНЕ. Затоа, по:некој случај или намерно избран состав сите членови, односно ,сите граѓани кои се наброени таму на еден или друг начин се формални членови на партијата ВМРО-ДПМНЕ.

Во таа смисла можам .само да го потенцирам фактот кој произлегува од целата оваа ситуација. Парадоксалниот факт дека од самиот почеток па до ден денес и до најновата изјава на Владата на Република Македонија Владата упорно тврди дека зад формирањето на оваа паравоена формација стои подеднакво и државната безбедност на Република Македонија и СДБ на армијата на Република Македонија. И покрај тоа што од Службата односно од Армијата на Република Македонија досега имаме два крупни демантии. Прво тоа беше веднаш после случајот кога умешаноста во овој случај на Армијата на Република Македонија тогаш јавно ја демантира тогашниот министер за одбрана Трајан Гоцевски, а веднаш после него и началникот на Службата за обезбедуваше во Армијата, господинот Ристоски и тоа со писмо во "Нова Македонија".

Сега се поставува прашањето уште еднаш на контрадикторноста на изјавите од две служби, односно од две министерства на Влада- та на Република Македонија, едно од страна на државната безбедност која тврди дека и двете служби се замешани и второ, од страна на Службата на Министерството за одбрана на Република Македонија кое децидно на два пати тврди дека нема никаква замешаност во целата таа ситуација.

Значи, повторно уште една лага, уште еден парадокса- лен аргумент е пред сите нас и сега ние тука нема што да веруваме или да не веруваме, изјавите "се дадени и од едната и од другата страна, случајот е чист како солза. Значи, самата Влада се наоѓа во сопствената лаѓа, се наоѓа во котелот на сопственото фаќање и во сопствената замка. Тоа е првиот елемент.

Вториот елемент, кога се однесува на целиот овој случај за оваа паравоена организација, а кој не можеме да го делиме од целиот тогашен контекст тоа е моментот што во исто време кога беше откриена односно кога беше формирана оваа организација ние во Република Македонија ми се чини дека имавме два судски процеси на некакви терористи и бомбаши,, едната група беше од Велес, а другата група беше од Охрид. Во таа смисла само ќе го потенцирам фактот повторно на еден голем парадокс во Република Македонија. Таа иста група беше на судење додека случајот не беше провален и не беше објавен во јавноста. Кога одеа на тоа прво судење, сите што беа на тој случај беа казнети од година ипол до година за затвор заради замешаност во тероризам и незнам какви организации. Кога се отвори овој случај пред јавноста, веднаш после тоа имаше повторно судење, незнам што беше тоа, врз основа на жалба и гледаме дека после тоа судење сите обвинети беа ослободени од својата вина, односно заради она за што беа судени само неколку месеци пред тоа. Сега се поставува прашањето каде е правната држава во Република Македонија, зошто после отворањето на овој случај веднаш новата судска пресуда за оние обвинети кои беа во таканаречената велешка група, оние што"беа во охридска група, веднаш беше пресудата ослободителна. Значи, повторно нешто господа гледаме дека ни мириса на нешто што е затруено многу во воздухот.

Каде е клучот на целата игра?

VIII/3.-

Клучот на целата игра е токму во фактот што првообвинетиот, во случајот на терористичката група во Велес, кој го набавувал динамитот, тоа е господинот Столе Јакимов, на видеокасетата која беше објавена од партијата ВМРО-ДПМНЕ го гледаме веднаш до началникот на државна безбедност, господинот Добри Величковски. Се поставува сега прашањето на парадоксот како може еден ист човек на видео- касетата во формирањето на таа паравоена организација да седи веднаш до началникот на државна безбедност, за да веднаш потоа се појави како првообвинет во вториот случај, тоа се терористите од Велес.

Значи, апсолутно повеќе од јасно е замешаноста на државната безбедност, замешаноста на некакво заткулисно сценарио и во едната и во втората варијанта.

И кога сме сеуште на овој случај за формирањето на таа паравоена организација, не можеме а да не го наведеме уште едниот пример не заради друго, туку како1една школа, како уште една поука на сите оние кои досега имале намера да влезат во такви или онакви услови на државната безбедност на Република Македонија или допрва имаат намера да влезат. Зошто господа? Затоа што уште еднаш се покажува дека државната безбедност на Република Македонија, како впрочем и секоја друга државна безбедност во било која држава каде што работи, своите шпиони, своите кодоши ги користи до тој момент додека има интерес од нив, ги цица додека има интерес од нив, а потоа ги фрла како лимони односно самата таа државна безбедност им ги уништува животите. Најдобар пример е токму споменатиот човек, господинот Столе Јакимов, кој до моментот кога било потребно на државната безбедност е користен за највалкани игри во служба на таа државна безбедност, а во моментот кога требало да послужи за нешто друго, истата таа државна безбедност не се срамела ниту ден да му определи казна од една ипол година затвор во Република Македонија.

VIII/4.-

Вториот пример е исто така еден член на таа паравоена организација, господинот Блаже Тилов, кој што господин Блаже Тилов од моментот на влегувањето во таа паравоена организација па до ден денес пет пати е викан во Министерството за внатрешни работи и пет пати бил претепуван на мртво од истата таа Служба за државна безбедност од најразлични причини. Господинот е во Струмица, идете прашајте го како тој човек денес се чувствува. Пет пати е викан и претепуван во МВР! Се знае која е позадината.- да молчи, да трае затоа што ќе му се случи тоа што му се случува. Тоа е господа најдобрата поука на сите оние кои имаат намера или досега се впуштиле во работа со една таква служба, да ве искористат до крај и на крајот да ве фрлат како лимони. Токму примерите на овие луѓе кои се во овие организации ставени најдобро сведочи каква е немилосрдноста кога ќе влезете еднаш во канџите на ваквите служби.

На крајот, реков дека многу аргументи за овие случаи изнесоа пратениците Александар Флоровски и Борис Змејковски, само ќе го потенцирам уште еднаш фактот дека и она што се нарекува чистина на овој случај, исто така, секој оној што сака да биде логичен и да размислува со логика на здравиот разум многу лесно може да го сфати случајот. Ја гледаме паравоената организација каде што се формира, ги гледаме началниците на државна безбедност и на македонската Армија, односно Армијата на Република Македонија, каде директно ги врбуваат луѓето и конечно јас ка*со што можев да ги слушам сите оние дискутанти кои излегуваа и од опозицијата и од информациите на Владата, ниту еден од тие дискутанти не демантираше дека таква организација е формирана. Напротив, сите оние кажаа дека таква организација е формирана, меѓутоа, објаснувањата се дека тоа е формирано заради превентива, како што ни објаснуваат или незнам какви се не објаснувања кои ни се даваат овде. Меѓутоа, ниту еден од нив, од оние што

дискутираа овде против ова, ниту еден не го демантираше филмот што беше прикажан на македонската;телевизија, ниту еден не го демантираше фактот дека ваква паравоена организација е формирана. Значи, чистината на случајот е јасна. Сега се поставуваат прашања ама така било или онака било. Дајте да го гледаме крупниот факт дека ваква организација е формирана во Република Македонија, паравоена структура со опасност да се закани на сите. Тоа е значи што се однесува на вториот случај.

Конечно, што се однесува на третиот случај, а тоа е прислушувањето на телефоните на ВМРО-ДПМНЕ ка^ко опозициона партија, јас господо не сакам овде ништо да спомнам друго, освен фактот дека во светот на нормалната демократија и на долгогодишната традиција на демократските држави има некои норми, непишани норми, покрај тоа што и со уставите тоа е честопати загарантирано, како што е и со Уставот на Република Македонија, има некои норми на фер плеј.

Една од главните норми е дека партиите можат меѓу себе да се караат и да полемизираат на кој сакаат начин, меѓутоа, да се служат со такви подли методи, да се прислушуваат телефони на противничката партија, јас можам да ви кажам не во Македонија, не во Танзанија, не во Чиле, не во Америка, тоа е секаде политички скандал број 1, политички скандал број 1 господа. Сите ја памтиме аферата Вотергејт Што беше аферата Вотергјет? Прислушување на републиканците на Демократската партија во зградите иа Вотергејт центарот. Беше откриено за неколку недели Никсон како претседател на Америка мораше да си замине од политичката сцена. Истиот случај го имаме ние денес во Македонија.

Се поставува прашањето што не е јасно во тој случај. Ги имаме доказите, документи на самата Служба за државна безбедност кои овде беа покажани на два пати од разни претставници на нашата партија, ја

имаме потврдата на Комисијата за контрола над работ та на СДБ каде истото тоа на еден начин се констатира конечно имаме еден парадоксален случај најверојатно во СДБ тогаш бидејќи многу се брзаше и не знаејќи кои чекори да ги направи, и што поскоро, практично имаме една суспензија на еден работник на СДБ, кој практичен ден после тогашната телевизиска емисија беше суспендиран токму со . Т~ образложение дека на партијата ВМРО-ДПМНЕ ги предал документите под реден број тој и тој, истите оние документи кои ние ги наведовме во јавноста дека ги поседуваме како партија.

Сега се поставува прашањето за што дискутираме околу целиот овој случај. ,Јас како што можев да разберам и од целата дискусија на оние што се обидоа да ја бранат Владата од страна на парламентарците на некои партии, ниту еден од тие членови кој излезе на оваа говорница не демантираше дека тие документи не постојат. Ниту еден од нив не демантираше.. Тие документи постојат. Ги имаме тие документи, можеме 15 комисии уште да формираме, повторно да ги потврдиме тие документи и уште други ако треба ќе потврдиме документи. Сега, за што се поставува прашањето? Впрочем, тоа исто така ден после објавувањето на резултатите на Комисијата за државна бебзедност се јави на радио портпаролот на Министерството за внатрешни работи Богданчо Гогов, кој потврди дека е точно дека такви документи постојат, ама такви членови имале, онакви членови имале, такви биле причините, онакви биле причините. Истото тоа на еден начин и самиот потсекретар за државна безбедност господин Слободан Богоевски на телевизиската емисија го кажа, меѓутоа пак со она образложение такви членови биле, онакви членови биле, такви услови биле, онакви услови биле. Значи ние, во оваа ситуација повторно гледаме во Парламентот не дискутираме дали тие документи постојат или не постојат. Сите сме сложни дека тие документи постојат. Единствено ги слушаме објаснувањата од страна

на Владата дека можело поради тие членови тоа да се прави или поради такви и такви причини, затоа што имало во ВМРО-ДПМНЕ терористи, па имало бугарски шпиони, па незнам какви други шпиони, па затоа, нели, како што рече минатиот пат потпретседателот на македонската Влада, можеби грчки шпиони некои им значи, демантот воопшто на тоа дали таков случај постои или не постои. Случајот постои, меѓутоа, образложението е друго, а образложението е дека тоа морало така да биде, затоа што еве гледате какви се оние во ВМРО; Значи, повторно чист случај, каде што немаме ниеден спротивен аргумент кој може да го негира она што го бара ВМРО-ДПМНЕ

И на крајот само еден краток заклучок на она што се нарекува трите случаеви..

По однос на првиот случај, фрлањето на бугарските летоци, чист случај во кој се согласува и опозицијата и позицијата и извештајот на Владата на Република Македонија дека фрлањето на бугарските летоци е организирано од страна на СДС. Тоа е сатисфакцијата.

Вториот случај, формирање на паравоена организација, кој е тој што, од оние што ги видоа сите аргументи, може да негира дека она што е формирано не е паравоена организација на територијата на Република Македонија. Ама тие биле причините, оние биле причините, превентива ваква, превентива онаква, господа, дајте да ги оставиме превентивите настрана. Ние гледаме досега колку пати превентивите се прават на друг начин. Овде имаме класичен пример на формирање на паравоена организација. Истите такви ги формираше и Слободан Милошевиќ во Србија на десетина ги има такви паравоени организации.

И третиот случај, прислушувањето на телефонот. Повторно чист случај, овде не се дискутира дали е прислушувано или не е прислушувано. Сите информации зборуваат дека е прислушувано. Се

дискутира вакви биле аргументите,вакви биле мотивите. Тоа ќе го дискутираме на некоја друга седница. Факт е дека во овој- момент имаме откриени документи каде што главно Штабот на главната опозиција во Република Македонија е прислушуван од страна на државната безбедност. Тоа е господа фактот што мене ме интересира, тој е истиот ^ факт што е влезен во Извештајот на•Американскиот стејдепартмент, јас за кој ве убедувам дека најверојатно идната година ќе пишуваат не само таму туку и на друго место ќе пишуваат.

Тоа се тие три чисти партии и јас можам да дискутирам по овие аргументи колку што сакате. Тоа е значи она што се нарекува чиста аргументација на трите политички афери во Република Македонија.

Сега господа ќе се осврнам малку на политичките импликации кои произлегуваат од овие три афери како афери.

Прво, кога станува збор за овие политички импликации, не можам а да ен го спомнам фактот, иако беше спомнато малку преска, однесувањето на одредени средства за јавно информирање кои сакаа на еден или друг начин да се вклучат во сите овие афери, најконкретно весникот "Нова Македонија" како весник и да речеме одделни ТВ емисии како што беше емисијата "Без наслов но со повод" на македонската телевизија каде што на еден или друг начин сакаа да се вклучат во сите тие афери. Што е она што разочарува господа? Разочарува она што средствата за јавно информирање во Република Македонија, иако се работеше за јасни докази од самиот почеток, не се ставија во одбрана на демократијата, макар и со еден прашалник на сомнеж, туку се ставија во улога на одбрана на државната безбедност на Република Македонија и Владата на Република Македонија. Тоа е повторно еден преседан во однесувањето на секој оној кој сака да биде независно средство за јавно информирање.

Кои беа мотивите? Сите мотиви и тогаш повторно не беа причините дали е прислушувано или не е, дали е формирана паравоена организација или не е паравоена организација, сите мотиви на тие средства за јавно информираше беа да докажат па еве, точно е дека е формирана паравоена организација, ама видете/ заради вакви и вакви причини, заради такви и онакви причини. Не дискутираа дали се прислушувани или не се прислушувани телефоните на ВМРО-ДПМНЕ. Исто беа согласни и немаа што да демантираат, меѓутоа, повторно беа аргументите  "Ова морало така да биде, па гледате какви шпиони имале во таа организација, какви предавници имало во таа организација. Значи, целата теза беше повторно за македонската јавност да се под- • готви, ако е формирана паравоена организација, добро е тоа што е формирана, затоа што, пазите ги, со какви предавници и шпиони вие си имате работа. Добро е што се прислушувани телефоните, затоа што повторно гледајте дека еве имало предавници во Република Македонија. Тоа беше целата теза и целата аргументација и оттука јас на- вистина ги замолувам тие независни средства за јавно информирање при вакви јасни случаи, ако не друго да бидат малку пообјективни во целата оваа атмосфера.

Тоа е првата работа на која сакав да се задржам.

Втората работа на која сакав да се задржам, која произлегува најпрвин од многу дискусии досега на парламентарците на СДС во овој Парламент, потоа произлегува од многу дискусии, неколку дискусии што беа спомнати денес на овој Парламент и што произлегува многу конкретно од страна на извештајот, односно информацијата на македонската Влада, тоа е повторно нападот за некаков бугарски врховизам во партијата ВМРО-ДПМНЕ со цел, се знае, контекстот е ток- му она што го зборувавме - добро е што се прислушувани тие телефони, затоа што се тие бугарски шпиони и затоа ние треба да ги прислушуваме

до крај. Значи, тој контекст на бугарскиот врховизам, кој се провлекува за нашата партија од самиот почеток од формирањето на партијата па до ден денес во многу дискусии и во информацијата на маќедонската Влада, проблем кој е од наша страна досега најмалку 10 пати демантиран, се оградувало од највисоко ниво со декларации и со се што може да се нарекува декларација меѓутоа, пак по потреба  кога ќе заглави државната политика, тоа се вади од фиока, нормално, тука постои едно недоразбирање и сигурно ќе. треба да се договорите што побрзо затоа што еднаш не обвинувате за српски предавници, потоа минатиот пат потпретседателот на Владата за грчки предавници, меѓутоа, најчесто е, најфреквентно е она што се нарекува бугарски шпиони,1односно бугарски врховисти.

**ЉУПЧО ЃОРЃИЕВСКИ**: (продолжение) :

Во таа смисла јас можам да ви кажам дека иако досега многу пати е демантирано тоа, и овој пат, при овој случај можам слободно да демантирам како претседател на оваа партија дека ниту една од овие причини со било каков аргумент не можете да го покршете со ваков мотив

Меѓутоа, од спротивна страна ќе ви кажам неколку други аргументи и пак ќе ви укажам на еден парадокс.

Играта на случајот направи денеска на иста седница да разговараме за два случаи, еден стар две ипол години и еден стар 1 година

Каде се поклопуваат тие случаи?

Во првиот случај имаме човек од СДС и денеска висок раководител на македонското собрание кој ги има фрлано бугарските летоци во Република Македонија, тоа е господинот Тито Петковски. А, во другиот случај, како контекст, што е формирана паравоената организација, зошто се прислушуваат телефоните од наводни служби, односно наводни шпиони на Бугарија во Република Македонија, не, бугарски шпиони во партијата ВМРО-ДПМНЕ.

Сега, јас, господа, го поставувам вака прашањето: Зошто истата таа Македонска државна безбедност кога го открива фактот дека господинот Тито Петковски има фрлано во улиците на главниот град на Република Македонија и во Охрид бугарски летоци, зошто истата таа Државна безбедност случајот го заташкала, го заборавила, документацијата била уништена, како што ни кажаа овде, аргументите, значи, едноставно најверојатно си помислува  се шегува тој човек. А, од друга страна, кога имала некои наводи или импликации, незнам што биле тоа, во партијата ВМРО ДПМНЕ тие наводи ги сфатила најсериозно.

IX/2.-

И, со целата своја актива на Државна безбедност се ставила во погон да ја демаскира, да ги демаскира бугарските шпиони во партијата ВМРО- ДПМНЕ.

Зошто господа? Зарем не ви е парадоксално? Имаме чист случај каде што човек е фатен дека фрла бугарски летоци, за тој | човек ништо не се презема,; а од друга страна, заради некакви наводи се става целата актива на Државна без бедност во, кога се работи за другата партија

Зошто го велам јас" тоа? Затоа што, господа, јас овде■многу пати имам вака желба, но сега ќе го кажам најотворено.

Јас, навистина се сомневам дека господинот Тито Петковски потпретседателот на Македонското собрание перманентно двеипол години работи во интерес на бугарските тајни служби во Република Македонија.

Зошто го спомнувам тој факт?.

Прво, тој човек веќе е фатен како е организатор на фрлање на летоци на бугарски јазик во Република Македонија. Тоа е првата работа.

Втората работа истиот тој човек, најмалку 5-6 пати излегува пред овој македонски парламент и означува - еве, овие се бугари, овие се бугарски шпиони, овие се такви. Значи, што прави? Не прави ништо друго туку ја потхранува токму оваа страна, односно ја потхранува Бугарија која постојано вели дека во Република Македонија постојат некакви бугари. Што сакате вие поголем доказ за бугарската историја денеска дека во "Македонија живеат некакви бугари кога потпретседателот на Македонското Собрание пет пати најмалку го има изречено тоа! Значи, јас мислам дека ќе дојде ден, утре или друг ден кога во Бугарија на господинот Тито Петковски ќе му изградат споменик како што ние треба да Слободан Милошевиќ да му изградиме овде споменик затоа што ни ја разбуди македонската национална свест.

IX/3.-

Јас ве уверувам дека бугарите, ќе дојде ден, кога на господинот Тито Петковски ќе му изградат еден ден споменик за неговата бугарска активност, преродба во Република Македонија. Тоа е втората работа.

Третата работа, ако добро се сеќавате при расправата за грбот на Република Македонија и за лавот, господинот Тито Петковски овде кажа дека не може да го прифати македонскиот лав затоа што тој лав, кога се формирала организацијата ВМРО 1893 година, не се викала ни ВМРО, не се викала ни ТМРО туку се викала, незнам кака ја кажа бугарска некоја македонска одринска револуционерна организација. Јас, кога го слушнав тој податок господа тука, се фрапирав. Мене досега, во целата македонска историја ме учеа дека во 1893 година во Солун е формирана ТМРО. И, овде одеднаш излегува потпретседател на македонско собрание и вели. Не, господа, вие не сте знаеле, во Солун не е формирано ТМРО, туку е формирано некаков Бугарско - Македонски комитет во кој влегле Даме Груев,, Ристо Татарчев, и сите оние револуционери кои биле во првата организација.

Па, што значи тоа господа? Тоа значи револуција во македонската историја. Па, што сакате поголем аргумент за она што го нарекуваме ние денеска бугарска историја од кога таква потврда ќе ни даде потпретседателот на Македонското Собрание.

Зошто ги наведувам овие елементи?

Ги наведувам токму за тој факт, од една страна ние имаме човек кој директно е фатен на расфрлање на бугарски летоци и за него не се прави никаква постапка, а од друга страна имаме некакви наводи, некакви импликации и се става целата контрола за државна без бедност во таа функција.

Тоа е елемент што сакав да го спомнам денеска, што се однесува и на ова што се имплицира и во документите на Владата.

IX/4.-

Другиот елемент, тоа е моментот на националното единство. Зошто господа мислам дека е важен тој елемент на националното единство.

Се сеќавам на еден од последните дискусии кога претседателот Глигоров дискутираше овде, на македонскиот парламент, незнам за што беше, го спомна проблемот на националното единство, со еден тон, нели, вака,на патетика и дури ми се чини имаше и солзи во очите, и исто така ни кажуваше некои примери од македонската историја како тој како дете гледал како горат некои луѓе на куќите во Штип или незнам се какви освети меѓу македонските организации.

Зошто го спомнувам тој момент на националното единство господа? Затоа што ние не можеме да зборуваме за национално единство во Република Македонија, не можеме да зборуваме ниту за државно единство во Република Македонија, господа, додека едната страна во Република Македонија, тоа е Владата на Република Македонија, тоа е власта во Република Македонија ги става сите елементи, сите сили на она што се нарекува МВР, државна безбедност на Република Македонија во функција на гонење на својата опозиција, на прогонство на својата опозиција.

Тоа е сигурно факт преку кој вие никој не можете да премижите ако имате малку совест во себе. Јас, господа, се грозам над зборовите изнесени од страна на началникот на II управа на македонската државна без бедност господин Добри Величковски, кој на видео касетата вели - другари, или господа, не се сеќавам, или браќа беше, ние оваа организација ја формираме со цел, ако треба и ќе убиваме политички лидери во Република Македонија, дури и премиерот на Владата ако треба ќе го ликвидираме. Тоа се зборовите на началникот на II управа на државна безбедност на Република Македонија.

IX/5.-

За кое сега ние национално единство, господа, денеска зборуваме? За какво национално единство зборуваме кога имаме јасни документи каде што;Владата на Република Македонија е решена да ликвидира Свои противници од политичката опозиција, се поставува прашањето? И, какви се тие демагогии кои досега ги слушаме најчесто^ од највисоки функционери на Република Македонија дека се бореле за некакво национално единство?

Национално единство со формирање на паравоени организации кои треба да убиваат во Република Македонија не можеме да имаме никогаш и не можеме ни да сонуваме господа. Тоа е првата работа што во оваа ситуација сакам Да ви ја кажам.

Во истиот тој контекст, кога, го спомнав веќе претседателот ние веќе на неколку пати го,изнесовме овде фактот, од нашите пратеници и ова е факт кој ден денеска може да се провери дека началник за прислушување во Република. Македонија е господинот Мите Апостолоски, внук, директен внук .на претседателот на Република Македонија господин Киро Глигоров.

Јас господа, само ќе ви кажам дека вакви примери денеска нема ни во Куба ниту во Кина не можете да најдете. Морална должност беше на тој претседател и да го затекнал тој човек, а не после да го назначува, морална должност беше и морална чесност од едно вакви исклучително важно место да се нема роднинска и таква врска, таква блиска роднинска врска. Сето тоа зборува дека за жал, во Република Македонија многу работи не чинат, меѓутоа, не чинат од највисоките институции на власта во Република Македонија, или , како што беше онаа изјава што беше дадена, исто така, од еден припадник на државната безбедност дека, за жал, претседателот на Република Македонија господин Киро Глигоров ги викал истите тие началници од државна без бедност и таму во

претседателската канцеларија уживале да ги слушаат телефонските разговори на партијата ВМРО-ДПМНЕ.

Јас, за жал господа, се грозам од една ваква слика да помислам на неа во вакви настани што и се случуваат во Република Македонија.

И на крајот, господа, пак ќе се вратам на она што го нарекувам моја амбиција да ве убедам сите вас како политички партии или како членови на Владата ова што денеска го изнесовме да не биде повторно само напразно зборување, туку да биде настан, зад кој нас- тан ќе се сносат конкретни одговорности и конкретни последици за главните актери на целата оваа политика, на сите овие три политички скандали кои ни се случија во Република Македонија.

Зошто инсистирам кај сите вас да се развие тоа морално чувство повеќе отколку партиското чувство?

Затоа што, господа, вие знаете дека 48 години во оваа држава страв и трепет за овој- народ и за сите граѓани беше она што се нарекуваше најпрвин КОС, па УДБА, па ДБ, па се она што беше, нели, во тој арсенал на тие така наречени тајна политичка, тајна комунистичка полиција, државна сигурност, организации кои беа формирани во сите источно европски земји.

Зошто инсистирам на тој момент?

Затоа што, господа, после 48 години за прв пат во оваа македонска држава, ние, како политички партии и целата македонска јавност крадецот наречен Државна безбедност на Република Македонија, криминалецот наречен Државна безбедност на Република Македонија, терористот кој се нарекува Државна сигурност на Република Македонија кој 48 години ги малтретира овие граѓани, за прв пат го имаме стиснато вака (покажува стисната тупаница) цврсто во рака. За прв пат во историјата на македонскиот народ Државната безбедност на Република

Македонија е ставена на една ваква отворена сцена пред сите политички партии и пред целата македонска јавност, со документи и со аргументи кои не може да ги побие ниедна жива сила и може само слепиот кој не сака да ги види, да замижи пред тие аргументи.

Овде не е прашањето рамо на политичките субјекти ва Република Македонија. 48 години од оваа иста Служба се прави прогонство на политичари, се прави прогонство на познати интелектуалци, на професори на факултети, на видни граѓани од биело која област во Република Македонија се,прави на сите слободно мислечки луѓе во Република Македонија.

Денеска, за прв пат таа Служба за државна безбедност, за која постојано шушкаме дека некој не контролира, дека некој не следи, дека некој ни ги слуша телефоните, ја имаме фатено здраво пред целата македонска јавност.

Оттука, од сите нас зависи, не само со ВМРО-ДПМНЕ, не само од поширокиот дел на опозицијата, туку зависи пред се од самите пратеници кои седат во коалиционите партнери само затоа што со нивните гласови може да бидат до крај санкционирани казните и да бидат ослободени од својата вина. Значи, од сите нас зависи, дали и понатаму ќе зборуваме дека некој не шпионира, дека некој не следи или ги слуша телефонските разговори. Овој пат, за прв пат го потенцирам фактот, после 48 години бандитот наречен Државна сигурност на Република Македонија, Државна безбедност на Република Македонија е пред сите нас. тој е пред нас, ~а не ние пред него како што беше досег во сите изминати години.,

Оттука сметам дека и нашата морална одговорност е она што денеска го имаме како аргументи да го санкционираме до крај. Тоа ќе биде не само наша лична обврска, како граѓани, туку тоа ќе биде наша обврска спрема нашите гласачи за кои, јас ве уверувам, без разлика

дали се социјалисти, комунисти, реформисти или албанци од ПДП и НДП, сите навиваат и сите посакуваат да се стави еднаш за секогаш точка на она што се нарекува државна репресија во Република Македонија

Тоа беа моите аргументи. И, на крајот, навистина се \надевам дека на крајот, пратениците ќе гласаат повеќе со својата совест отколку со својата политичка припадност .

**ЉУБОРМИ ФРЧКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, Веќе два дена расправаме за Извештајот на Комисијата за контрола на СДБ и по повод него. Додуше, слушнавме голем број дигресии околу целокупната политичка ситуација во Република Македонија, повторно и за оваа тема. ЈАС ЌЕ се обидам да се задржам само на две точки, не барајќи никакви политички сатисфакции од функционирањето и расправањето на овие теми. Едноставно, држејќи се до она што се нарекува факти и факти дефинирани .во самиот извештај, мала анализа на Извештајот на самата комисија. Ќе си дозволам да го кажам своето мислење по сите три точки опфатени во него.

Прво, беше голема расправа околу тоа како се реформира и со кој ритам се реформира МВР, во тој контекст СДБ.

Имено, тврдам, а тоа може да се провери, дека реформата во овој дел на Државната управа е пред сите реформи на државната управа, воопшто на Македонија. Дека, во рамките на оваа трансформација само завршен акт се законите, двата закони што ќе дојдат пред овој парламент веќе овие денови, ако поминаа во Владата. Тоа само ја завршува, става крај, става точка, на етапата на трансформацијата на МВР. Но, таа трансформација оди претходно и е веројатно најрадикална и најдлабока, исто така и најбрза реформа која во државната структура на Република Македонија, освен нормално конституираните Парламент, Влада,

претседател на Република во согласност со новиот Устав. Значи, во самата државна управа што се води во Републиката.
МВР ги отвори сите прашања кои останаа теми или се класични теми на овие министерства од пост-комунистичките земји поради нивното претходно функционирање во еднопартиските системи.

Имено, пред Парламентот на Владата помина, ќе дојде прашањето на отворање на до идејата кои министерството ги наследи односно јас ги наследив на негово чело кога;го презедов мандатот, ќе се дефинираат сите прашања кои се или ќе "6е расчистат сите проблеми -што се однесуваат на третманот на материјалот во тие досиеја и за тоа предложивме, како што е и, ред, како ,што е и стандард во другите земји,. парламентарна комисија составена од пратеници и од експерти од надвор која ќе го даде судот за материјалот што се наоѓа во досиејата

На кој начин тој ќе се третира. Со тоа во Македонија се завршува на релативно мек начин едно од прашањата кое претставуваше траума за сите пост-комунистички земји. Тоа сепак претставува умеење, претставува начин на успешната реформа на Министерството во оваа област која е мошне осетлива, која, нормално, завршен дел ќе биде воден во парламентот.

Во однос на кадровската структура, конечно, да го демистифицираме бројот во МВР. Едноставно не е фер спрема луѓето кои работат таму да се користат перманентно манипулации околу нивниот број околу тоа дали се тие дел од една структура која се претвора во политичка полиција или се, едноставно, вработени во МВР кои со одлука на Влада, чија систематизација е прифатена со Одлука ва Влада и која систематизација и бројност е два пати помала него односот на полицијата и граѓанството во било која западноевропска земја. И тоа така ќе остане. Тој број нема да се зголемува, земајќи ги пред вид нашите потреби, економските и сите други параметри.

IX/9.-

Конечно, тој податок и во демократските земји не се изнесува на овој начин, конечно ќе ги демистифицираме. Десет илјади луѓе брои комплетната систематизација на МВР. Од нив 8,5 илјади се исполнети во овој момент. Со Заклучок на Владата, понатамошното исполнување на следните 15 00 ќе оди само со заклучок на Владата, не со самостојна иницијатива на Министерството. Тоа е дефиниран број. Систематизација која може да се добие од страна на Владата.

Во однос на кадрите јас тврдам, јас незнам од каде се податоците дека се тоа "стари цигли". Може би МВР, не можеби него сигурно МВР има апсолутно најмлад состав од сите министерства во целокупната државна управа на Македонија.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:** (Продолжение)

Меѓутоа, 85% од вработените се млади професионалци кои што се вработиле последните две-три години. Јас незнам дали тие примаат, по мое мислење и длабоко уверување,нормално образование, кои немаат идеолошко образование и идеолошка импрегнација. И, или треба привична дрскост, да се наречат садисти, да се наречат и да се наречат воспитуваници на еден насилнички дух зашто тоа се манифестира преку оваа говорница јавно. Делува дегутантно упикувањето, односно подлизнувањето на еден дел од полицијата и правењето разлика дека има еден дел, кој наводно е млад и неконтаминиран, има друг дел кој е еве, е под потполна контаминација на некаква политичка врхушка, такви едноставно линии на раздор, едноставно, не можат да поминат. Може да се обидуваат, да се направат, но нема да поминат. Во име, и само заради стабилноста на македонската држава, а не заради каприци и оцноси внатре во Министерството. Едноставно тоа не функционира. Не може да помине внатре, обид за таква поделба.

Сега сакам да направам еден осврт на темата за која ние разговараме овие два дена, после заклучоците на Комисијата однос- но Извештајот на Комисијата за контрола на Службата за државна безбеност. Опфатени се три прашања и за трите прашања не сакам да зборувам во овој случај намерно за конфузиите и лутањата околу начинот на кој Комисијата треба да работи. Тоа го оставам на составот на Комисијата, тоа прашање да го разреши. Нас ни создаде големи проблеми, едноставно парираме да одговориме на тоа што Комисијата воопшто сака. Но на тој начин тоа нема да го расправаме. Сега веќе имаме извештај пред нас, а јас сакам да ги коментирам заклучоците.

Првата точка за која е расправано се однесува на растурањето на летоци на бугарски јазик. Првата грешка која што е направена, која што јавно овдека ќе ја кажам, што воопшто оваа Комисија се има бавено со овој проблем, бидејќи овој проблем во ниеден случај не спаѓа во надлежност на Комисијата за контрола над работата на СДБ. Целокупниот проблем од оваа област е проблемот јавна безбедност А зошто е направена оваа замена на тезите, единствено објаснување е поради партиската утилитарност односно желба да се даде материјал за она што еден пратеник, претходниот, го рече овде партиска сатисфакција. Меѓутоа, господа, Комисијата за контрола на државната безбедност не функционира заради партиски сатисфакции. Таа функционира за- ради утврдување дали соодветниот орган ги прекршил уставните и закон- ските норми на своето однесување. Во овој случај државната безбедност со овој проблем нема ништо. Тоа е комплетно во сферата на јавната безбедност. Ако би требало тоа да се расправа, Комисијата требаше да предложи да се формира анкетна комисија во Парламентот која што ќе расправа по тој проблем, а не самата да го расправа, бидејќи тоа не е во нејзина надлежност. Но, не е важно. Кога веќе тоа го расправала Комисијата, Министерството . прв пат, тие материјали, а поминаа двајца министри претходно, прв пат одлучи без било какви резерви да ги стави на увид. Тоа, исто така, е важно да се забележи. Тоа зборува за еден став на Министерството и кооперативност околу расправата по овие точки. Што се заклучи по тоа? Се доби она што претходниот пратеник го спомена овде, функционирање на Комисијата во смисла на партиска сатисфакција. Ништо повеќе. Имено, не се открива ниту еден аргумент, аргумент кој може да покаже дека некој е одговорен, дека некој граѓанин на Македонија е одговорен за тоа. Постои оперативна белешка дека има такви сознанија, од испитувањата на еден од фатените луѓе. Меѓутоа, тоа не е аргумент. Тоа

е став на тој човек, кој работникот кој работел со него, го запишал. Тоа никаде во судот не се третира како документ. Затоа и Владата упатува на судска процедура. Ако мисли некој граѓанин или некоја група дека интересот му е повре- ден а некоја служба наводно се спротивставува на тоа да го даде, да ја замачка таа работа, постои процедура, во која се дефинираат аргументите за и контра и на крајот на која луѓето можат да се кажат, тоа овој го направил, а тоа не го направил. Што значи узурпацијата на правото на оваа говорница да се каже дека тој го направил тоа? Немајќи при себе ниту еден документ за тоа, Министерството за внатрешни работи тоа не го направи. Тоа го направија некои пратеници овдека. И да ги има податоците, кој тип на податоци ги има, Министерството ако има основа за покренување на кривична постапка, тоа ќе го напра- ви..И тогаш тоа е став на Министерството. Не е точно и е правничка неинформираност да се тврди дека не можело никој да поднесе кривична пријава или да поведе кривична постапка затоа што ги немал доказите кај себе. Тоа е неписменост правничка и може, тоа секој го знае,да поднесе секој кривична пријава до јавниот обвинител, до МВР или дури директно до судот. Па судот после ќе го препрати до соодветниот орган упатувајќи на орган кај кој можат да се најдат доказите, дури и без докази, со индиции. И доколку јавниот обвинител најде за сходно и процени дека има тежина во таквата оптужба, покренува јавно обвинение. Тоа не е направено. Јас незнам зошто? Не е направено затоа што, сепак оваа Комисија и ова испитување функционира единствено заради партиска пропаганда и партиска сатисфакција, што инаку јавно беше кажано, и што лично тоа го поздравувам, како пријатно изненадување.

X/4

Заклучокот од расправата по првата точка, незнам зашто расправале. Нема човек кој што е посочен како одговорен. Нема човек кој е посочен во Министерството како одговорен за тоа што не го направил воопшто, ниту процедура која се водела да се докаже тоа. Има заклучок дека тоа е една партија, меѓутоа тоа се работи меѓу партиите во предизборната кампања. Ако има кривично дело една од партиите, погодениот граѓанин повлекува процедура за тоа. И на суд има маса случаи такви каде се докажуваат кршењата на закон&те. Ова не е дело за кое Министерството по службена должност покренува кривична пријава. И да го демистифицираме тоа. Тоа немало обврска тоа да го направи.

Вториот случај, нам упорно ни се наспроти целокупната пракса, наспроти целокупното искуство на функционирање на македонската полиција, во овој период, наспроти судирите и посебното инсистирање на оневозможување на паравоени формации, на илегална трговија со оружје упорно се обидува, да не речам бесрамно, еве упорно се обидува да се продаде на македонската јавност шарената лажа дека македонската полиција покрај сопствените ресурси на монопол на сила, кој што ги има легално, уставно и законски, се обидува да формира паравоени формации, заради незнам какви мотиви? Заради, пучистички, веројатно. И тоа упорно се обидува да се протегне како аргумент односно како некаква аргументација. Тука, едноставно господа, веќе не постои човек на кој што може тоа да му се продаде. МВР во безбројни ситуации покажа дека токму на прашањето на блокирањето и на контрола на илегалната трговија со оружје е најмалку или бескомпромисна. И дека тоа ќе го прави до крај, затоа што тоа е еден од елементите врз кој македонската држава во овој дел на работите може најлесно да се дестабилизира, поради мешовитиот етнички состав, поради начинот, односно кризата во целиот регион, околу синдромот на самоодбрана што се јавува во голем број на држави околу нас. И ако таа

линија на Министерството може да се доведе под сомнеж, една шарена лага дека некој формирал во Министерството паравоена формација, за незнам какви мотиви веројатно да го преземеме ова што веќе го имаме сега. Тоа, јас незнам, како тоа може да помине и да се брани овде.

Второ, цело време како аргумент за тоа се користат реченици кои се кажани од нашите службеници кои во таа акција имаа за цел ставање под контрола на група за која се обидува да се оформи. Ве молам, постои Правилник за работа на Службата за државна безбедност. Тој правилник е објавен во Службен весник. Во членот.25 од тој правилник се вели дека сите работници на СДБ во акциите, со цел разбивање и оневозможување, во овој случај паравоени групи и организации кои се формираат можат да користат пласирање на информации и дезинформации заради постигнување на целта. Нивната активност под ставање под контрола или разбиваше на група паравоена која што се формира,проценката на начинот над кој што ќе постапуваат се комплетно правно покриени, со правилникот за работа вработените во СДБ што е објавен во Службен весник и тоа господа, секаде во такви ситуации сите, службите за државна безбедност користат такви слични методи. Од тоа да се прави главна аргументација дека СДБ формирала таква група, во основа, за да речеме направи пуч или пак сега да компромитира некоја партија, е ишкање на мувата едноставно. Не може во овој случај, ние едноставно мене не ме интересираат судирите задграничните комитети или во незнам какви други комитети на одделни партии. Меѓутоа, не може СДБ да глуми или МВР да глуми вреќа за боксирање, тогаш кога ќе се случат разни судири меѓу струите во задграничните комитети, кои што почнаа да се делат на србомански, бигарофилски, кога едните и другите ќе почнат да се оптужуваат и да го вадат својот прљав веш надвор за да се оптужат дека се да речеме

едните под контрола над КОС, а другите незнам под каква контрола. Тоа се работи на тие партии. Проблемот на пенетрација или на наоѓање, случајно, веројатно случајно на нивните членови во сите овие можни комбинации, тоа е повторно проблем на тие партии.

Проблем на СДБ е оневозможување на странското влијание по сите линии во Република Македонија, врзување, тоа странско влијание оди, за жал, и низ обид да се пенетрираат во државните институции, во партиите во здруженијата на граѓани или едноставно во администрацијата на државата. Тоа е задача за која службениците во СДБ се платени. И тоа, тие, секогаш ќе го прават. Судирот или обидот да се блокираат во таа смисла,. значи најдиректно, тоа секаде значело, удар врз темелите на стабилноста на државата. Едноставно таа служба не може и не е во функција на ниедна актуелна политичка елита. Нејзината стабилност е важна и директно поврзана за стабилноста на Република Македонија. И тие две лончиња ако се измешаат, мислам, се прави удар, што инаку од дел од ;политичката партија која што тоа често го прави, тоа не е само во овој случај, тука се сите четири - пет историски, условно да кажеме,акти на осамостојување на македонската држава, со ист проблем се наоѓаме, со судир и дефакто, опструкција. Тоа, нормално се оправдува со некакви порадикални, национални цели, порадикални програми, но дефакто, тоа останува забележано како опструкција. Судирот нормално со СДБ, со МВР од почетокот е судир со актуелната власт. Тој е норма- лен доколку оди низ процедура која што е предвидена во Парламентот. Но едноставно е ненормален, кога оди по секоја цена притоа користејќи ги сите средства. Во ниеден случај, јас не мислам дека постои граѓанин во Република Македонија кој ќе тврди дека денес демократскиот живот во Република Македонија е под нивото на она кое живеевме пред три или четири години. Тоа е едноставно е фарса. Не можете никого да го убедите во тоа. Каде е таа мрачна, каде

се тие мрачни сили на државната безбедност кои ја држат партијата да не пркне или некоја партија да не пркне во својата политичка програма кои ја држат стално на дното, ве молам. Таа едноставно, тој лилихит не може да се продаде, никому веќе во Македонија.

Третиот заклучок на Комисијата за контрола на СДБ, е можеби кулминација на конфузијата. Имено, ако го прочитате прецизно ве молам господа пратеници, заклучокот требт во врска со наводното прислушување на партискиот телефон на Партијата ВМРО-ДПМНЕ вие ќе заклучите дека такво нешто во заклучокот не е забележано. Во заклучокот е извршена една замена на теза. Што била задача на таа Комисија, по повод конкретната пресметка на политичката партија, а и моето барање како министер за внатрешни работи? Прецизна задача имала Комисијата, да утврди дали во применетите оперативно - технички средства значи не е спорно дека тие оперативно - технички средства Службата ги применила:, туку дали во тие применети оперативни технички средства има такво кое е поврзано со прислушување на партискиот телефон на споменатата партија под насловот "Дувло". Такво нешто не е најдено Ако не е најдено, многу е важно, во самата Комисија, е важно да се констатира, таков заклучок на Комисијата, дека таков материјал при увидот во архивите,во книгите кој е направен на СДБ не е констатиран Тоа е многу важно.

Второ, доколку претседателот на Комисијата или некои членови на Комисијата се сомневаат на фалсификувани документи, што претставува кривично дело, тие се должни да поднесат кривична пријава или да отворат процедура за утврдување на веродостојноста на документите. Должни сте зашто тоа веќе не е проблем на процена. И тоа во процедура се остварува. И можеме да заклучиме дека, пред судот кој е трета сила,

односно трета власт во Република Македонија, за среќа пред кој сите сме клиенти, можеме да утврдиме точно дали документите се фалсификат или не. За тоа постои процедура. Не е доволно тврдењето на пратеникот пред оваа говорница, како што не е доволно ни моето тврдење, во овој случај. Затоа постои процедура. Што е утврдено во извештајот на Комисијата? Утврдено е дека случаите најдени под тие два броја, кои ги барале или четири броја, можеле да бидат најдени уште 4 0 бро^ја. Тврдам, зашто има таму други 4 0 броја. Можеле по случајност по метод на случајност да изберат некои други броеви и ќе бидат најдени други предмети. Тие кои се најде- ни под тие броеви не се во согласност со Уставот и Законот, како е заклучено. Ве молам, што тоа значи? Комисијата, ова прашање дали служењето со оперативно - технички средства е во согласност со Уставот и законот го дефинира во својот извештај за 1991-1992 година, на страница 5, мене ми е просто непријатно од комплиментите што се дадени за Служба^ѓа на оваа страна. Јас ќе се задржам малку и ќе ги прочитам: "Примената на оперативно - техничките средства и методи на работата на СДБ". Тоа се тие господа .Комисијата констатира дека се спроведуваат во согласност со Законот за основите на системот на државната безбедност. Значи Комисијата тоа го констатира и правилата за работа на СДБ и упатството за примена итн. објавено во Службен весник. Значи Комисијата тоа го констатира. Практично - идеална слика. Мене ми е непријатно што (реакции на пратениците од место)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам господо.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Ве молам господо, малку стрпете се сега, воздржете се малку. Тоа завршува април 1992 година. Практично се покриени сите предмети кои

наводно овде се испитуваат овде со посебна претставка.

Практично временски се покриваат комплетно. Уставот е донесен, да не ви споменувам скоро 8-9 месеци, толку е тоа и Комисијата функционирала во рамките на новиот устав и можела да констатира неуставноста и незаконитоста на ова функционирање. Тоа можела слободно да го констатира. Таа тоа не го констатира. Наспроти тоа, ни дава комплименти за една крајна коректност на примената понатаму, "Комисијата оцени дека примената на овие оперативно - технички средства се одвиваше во согласност со законите, со максимална објективизираност на критериумите и условите за нивна примена. При тоа не е регистриран случај на нивна недозволена примена или злоупотреба на сознанијата добиени од нивната примена, ниту пак е регистрирана поплака од страна на граѓаните"'. Ви велам, мене ми е малку незгодно од овие комплименти што ги : има дадено оваа Комисија, меѓутоа, за прашањето на кое Комисијата ,одговара во претставката, таа одговорила во својот долгогодишен извештај, со овие комплименти кој ви ги спомнав.

XI/1 CJ/OM

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ**: (Продолжение)

Овде, во оваа претставка, таа имала единствена задача да утврди дали меѓу овие примени кој ги оценува како законски и уставни има таков кој се однесува прислушување на партискиот телефон на дадената партија. Тоа не го нашла, а тоа не го констатирала дека не го нашла. Требало да констатира, можел, велам дека можел претседателот на Комисијата да изрази сомнеж во материјалите тоа е негова работа, но тоа требал да го каже. Не сме нашле таков предмет, сме нашле некои други предмети по тие броеви, мислиме дека тие се фалсификувани, молим лепо, и отвораме процедура за нивна проверка, бидејќи ако се фалсификувани, велам, тоа е кривично дело. И, тоа не смее да остане, како сега, оставате некои нерешени проблеми околу фалсификати во евиденцијата на СДБ не расветлени. Тоа е скандал.

Зошто се врши оваа замена на тези, а што всушност се случува? Всушност, јас имам разбирање за комисијата, за поголемиот дел на комисијата, таа е изложена на класична, досега видена во претходниот систем ситуација кога одлука донесена во Централниот комитет на една партија, во овој случај тоа исто се вика, мора да се спроведе во државните и пара државните органи на институциите. За тоа мора да се спроведе, мора да се докаже партиската сатисфакција во првата точка, мора да се докаже апсурдната теза дека МВР формира покрај своите 4,5 илјади униформисани полицајци и додатна паравоена формација од нивните членови, што е ова сега една супер крими ситуација кои се употребливи, а фала богу не смеат да се вадат употребливи за различни комбинации луѓе и сега една таква ситуација уште јавно се снима, следите, ние барем можеме евидентна работа, ако се користи нешто за компромитација барем толку професионалност имаме тајно да го

снимаме тоа и да не им ја дадеме касетата уште плус одозгора. Значи тоа е една таква ситуација невозможно да се убеди, невозможно едноставно да се убеди човек со здрав разум. И тоа се заради тоа што овде владее комунистичка диктатура која не е забележана нигде и со тие ситни и невешти ситуации таа се обидува власта која ја контролира, веќе не знам како, веројатно да ја докотролира, незнам што да направи уште дополнително во целата работа. Но, постои потполна апсурдност на тезите и со една нормална изнасиленост да се спроведе партиски став низ државната комисија, нормално,тука и покрај правната бравурозност на претседателот на комисијата тоа е тешко да се изведе.

Зошто на еден начин сум наведен да спомнам дека едноставно МВР и СДБ одбива да глуми овде вреќа за боксирање на фрустрираните политички субјекти кои имаат некакви проблеми со твојата идентификација во јавноста, кои доживуваат политичка јаловост или проблеми со својот програм и на кој едноставно мора да се најде некоја мрачна сила, некоја политичка структура која ги држи под јармени заради оправдување на таквата политичка состојба.

Ние претходно слушнавме. една интересна тема во претходните расправи дека ние дури сме обезбедувале по двајца по тројца дискутанти на секоја трибина на опозицијата. И сме ги компромитирале со разни тези тие трибини на опозицијата. Господа, па ќе излезе на крај дека ние сме ја организирале опозицијата како таква за да ја излажеме белосветската јавност дека во Македонија постои демократија, а ние функционираме идеално во еден еднопартиски систем, во една комплетна диктатура. (реакција на дел од пратениците, а претседателот бара од пратениците да има тишина). Нема потреба дури и не дај Боже

некому да се развива таква идеја, нема потреба воопшто СДБ тоа да го прави, вашиот состав е таков да ни најголема фантазија на СДБ нема да направат една таква композиција, употреблива композиција за различни линии и тоа воопшто нема потреба тука да се некои посебен напор, не дај Боже од официјалните органи на власт во таква насока прави. Едноставно ни од почетокот ни сега ни во иднина таква активност на МВР не само да не е забележана туку постојат, јас незнам веќе од механизми кои постојат и во егзекутивната власт и во законодавната власт за контрола на таквите активности но на овој начин користење на партиска пропаганда односно користење на парадржавни или државни комисии за спроведување на партиски заклучоци тука апсолутно нигде нема да дојдеме, апсолутно никаде нема да дојдеме со вакво нешто. Тоа едноставно ги закопува страните, дефинитивно ги премачкува сите можни процедури кои се измислени во демократијата кога има судрени интереси постои процедура како судрените интереси се разрешуваат. Сите процедури се прескакаат, судот се остава потполно настрана веројатно сметајќи дека и судот е под контрола на комунистичката власт и дека е нема никакво доверие во него, меѓутоа псотоиме на тие позиции тука не постои никаква шанса да се решат споровите, различните политички ставови по даден проблем.

На крајот сметам дека парламентот е соочен со една потполно неаргументирана, партиски потполно обоен извештај на комисија која функционира потполно со предрасуди на еден претходен партиски став без ниеден аргумент кој треба да ги докаже тезите кои се отвораат составот на изјавите во самиот извештај не дава никаква права основа да се дефинира дека некој нешто направил во целата ситуација. Можеби некој направил нешто, меѓутоа за тоа е потребно да се утврдат докази

а не да се тврди дека во тие два броја во дадената архива е прекршен Уставот и Законот. Кој се тие два броја? Зошто е прекршен Уставот и Законот кога претходно постои цврста законска основа за нивната употреба, не постои став на Уставниот суд дека по таквите предмети е прекршен Уставот, не постои став на Советот на Врховниот суд кој во случај на разлики меѓу Уставот и законодавството ја усогласува праксата. Да ве потсетам, таков став на Советот на Врховниот суд постоеше кога се работеше за притворот. уставот предвидува 24 часа, постојниот Закон предвидуваше три дена. Имаше став на Советот на Врховниот суд дека ќе се применува директно уставната одредба. Таква ситуација во овој случај нема. Постои потполна законска покриеност на употребата на оперативно - техничките средства.

Второ,прв пат за овие незнам колку години и компаративно прв пат и можеби сме единствен случај земајќи ги примерите во запад- но европските демократски земји во кои правилникот за употреба на овие оперативно - технички средства е објавен во “Службен весник". Објавен е, последниот Правилник, досега тоа не било пракса и тој сега е објавен. Ние направивме и чекор понатака кон транспарентноста на критериумите према кои тие средства се употребуваат. Јас незнам што треба повеќе да се направи.

Во секој случај сметам дека извештајот поради ова не треба да се прифати, треба да се прифати информацијата на Владата која ви е доставена.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Стоиле Стојков, бара процедурална интервенција. (реакција на дел од пратениците) Ве молам, тишина дајте денес да завршиме со оваа точка. Има уште тројца учесници. Два дена расправаме немојте. Ајде ве молам.

XI/5.-

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, морам да реагирам на говорот на министерот затоа што прво и основно неговиот говор беше политички говор што е и нормално, затоа што е припадник на партијата на Социјалдемократскиот сојуз.

Второ, морам да му објаснам, без разлика што е доктор по правни науки дека полицијата односно Министерството за внатрешни работи нема дискреционо право да цени дали е некој кривично дело или не или е кривично дело. Се 'знае кој може да цени, јавниот обвинител итн. меѓутоа, во Законот за кривична постапка од член 149 до 151 е регулирана .постапката како и кој. Министерството е обврзано при постоење за сомневање на кривично дело да поднесе кривична пријава.

За мене , тоа е ваше толкување.

Овде стварно се изнесоа замени на тези затоа што место да се разгледува од страна на министерот извештајот што е на дневен ред, се разгледуваше извештајот "за 1991 година, што оваа Комисија му го има испратено на Собранието и се изнесоа некои податоци дека Министерството се во суперлативи и за СДБ, меѓутоа морам да кажам пратениците да знаат дека тие податоци што се содржани во тој извештај и акое поднесен во мај и ли во април месец 1992 година не се сеќавам точно, се добиени во октомври месец 1991 година во министерството за внатрешни работи односно во СДБ и за тоа постои магнетограм односно записник да го наречеме. Се знае кога се добиени колку се такви случаи, под какви услови итн. со една гаранција од потсекретарот и од тогашниот министер дека се е ова во согласност со Законот. Има број колку се случаите на примена на контрола на телефон итн. Затоа не може да се споредуваат настаните до октомври 1991 година за што всушност се однесува извештајот тој за 1991 год и овде да се расправа по него. Не

расправаме по тој извештај, незнам можеби министерот се заборавил па ги имал двата и не знае кој предмет е, кој извештај е предмет на денешнава расправа.

Исто така морам да реагирам дека министерот од оваа говорница не може да толкува ниту закони ниту деловникот на собраниската комисија, тоа е право на други работни тела на ова Собрание и морам исто така да го потсетам дека, точно е дека Комисијата заклучоците ги донесе како партиски заклучоци затоа што за првиот заклучок гласаа пратениците кои се членови на таа комисија од ВМРО-ДПМНЕ, од ПДП и од Реформските сили - Либерална партија. Значи ние сме овде партиски определени. Јас не гледам дека тие заклучоци не би биле партиски заклучоци. Се партиски заклучоци, меѓутоа првиот заклучок е донесен со гласовите на три партии, што значи дека единствено тие што не присуствуваа не гласаа за тој заклучок, а верувам дека ако присуствуваше пратеникот член на таа комисија од Социјалдемократскиот сојуз де?са и тој ќе гласаше за, .меѓутоа тој не беше присутен, а сите едногласно гласаа за тој заклучок, без разлика. Можам уште еднаш да повторам дека тој заклучок и сите заклучоци се партиски затоа што ние сме партиски обоени луѓе. Во овој Парламент претставуваме свои партии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Флоровски сака процедурална забелешка.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Еве господо само да ви прочитам еден цитат од 21.об.1992 година,на затворена седница на минатата Влада на господинот Кљусев. Еве што вели господинот Фрчковски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама, чекајте, каква врска има тоа сега?

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Демант на она што го зборуваше.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не ве молам.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Еве што вели господинот Фрчковски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Затворените седници може само Владата да ги отвора.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ова по се изгледа е потребно да се испазари сега додека ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде напуштете ја говорницата, ве молам, напуштете ја говорницата. Ајде ве молам напуштете ја говорницата сега. Вашата интервенција не е од деловнички карактер. Ајде да си седнете на место Господине Флоровски. Седнете си таму. Да. Седнете на местото, ослободете ја говорницата. Не, не ослободете ја вие говорницата. Вие ќе добиете збор, ако барате збор некогаш кога ќе дојде ред, а за тоа зборувавте еден саат.(реакција на дел од пратениците во салата).

Спировски бара процедурална забелешка.

Тишина, нема што утре сега, треба денес да завршиме. Три дена истава работа да ја гусламе. Немојте така, па треба да се работи немојте така .Имаме многу несвршени работи овде.

XI/8.-

**АЛЕКСАНДАР СПИРОВСКИ:**

Јас навистина сакам да прашам нешто процедурално бидејќи го слушнав добро излагањето на господинот министер Фрчковски, а тоа се однесуваше на ненадлежност на комисија избрана од овој Парламент. јас само ќе прашам бидејќи тој наведе да комисијата што ја формира овој Парламент за испитување на работата на СДБ дека истата не била наводно надлежна односно дека тоа е предмет воопшто како прашање не било предмет на СДБ односно тоа е предмет за работа на јавната безбедност, па во тој контекст предлага и анкетна комисија, па понатаму предлага и судска процедура во која би се вклучил и јавниот обвинител, го енетесира ставот на уставниот суд, доста дискутира и за Уставот како што гледаме. Јас само едно ќе ве запрашам Вас Господине претседателе пошто кај вас забележав насмевка кај господинот Тито Петковски и господинот Киро Поповски кои ја одобрувавте неговата дискусија како дозволивте вака Парламентот, звенете али ќе ви кажам, да дозволите да Парламентот испадне тотално неписмен.

**СТОЈАНА НДОВ:**

Седнете си Вие.

Господин Петковски.

Господине Петковски извинете за момент нова процедурална интервенција на Наум Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, досега не се вклучив во расправата по овој извештај од едноставна причина што и ако сум член на комисијата која ги разгледуваше сите овие проблеми и прашања кој беа поставени од едноставна причина тоа предимство му го давав на претседателот на

комисијата и го очекував неговиот настап и неговото образложение по однос на целокупниот извештај. Но како тој сега за прв пат стана во процедурална забелешка должен сум и јас истото тоа да го направам.

За жал господинот претседател не се осврна воопшто нешто да коментира процедурално по однос на извештајот, по однос на третата точка, а која по мое мислеше е една од најбитните за извештајот по која што и во самиот извештај е заклучено за проблематиката која расправано на истата да по однос на третото прашање постои општа констатација од членовите на комисијата дека работата не е извршена до крај поради основно сомнение за валидност или невалидност на одредена документација. Ова прашање за прв пат го покрена и господинот министер со неговата адекватна елаборација, така да, сега прв апат кажувам, целокупната работа на комисијата не е завршена до крај по однос на сите поставени три прашања. Така да и поднесениот извештај од комисијата кој е усвоен со одреден број на гласови од одредена група го сметам за невалиден и недозавршен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро. еве уште дна интервенција на Стоиле Стојков, на претседателот на комисијата.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, јас на некој начин не процедурална интервенција затоа што претседател на таа комисија сум јас, значи бев на некој начин повикан и овде морам да одговорам. Не се работи за тоа дали е завршена работата на комисијата или не. Комисијата има деловник во тој деловник стои дека комисијата за одредени прашања донесува свои заклучоци. Во сите три случаи оваа комисија има

донесено свои заклучоци. Тие заклучоци се збир на компромиси, морам да кажам , еве зошто. Затоа што вие сте свесни дека во сите работни тела кога се носат одредени решенија секогаш е тоа збир на компромиси односно се употребуваат демократските механизми, а тоа е гласањето, гласање, надгласувања итн. Сите заклучоци во оваа комисија се носат согласно Деловникот, се носат со мнозинство гласови од членови на Комисијата или од присутните. Во овој случај Имаме три заклучоци од три прашања за кои расправаме еве веќе два дена. Првиот е донесен со првиот глас за, ни еден против затоа што присуствуваат 5 члена, што значи случајот е завршен со таков заклучок каков што е донесен затоа што е и тоа збир на компромиси и тој заклучок, без разлика дали на некого му се допаѓа, на министерот или не му се допаѓа на министерот или на поедини пратеници. Тоа е компромис. Затоа што сите тежнееме да ги решаваме работите како компромис, така овде не убедуваат цело време, па дури и за името ќе ни најдат компромис во ред тоа е друга работа.

Вториот заклучок е исто така донесен со 4 гласа за, значи има мнозинство 1 воздржан, тоа е господинот Наум Симјановски, што реагираше беше воздржан.

По однос на третиот заклучок кој исто така е донесен со 4 глас за, значи е заклучено и по тоа прашање без разлика што пишува доле или не пишува доле. Валидно за комисијата и за јавноста е онолку односно она што го пишува во заклучокот. Уште еднаш ќе повторам дали на некого му се допаѓа или не му се допаѓа, тоа е прашање на вкусот на поедини пратеници односно на вкусот на министерот. Можеби да беше министерот таму како член на таа комисија како доктор на правните науки сигурно еден подолг заклучок ќе ни предложеше и можеби ќе го усвоевме. Овие три заклучоци се збир на компромиси затоа што во таа комисија членуваат членови кои се членови од различни политички партии застапени во овој Парламент.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа пратеници прашањето е кратко. Се приговори за ненадлежност на Комисијата во однос на првата точка . Јас како што се сеќавам таму имаше претставник на СДБ и во текот на целата процедура не се стави приговор за таква работа и сега одеднаш, ако некој не го познава правото, тоа е негов проблем, јас ќе го прашам министерот, дали навистина стоеше овој приговор на надлежност, или не. Тоа е процедурално прашање за да можам да се произнесам по однос на неговото настапување.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСЌИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Со оглед на тоа што се приближи времето да се изјаснуваме по Извештајот на Комисијата, или по Информацијата на Владата, иако некои велат дека е рано, мислам дека тоа што имаше да се каже е кажано и треба да се изјасниме конечно. Јас би сакал да поставам едно прашање, иако и пред тоа имав голем број на дилеми, читајќи го Извештајот на Комисијата која што сме ја гласале, заради тоа што во Извештајот не може да се најде ништо што е здрав аргумент и што претставува за вакви или онакви дејанија по трите точки за кои што разговараме, но дилемите се продлабочија со последното искажување на претседателот на Комисијата од која недвосмислено произлегува дека навистина во тој извештај апсолутно не станува збор за фактографија, за факти, туку станува збор за одредени компромиси, кои што евентуално настанале помеѓу тие што гласале за Извештајот, а за Извештајот гласале тројца членови на Комисијата од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и еден член од пратеничката група на ПДП. Процедуралното прашање е дали станува збор за извештај кој што е компромис помеѓу тројца членови на Комисијата од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и

edniot член од пратеничката група на ПДП.. Ако е така тоа е пресуден аргумент кој што потврдува апсолутно дека Извештајот не треба да се прифати.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, и покрај тоа што господ што му дал изгледа не дослушува добро, меѓутоа, господ толку му дарил. Во што е суштината. Компромис се направи околу заклучоците, околу тоа како ќе гласат заклучоците, а фактографија, ако сакате вие извинете не можам да ви дадам фактографија, затоа што не ми одобрил оној што ги има, што донел тајност на тие документи, а тоа е Министерството за внатрешни работи. Побарајте одобрение од министерот за внатрешни работи, од министерот !Фрчковски, јас ќе ви ја доставам целата фактографија. Тогаш ќе бидете запознаени со целата фактографија. Има пропис, односно закон на кој начин и како се располага со тие материјали кој носат ознака доверливо. Јас такво одобрени од министерот не добив, за да ви ги фактографирам сите документи кој е некаде тежок можеби 6 килограми итн.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, онолку колку што претходните интервенции беа деловнички или процедурални и мојата ќе биде исто така.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па да, се користите со таа можност да одолговлечеме со расправата, наместо да завршиме.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи овде во повеќе наврати се спореше компетентноста на Комисијата и се спомна дека таа го прекршила

Деловникот за работа, со што ги пречекорила своите овластувања, а тоа не е поткрепено ниту со еден аргумент за таквите пречекорувања на Комисијата. Се се сведува само на вербални обвинувања. Според мене, како што имаат право другите на свое мислење, исто и јас така, сметам дека Извештајот и понудените заклучоци од страна на Комисијата се донесени во согласност со нејзиниот деловник со гласаше во кое учествувале пратеници од сите парламентарни групи. Тоа што некој од присутните членови, или отсутни на Комисијата биле против, не може да го обезвредни и обезначи Извештајот, ниту пак да ги доведе под сомнение предложените заклучоци. Впрочем и во истиот овој Парламент, голем број акти се донесени со минимум законско мнозинство, но никому не му паднало на ум да ги оспорува нивната валидност и легалитет. Од тука ги сметам за неосновани обвинувањата особено ми пречи агитацијата на министерот кон Парламентот дека овој е Извештајот,, а заклучоците треба да се отфрлат. Тоа е просто дрскост.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сакам процедурално да интервенирам со едно прашање до Претседателството на Собранието на Република Македонија. Дали за време на паузата од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ се доставени наводните документи кои ја обвинуваат Службата за злоупотреба на своите законски овластувања. Доколку истите не се доставени и не претставуваат составен дел стенограмот, односно на записникот од оваа седница, тогаш сметам дека цела седница деловнички се доведува во прашање во смисла на нејзината регуларност.

Ова дотолку е поважно бидејќи вакво барање постави претставникот на Владата на Република Македонија. Јас не гледам причина ако господата од ВМРО-ДПМНЕ тврдат дека располагаат со оригинални документи потврдени од Службата на СДБ за наводните

прислушувања истите не ги направат пристапни до сите пратеници, до Владата и на целокупната македонска јавност на некој начин ќе ја каже правата вистина. Но бидејќи тие не сакаат тоа да го направат, значи дека се работи за лажни документи кои се фабрикувани во политичката кујна на ВМРО-ДПМНЕ и како такви немаат никакво правно дејство, ниту вредност, туку целата јавност може да се увери дека оваа партија и понатаму продолжува да се служи со лаги, клевети, закани и заплашување. Но, народот сфати со кој има работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само процедурално.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Процедурално, процедурално. И на крајот овој Парламент до колку не се заштити и не го спречи ширењето на лаги и инкриминации, тогаш општеството набргу ќе западне во хаос и неред , после што на сцена стапува диктатура и цврста рака која ни ја предочи господинот Змејковски дека ќе одговараат со диктатура. Од диктатурата до фашизмот мал е просторот.

Имам предлог во таа насока да се симне имунитетот на сите пратеници кои сега очигледно се злоупотребува за лични и партиски цели и да бидеме сите подвргнати на судските органи за искажани лаги, клевети и слично. Во тој случај фабриките за лаги и навреди ќе престанат да работат, а нивните наредбодавачи ќе се ориентираат на друг бизнис, кој можеби во прво време нема толку да се исплатува како и овој сега, но затоа сите ќе бидеме поспокојни и помирни и целокупната македонска јавност.

XII/5

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, очигледно дека вистината многу некого жеже. Јас уште вчера кажав и повторив, и повторно повторувам сите пратеници кои сакаат можеме оригиналите да ги фотокопираме, а од тие исти оригинали, дел од тие оригинали, фотокопија веќе во присуство на член на Комисијата каде што беа приложени оригиналите уште на самиот почеток им доставивме. Исто тоа можеме да го направиме и на сите пратеници кои сакаат тоа да го добијат. Ние вчера тоа го рековме. Јас не знам од каде сега нови демагогии и нови измислувања. Постои во стенограмите вчера ,што зборував јас. Бидејќи тие се едни оригинали, ако господинот Фрчковски пред малку кажа и самиот дека има два оригинали, фалсификувани од нивна страна итн., тоа е друга работа. Ние тие оригинали што ги поседуваме, можеме од тие што ги спомнав и што прочитавме дел од тие исти документи да ги фотокопираме и да ги доставиме до сите пратеници. И тоа може уште сега веднаш да се направи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само еден момент, јас нешто да ви појаснам.

Овде се редите за деловнички интервенции од различните пратенички групи и тоа е така ред, или во расправа учествувате. Меѓутоа, ве молам пратениците од пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ, посебно неколку од нив, кога доаѓа некој друг нешто да каже, толку прават галама, викаат, тоа едноставно ги спречува луѓето нешто да кажат. Ве молам, такво едноумие не можам да допуштам овде. Не може само едни да се слуша, другите да не се слушаат. Ова е Парламент. Секој што ќе дојде има право да биде ислушан.

XII/6

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, најпрво би сакала да го потсетам претседателот на Собранието Стојан Андов', дека право на малцинство во Парламентот, тоа е опозицијата, ако не може да предложи нешто во овој Парламент и тоа да биде изгласано, барем има можности да го изрази својот протест, а некогаш ако изманипулирана со помош на мнозинството што го има позицијата има право барем тоа да го изрази со негодуваше. Тоа не е едноумие, туку едноумие е она што сака да се наметне во работата на овој Парламент, а тоа се манипулациите. Факт е дека претседателот на Собранието кога е некој пратеник од опозицијата, поточно од ВМРО-ДПМНЕ кажува некои работи што не одат во прилог на позицијата, ги исклучува микрофоните. Пред малку имавме' пример пратеникот од СДС немаше деловничка интервенција, туку оваа говорница ја искористи за директна закана на ВМРО-ДПМНЕ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

И вие не правите деловничка интервенција. И сега не правите деловничка интервенција.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Уште малку што не кажа дека тие што зборуваат за работата на Службата за државна безбедност и што понудија аргументи дека ќе бидат апсени. Јас му предлагам наместо да биде одземен имунитетот на тие пратеници, кој што тука понудија документација од оваа говорница истата документација беше дадена на увид на Комисијата за контрола на Службата за државна безбедност, истите пратеници да дадат изјави и да бидат објавени во јавноста дека немаат намера да се самоубијат.

XII/7

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, за љубов на вистината морам да кажам дека навистина на Комисијата од поедини пратеници на партијата на ВМРО-ДПМНЕ ми беа презентирани одредени документи. Меѓутоа, по за молба на потсекретарот за државна безбедност ми беше соопштено дека овие документи не треба да се прошируваат понатаму затоа што носат назнака строго доверливо, што ми дава заправо да кажам дека јас тоа како член и претседател на таа Комисија го почитував и тие документи што сите членови на Комисијата кои беа присутни ги видоа не се проширија понатаму. Ако исто така господата бараат од СДС и тие документи да ги видат, како и сите пратеници, тогаш нека го побараат тоа одобрение или од министерот или од потсекретарот па тие два-три документа што ни беа таму понудени, затоа што ни беше изрично кажано дека би требало тие документи да не се шират во јавноста, односно во средств4та за јавно информирање.. Нека ни дадат одобрени, нема проблем, тие документи ќе ги видите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само за информација. Без оглед што во настапите многу дискутанти зборуваа за документи, нема приложено документи досега.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, очигледно дека проблемот со документите со овде се изнесуваа е разрешен, затоа што пратеникот кој ги покажа даде јавно ветување дека ќе ни ги достави ако сакаме. Јас кажувам дека сакаме веднаш да ги видиме и се надевам дека многу брзо ќе ги добиеме.

XII/8

Процедуралната забелешка, можеби е тоа и деловничка забелешка ми е следнава: Комисијата имаше овластување од овој Парламент да ја утврди фактичката состојба во однос на овие три проблеми кои се изнесени во барањето и со тоа да го запознае Парламентот. Со оглед на тоа што на двапати во реплики претседателот на Комисијата, на два пати повторувам, и тоа мошне децидно се изјасни дека тие не биле плод на фактите кои ги имале во вид, затоа што практично немале во вид факти и поради тоа имале политички компромис помеѓу две партии во Комисијата и како таков компромис бил пресуден за изгласување на заклучоците, јас мислам дека е најдобро Комисијата да го повлече материјалот што го има доставено затоа што тој материјал не е фактографија, туку е политички компромис и по него немаме потреба да расправаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Деловнички и процедурален проблем е дали ќе имаме извештај или ќе го повлечат.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Не е деловнички, затоа што претседател на Комисијата е еден овде, а тоа е Стоиле Стојков, пратеник , седи во онаа клупа таму, затоа бев спомнат, ова е реплика. Затоа да се држиме до деловничките одредби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кажете што барате?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас барам реплика и сигурно ќе ми дозволите, затоа што претседател на оваа Комисија сум јас.

XII/9

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имате пет минути.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**

Благодарам, многу ви благодарам. Господинот Поповски денеска по трет пат изнесува лаги од овој Парламент.7Овде овие госпоѓи водат стенографски белешки и може убаво да се види од моето претходно излагање дека не реков дека немало факти па сме донеле компромисни заклучоци итн. Такво нешто не сум кажал, а господинот Поповски сака да ве импутира и .вас почитувани пратеници, а сигурно и горе на новинарите такво нешто. Значи тие" што' лажеа"' 4 години Ѓ1родолжуваат и понатаму да лажат. Продолжете, лажете, меѓутоа, фактите се тука, стенограмот е тука, без разлика Господине Поповски, дали слушате или не слушате, меѓутоа колку што гледам имате добри органи за слух, па, би требало да слушнете како се слуша ли, или не се слуша. Затоа уште едната ќе кажам, збир на компромис е трите заклучоци, а не она што стои, или факти или такви работи. Факти имаше оваа Комисија, виде, и јас како претседател и како парламентарец на ова Собрание ќе си го искористам своето право и ќе се јавам за збор, без разлика дали претседателот ќе ја заклучи седницата или нема да ја заклучи, тоа право го имам, тогаш ќе слушнете уште поголеми факти Господине Поповски и вас ќе ве прозвам да ми реплицирате тогаш, а можеби и сега.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, кога веќе се спомнуваат документите, Министерството јавно кажува на оваа говорница, дека документите кои беа достапни на увидот на Комисијата за контрола на Службата за државна безбедност се согласува да ги умножи или како оригинали, или како фотокопии, како сакате и да ги достави до Претседателството на Собранието.

Значи, од тој дел на зафраната да се оградиме, она што ние го имаме, токму оние документи кои ги видоа и членовите на Комисијата, јавно кажувам дека се согласувам тие да се умножат и . да се достават до сите пратеници, меѓутоа, инсистирам на оние стар кои беа кажани дека постои прислушување да,речеме на претседателот на Собранието, или на една низа на луѓе кои беа овде јавно кажани, доказите околу тоа јавно да се презентираат.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ**: (продолжение)

Бидејќи тоа не смее да помине само со кажување, тоа треба јавно да се Презентира овде на еднаков начин на кој ние тоа го правиме. Инаку, овде ќе остане едниот дел комплетно покриен со политичка демагогија, а за другиот обврски да се држи до некои законски норми и деловнички норми.

**СТОЈАН АНДОВ**

Господин Змејковски има збор

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:**

Почитувани, пратеници, јас лично сега по барање од претседателот на Собранието да ми овозможи во службата за фотокопирање да ги фотокопирам тие вчера што ги прикажав двата документи кои што се дел од повеќето што ги имаме, а никој не може да ме обврзе овде, колку и кои документи да ги прикажам овде. Нека ги земе господинот министер, па нека ги прикаже тој ако ја има таа храброст нека ги прикаже.

Што се однесува до нашата политичка партија, сигурно на сите ви е познато дека вчера имаше на третиот дневник преку Македонската телевизија нека поднесе и кривично гонење на овие личности баш за овој случај по оваа точка за која што се расправаме ние ќе одиме на судот, и нормално пред судот оригиналите ќе ги из- вадиме како доказ. Валиден за мене е само судот каде што треба да ги извадам тие докази. Што сега да му објаснувам на министерот кој што ги има моментално тие докази. Јас ќе ги фотокопирам тие документи вчера што ви ги прикажав на вас. И понатаму го молам претседателот да ми овозможи да ги фотокопирам да бидат доставени до пратениците.

XIII/2

Ова е Парламент и луѓето различно гледаат, секој си кажува тоа што не му е јасно или што намерава да каже.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Мене ми е јасно дека на одделни пратеници не им е јасно воопшто како и која е тежината на нивните зборови овде искажани. Меѓутоа, постои, повторно ќе кажам процедура кога овде ќе се каже нешто тоа треба, господа, да се аргументира. Нека повелат во сите точки во кои се сомневаат околу работата на СДБ, сите тие точки или случаи ние ќе ги отвориме овде пред Парламентот. Кому ќе му биде згодно,кому незгодно, тоа е друг проблем. Меѓутоа, во таквите случаи јавно се обврзувам тие да ги отвориме овде пред Парламентот. Истото го барам од оној што,ќе се дознае да каже дека е слушан, на пример, незнам кој, Петко или Станко, овде тоа треба да се аргументира. Инаку, правилата на игра не постојат во Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Алиу. Бидете сигурни дека нема да се откажам од завршување вечерва на оваа точка. Без оглед какви притисоци низ процедурални интервенции се прават. Ве молам, тишина, додека не завршиме по оваа точка.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

По се изгледа веќе зборот процедурално стана права карикатура. Човек навистина и кога има процедурално нешто да каже да не се осмели да се јави на говорница. Свесен станувам дека и претседателот на Собранието е веќе уморен, а јас три пати повеќе. Не сум во состојба да следам внимателно што во Собранието се случува. Сакам на висина, достојно да ја обавам должноста која ми е доверена. Ниту гледам желба, ниту гледам атмосфера. Затоа, сакам да предложам да се прекрати, а

деловничко прашањето беше. Сакав пак да молам, бидејќи има две варијанти тука.' Едната почнува со шпекулации за да се издејствува гласање на неколку члена на комисијата. Некои членови на Комисијата, т.е. парламентарните групи не стојат зад тоа, па сакам дефинитивно а ми стане јасно. Информацијата в тоа што гласи дека е на работно тело, на ова Собрание на кое му припаѓам или е информација, како што веќе се тврди од двајца дискутанти во тоа што е процедурално, она што го правам/и јас дека е тоа компромис на претставници од две партии. Ако случајно е компромис од две партии, јас немам никаков интерес ниту да разговарам, ниту ме интересира тој материјал., Тоа сакам да се констатира овде во Собранието.

**ЉУПЧО'ГЕОРГИЕВСКИ:**

Дами и господа пратеници, со жалење морам да констатирам во овој процедурален дел дека за жал и вчера и денеска сме сведоци на една иста пракса на блокирањето на работата на овој Парламент. Вчера тоа беше од страна на пратеникот Алил Џаферовски, од СДС, сега исто така на еден начин се прави истиот модел. Кој е? Моделот е ист тотално дискусијата за извештајот на Комисијата на државна безбедност да се заобиколи, да не се дискутира за она што е во извештајот, туку да се дискутира за самата работа на Комисијата за државна безбедност. Јас само уште еднаш ќе ве потсетам дека на оваа точка на дневен ред не е работата на Комисијата за државна без- бедност, туку на дневен ред е извештајот на таа Комисија за државна безбедност. Ако таа комисија за државна безбедност имала таква слабост или онаква слабост, или ваква слабост ние можеме да закажеме друга точка на дневен ред или во најмала рака некои од членовите на СДС во таа Комисија на седница на Комисијата за државна безбедност нека си го постават тоа прашање, па на таа Комисија нека дискутираат три дена, како работела, зошто така работела и зошто такви заклучоци донела. Ние денеска имаме еден извештај. Тоа е извештајот на Комисијата за државна безбедност со

XIII/4

јасни точки. Тоа е точката за фрлањето на бугарските летоци, тоа е точката, втората точка за формирањето на паравоени организации во РМ и тоа е третата точка прислушувањето на партиските телефони на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е нашиот дневен ред за кој се разговара и за кој се зборува. Навистина ве замолувам, во интерес на конструктивноста на седницата позицијата да не ја блокира расправата на седницата за да може седницата да продолжи и понатаму да дојде до својот крај. Тоа е првата работа.

Втората работа, исто процедурално бидејќи господинот Фрчковски веќе неколку пати инсистираше да ги види уште еднаш тие докази и документи на ВМРО-ДПМНЕ, јас навистина уште еднаш само ќе го замолам претседателот на Собранието, .бидејќи генералниот секретар отиде во фотокопирницата да ги фотокопира ги .молам после сите тие документи да им бидат предадени на сите пратеници во Македонскиот Парламент и новинарита за да можат од некои од тие документи да бидат објавени и во јавноста.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Стојков се јавува повторно. Само незнам, вие имавте реплика.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, се постави прашањето дали е ова извештај на Комисијата или е некој компромис. Морам да одговорам на тоа прашање, затоа што ќе кажам дека ова е извештај на Комисијата и треба да расправаме за извештајот на Комисијата а не за работата на самата Комисија. Во што се состои компромисот? Компромисот се состои што и господинот Авди Муртезани во својата дискусија го загатна зошто во Извештајот на Комисијата не се наброени одредени имиња. Јас морам да кажам тука дека има меѓу вас и добри правници, знаете дека никој не може да се обвини, ниту Комисијата има задача  да обвинува некого,

туку има задача5само да' утврди одредена состојба што во Министерството за внатрешни работи, односно службата за државна безбедност и затоа тие заклучоци се донесени како компромисни, заклучоци, затоа што. одредени пратеници предлагаат да се вметнат тие имиња, меѓутоа, ми беше објаснето од работната група како правници дека не можее да вметнуваме имиња во заклучоците носно да прејудицираме некоја одлука. Некој за кривец може да го прогласи само суд во оваа држава, затоа што власта е поделена, знаете на законодавна, извршна и судска  част. Оваа Комисија нема судска власт, туку да истражи одредени дејствија во Министерството за внатрешни работи, односно службата за државна безбедност и евентуално нејзиното пречекорување, што е и содржина на тие заклучоци.

Во тоа е компромисот. Затоа што од една страна се предлагаше имиња да се вметнат а од друга страна да не се вметнуваат имиња. Компромисот се најде во тоа што таа ингеренција Комисијата ја нема и такви се заклучоците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Морам да признам дека ова почнува да ми личи на политичка парламентарна битка и ме импонира лично. Што штети на државата мислам исто така сум убеден, бидејќи историјата не еднаш потврдува, а еве сега уште еднаш дека во клучните моменти кога Македонија требало да создаде држава внатрешните делби секогаш воделе кон странпутица. Сакам само да ги замолам пратениците од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да ме слушаат исто онака, како што нив јас ги слушав. Не реагирав на ниту една дискусија, иако цело време ме напаѓаа. Според тоа молбата е посебно до вас. Видете, не ме изненадува жестината на нападите, настапите на пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ. Воопшто не ме изненадува, бидејќи природно тие дојдоа со цел да ја освојат власта. Не можеа да ја освојат власта и сега ќе прават секакви опструкции на

Парламентот, дисквалификации да дојдат на власт. Тоа е природна работа во повеќе партискиот систем. Тоа по неуспехот од повеќе партизмот сакаат на Македонија сега да и наметнат еднопартизам, само сега во друга боја. Порано од Сојузот на комунистите, а сега во ВМРО - ДПМНЕ. Сите под една национална капа. Инаку, кој не е за тоа не е за Македонија тој е предавник, тој е душман итн. и со него ќе се пресметуваат на оној начин како што тие тоа го чина.

Не ме чуди што господинот Георгиевски, не;ја знае историјата. Тој е млад човек, влезе ни крив, ни должен во политиката на голема врата. Од приправник стана државник, потпретседател итн., наместо да чита историја тој повеќе држи отровни, жестоки говори итн. белки ќе научеше нешто. Меѓутоа, научил добро да лаже да манипулира. Мислам дека и Барон Мин Хаузен може да му носи вода, Приправник може да му, биде на начинот на кој што тој лаже и манипулира јавноста, а мислам дека е убеден во вистината што ја говори тој самиот. Тоа е во историјата познат стил, Гебелсов стил на пропаганда сто пати изговорена лага, самиот почнува да верува во неа дека е вистина. Тоа е пропаганда и тоа така се користи. Според тоа, не ме чуди што е млад човек што не ја научил македонската историја, а за тоа не сакам да говорам, ме чуди како на едно друго поле многу добро напредува.

Да ви кажам, исто така, лично чувство од почетокот на овој двогодишен мандат, на почетокот ми сметаше кога ќе ми префрлеше пратеничката група за летоцитеили за некои напади болшевик, комунист итн. србоман, еве сега испаднав и бугараш итн. Затоа што не заради тие од кои тоа ми беше упатено, туку пред се, заради бирачите, за таа партија стојат над 230 иљјади гласачи. И заради тоа ми беше непријатно. А сега да ви кажам искрено секој напад од оваа партија и од нејзините членови ми прави комплимент. И ова денешното од господинот

Георгиевски исто го доживувам како личен комплимент. Зашто, јас многу сакам да се разликувам од таа партија,. пред се поради методите. со кои делува и идеите кои ги застапува програмски, практичното политичко делување и пред се она што го чини во раздорот во Македонија,само Македонија да не направи држава. Заради тоа сакам да се разликувам и поради тие причини тоа го доживувам како комплимент а не како. никаква навреда. Јас овде бев наречен и од господинот Змејковски, од господинот Георгиевски, Флоровски итн., ве молам, ве слушав, фашист, србо комунист, бугараш и сето тоа. Мене ми е јасно луѓето кога ќе немаат зборови, не сум јас лекар, луѓето кога ќе. немаат аргументи, посегнуваат кон навреди, кон клевети.'Во суштина тоа се фрустрирани личности нереализирани, неостварени, искомплексирани и кои само со навреда на друг некого можат својата личност да ја презентираат пред јавноста. Затоа, мислам дека е добро оти еве и Парламентот и јавноста суди кој со какви аргументи се служи при политичката борба. Скоро две години јас ве убедувам и избегавам овдека било кога јас да говорам по било која тема на овој парламент, во отсуство на факти, на аргументи ќе излезе претставник на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и ќе ми рече "А летоците, а?". Немаат никаков аргумент да се спротивстават, туку летоците ќе ми ги поднесат под нос тогаш како најсилен аргумент да ми ја затворат устата да не говорам. Јас не дојдов овде да молчам во овој Парламент, дојдов една политичка опција да ја застапувам и за неа ќе се борам до крај. А молам како јас што користам аргументи да ги користат и моите политички противници истите тие аргументи. Не сакам Парламентот да го претворам во судница, убедувајќи ве уште од првиот ден дека за летоците не треба да расправа овој Парламент. Бидејќи тоа не е ни формално правна негова надлежност. Ниту е на таа Комисија надлежност. За тоа треба да расправа судот.

XIII/8

Сите спорни работи кај нас се утврдуваат на судот. Вие можевте и досега, имавте ваш министер на полиција имавте ваш министер за правосудство, па можевте и да ме! осудите ако сметавте дека навистина јас сум виновен. А јас ве уверувам ако имавте вие аргумент еден аргумент дека јас имам вина, вие таа шанса немаше да ја про- пуштите. Тоа сигурно дека ќе ме судевте, ќе ме пријавевте или на јавниот обвинител или кривична пријава или на судот. Меѓутоа вие бевте свесни дека вие немавте аргумент, зраат во вашите редови има и адвокати и правници кои добро го знаат правото, знаат дека за да се иде на суд треба да се има докази. И тие докази треба да бидат валидни, релевантни, што викаме ние правниците, а судот суди само врз основа на релевантни докази. Но , вие го државте свесно тоа како тензија, како политика за моја дисквалификација и како основ за политичка пресметка. Зашто, тоа досега ќе беше двапати решено на судот ако веќе отидеше тужбата на судот и приватна и групна или како пријава на јавниот обвинител досега работата ќе беше завршена. А сега замислете кој тоа.се пледира, за правна држава, кои луѓе од оваа говорница говорат за правна држава. Но, прво, за да бидам до крај јасно сфатен за мојот однос кон овој случај. Јас сеуште не можам до ден денес да најдам рационално образложение за себе. Зошто јас уочи на изборите непосредно вториот круг, значи ноќта организирал, растурал летоци во две, три или четири изборни единици Незнам, никаде немаме информација во колку тоа изборни единици е точно. А ако некое рационално размислување ќе го раководи човек, прво ќе си обезбедев некој терен кај мене ако имав намера тоа нешто да го правам. Впрочем, во мојата изборна единица имав и сериозен против кандидат од ВМРО-ДПМНЕ. Кој ѓавол ме тера да растурам летоци во други изборни единици да му правам услуга на некој друг, а јас да го организирам сето тоа. Не

можам за себе да си најдам одговор. Тоа е едното, а второ мислам дека, јас сум професионалец, барем така држам до себе, ако правам нешто го правам високо професионално, а тоа значи би организирал летоци за подрачјето на цела Република, а не само за две изборни единици. И тоа не би го правел јас, бидејќи јас бев во тоа време секретар на партијата. Тоа вие сами зна4те дека не го прават првите луѓе на партијата. Тоа ви е сосема јасно. Е, сега овде се употреби зборот режисер јас сум режисер во три- четири изборни единици да се растураат летоците. Сенки, за оваа работа треба кој знае колку умешност, па јас да бидам режисер. Станува збор за драма на Јордан Плевнеш по режија на Љубиша Георгиевски па некоја треба и  навистина интелектуална способност за таа работа. Ама треба да има основ. Овдека за да се направат летоци да се умножат, да се поделат би требало режија. Ве молам, правната држава, ова еве уште еден доказ дека за нив правната држава е мислена именка.

XIV/1.- ЛП/МЛ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Ако се. залагаа за правна држава, ќе ги користеа правните инструменти. Прв пример: излегува пратеник овде на оваа пратеничка група од говорница без никакви докази, впрочем тоа и I вчера и денес го слушнавме и сите министри ги нарекува криминалци. Ниеден доказ за таа работа. Никој не станува од пратеничката група барем да се огради, да каже извинете, не стојам зад таа изјава на пратеникот. Зарем е тоа' во името на правната држава да се излезе, да се клевети дека се сите криминалци, а истите тие луѓе овде, што јас го прифаќам, кога станува збор на некого да му се спомне некое кривично дело, овде три саати расправаат колку е -ѓоа против законита работа. Точно е, тоа е противзаконита работа, како што и со летоците е нечесна работа да се дисквалификува политичка партија, исто така е нечесно кога станува збор за своите интереси да се штитат, а кога ќе биде во прашање друг политички противник, за него не важи ни законот, не важи ни правото. Или друг пратеник после него исто станува и говори на една друга точка - не треба ние да расправаме, и онака бираме само криминалци. А бираме луѓе кои стојат на јавна позиција. Исто така, од таа партија никој не стана да се огради.

Јас си викам сега, се прашувам ако тој човек кој овде изнесе главна пресуда на министрите на Владата дека се сите криминалци, не дај боже да му се оствари животниот сон да стане министер на полиција, прво ќе ги апси министрите, бидејќи пресудата ја изрече тој, и тоа се во име на правна држава, се е тоа во името на правото, судот настрана итн.

Трето, исто поврзано со летоците и со правната држава. Немам никаква намера, бидејќи е многу несериозно, јас ќе бидам исто така малициозен. Овде во отсуство на било кои докази, вон своја надлежност

судска, Комисијата за контрола на Службата за државна безбедност носи одлука за утврдување на моја вина и овде денес пратениците на ВМРО-ДПМНЕ ја промовираат, а по правото е сосема јасно: човекот не може,да биде виновен дури не стане правосилна пресудата, а не првостепена, второстепена, третостепена итн. Додека пресудата не стане правосилна, неговата вина не е докажана, а овде си земаат за право да судат и тоа со помош - еве видете го составот величествен: тројца правници, правник до правник, господинот Стоиле Стојков, господинот Флоровски, господинот Митко Анастасовски со советници повремени итн.,барем според записниците исто така високи правници, како надворешни консултанти ги земаат господинот Томе Стојановски надпартиски човек, кој што ќе им кажува, ќе им го толкува правото итн. и уште еден друг адвокат.

Сето тоа, не ви личи на ујдурма? Да кажуваме во името на правото, на правната држава, на вистината, се собрала Комиси- јата и ќе утврдува некои работи. И згора на тоа, еден човек исто така нивен активист овде често пати го спомнуваат во своите говори, кој во својот развој доживеа невидена метаморфоза, од секретар на Основна организација на Сојузот на комунистите во Министерството на полицијата до еден од тие што покренаа демократски бран во полицијата, до висок професионалец во полицијата и стана одеднаш еминентен активист, врвен член на раководството на ВМРО-ДПМНЕ и кандидат за пратеник, а тој немал врска воопшто со овие работи што се случуваат, ни со белешките, ни со летоците, ни со овие информации што денес се пласираат овде, а работел таму, бил помошник началник токму во тоа одделение, во полицијата од каде идат сите информации. Тоа е совршено јасно. И сега тој истиот бидејќи е правник, односно политиколог или правник во една емисија исто така, бидејќи многу му лежи правото на срце, јас би рекол

на една фарса од ТВ дуел одговори на прашањето на новинарката "А за летоците"? вели а па тоа е јасно, летоците господинот Петковски ги растураше низ Скопје. Од прва рака, без размислување. Замислете кога би имале, во полицијата кога би биле сите така способни полицајци, колку би заштедила оваа држава! Не би ни требале ни јавни обвинители, ни судови, ниту првостепен, ниту второстепен суд/ ниту Врховен суд - зошто да трошиме пари?! Сето тоа, тие ќе изречат пресуди на лице место, затворите ќе ги работат рентабилно и чиста сметка.

Според тоа, сето тоа јасно говори колку на овие луѓе на срце им лежи правната држава и за што вистински се залагаат.

Сега се прашувам овие два-три дена која е вистинската намера што ВМРО-ДПМНЕ постојано не турка да се бавиме со полициско политички афери, да губиме по три четири - пет дена за работи за кои малку сме надлежни, а пред се не ми е јасно еве зошто за оној случај за кој јас сум најчесто прозиван ВМРО го форсира толку време. Дали се работи навистина дека како политичка партија со летоците непосредно пред изборите беа многу оштетени или се работи за негативната конотација, наводно пробугарска партија инклинира кон нешто што е надвор од македонските интереси. Ако се работи за првото, првото место, штета на таа политичка партија со тие летоци, за кои јас го кажав мојот личен однос, никаков негативен ефект, бидејќи таму се избрани пратеници на ВМРО-ДПМНЕ. Веројатно се работи за она второто повеќе, да не се добие негативна конотација дека еве ВМРО-ДПМНЕ програмски има чисто национални интереси застапува, а практично политички дека инклинира кон нашиот источен сосед.

(Некој пратеник од место довикнува: "ние сме бугари кажа?").

XIV/4.-

Видете, јас не знам дали сте бугари, меѓутоа, многу индиции, многу информации од нашиот, од странскиот печат наведуваат на сомнение 4 јас немам ниеден доказ и не можам да тврдам дека ВМРО-ДПМНЕ е пробугарска организација, никогаш не сум го " ни тврдел тоа. Јас денес видов дека сум веќе 'бугарски шпион, споменик ќе ми подигнат и особено ми е драго што и господинот Горѓиевски национално е освестен од господинот. Милошевиќ, така барем се .изрази овде на оваа говорница.

Кога станува збор за тоа дали може да се посомнева нашата јавност дека оваа партија не ги застапува вистинските интереси македонски прв пример: монтирани од неколку дискутанти беше тоа овде - монтиран политички процес во Титов. Велес. Истата теза ја застапуваат сите бугарски гласила, сите весници пишуваа во исто време. Исто. Ќе ви објаснам и за тоа. Сите пишуваа дека е монтиран процес, дека се судат бугари во Македонија, она што денес вие го говорите..

Втора теза: отворено пактирање со врховистичката организација ВМРО - Сојуз на македонски друштва во Бугарија. Јас само ќе ве потсетам на една средба и тоа по многу значаен јубилеј во Штип на Денот на Гоце Делчев беше повикан ВМРО Сојуз на македонски друштва заедно да прослават во организација на ВМРО-ДПМНЕ, и тоа со цел да се рехабилитира Тодор Александров и другите врховисти. Тоа го пишуваа сите, тоа вие не го демантиравте ни после шест месеци. Јас не носам никаков суд, оставам јавноста да си носи суд.

Второ, на конгресот на ВМРО-ДПМНЕ во Прилеп беше со овации, бурно поздравена идејата да се рехабилитираат врховисти во Македонија. На истиот конгрес беше дури предложено химна на ВМРО да биде истата химна што е на ВМРО Сојуз на македонски друштва

XIV/5.-

(Дофрлања од место). Поради кои причини не се определивте, незнам. (Дофрлања од место).

**СТОЈАН АНДОВ**

Ве молам, тишина

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Ве молам, ќе си добиете вие збор после. Понатаму, перманентно и во настапи организацијата ОМО Илинден се окарактеризира чисто како просрпска, како предавничка организација во. Бугарија, а ВМРО Сојуз на македонските друштва дека ги застапува македонските интереси.

Следно: Гостувањата преку Океанот на господинот Љупчо Горѓиевски и други од раководството...

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

(Од место дофрла). Тоа не е тема.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеник е господинот Горѓиевски во македонскиот Парламент. Постојано во организација или на МПО или на слични луѓе кои се познати од тој период и кои што се залагале за македонската историја, нели и на трибини таму и овде, особено на трибина таму во Америка отворено се застапуваше становиштето дека во врска со националното прашање во Македонија, односно во врска со постоењето на Македонците треба да седнат да расправаат историчарите македонски, бугарски и други. А тој не е сигурен дали има македонска нација.

XIV/6.-

Понатаму, отворени се неговите настапи во Америка за тоа дека сигурен е. дека има Македонци - Бугари, Македонци - Грци и Македонци-Срби, но Македонци - Македонци баш не е убеден во тоа.

Јас сакам да прашам и зошто во врска со, ако е така да не тврдиме, во врска со последниот попис во Бугарија каде што едноставно немаше Македонци;, најмакедонската партија едноставно молчеше. Барем да се јавеше со соопштение едно да протестира зошто Македонци не постојат, во Бугарија сега после три дена бевте принудени околу овој терор што се правеше околу Рожденскиот Манастир да се јавите дури Денес.

Видете, да завршам, има многу аргументи, да завршам со следното:

Ако навистина на, сите ни е станало во овие историски драматични моменти за нашава историја македонската држава да добие меѓународен легитимитет да се заокружи, јас не сакам да говорам за сите државотворни документи како пратеничка група ВМРО-ДПМНЕ што бевте против од референдумот преку Уставот, законите Сорос фондацијата, законите за наше вклучување во меѓународните финансиски институции итн., ве молам, краен момент е да престанеме со политичко - полициски афери да се бавиме, да се свртиме кон работата на Парламентот, а тоа е да носи закони, да ги уреди- ме економските и политичките темели на оваа држава. Единствено за тоа сме и платени и одговорни како пратеници во овој Парламент.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ**: (РЕПЛИКА)

Еве вака господа, бидејќи на господинот Тито Петковски не му е јасно, не му се јасни некои работи. Како член на Комисијата лично го имав прочитано Извештајот од СДБ поточно МВР. Во него стои следното:

XIV/7.-

Господинот Игнет Виљаров, тогашен претседател на СКМ-ПДП за општина. Гази Баба, а сега избран одборник во Градското собрание еден од главните актери. Број 2 Владо Томовски, вработен како началник за урбанизам во Општина Гази Баба, а како главен режисер и организатор фигурира Господине Петковски вашето име. Можете да негирате, можете на глава да дубите, што саката да правите, во извештајот на МВР децидно стоеше така..

Втора работа која мора да се слушне: Деветтото продолжение од 21-та седница се одржа на 19 ноември 1992 година во Собранието на Република Македонија. На оваа седница се донесоа заклучоците по првото прашање 01С0лу растурањето. на летоците на бугарски јазик кои вие ги организиравте. Комисијата едногласно го донесе заклучокот и тоа во состав Стоиле Стојков, Наум Симјановски, Оломан Сулејмани, Мито Анастасовски и Александар Флоровски. Тоа е Господине Петковски целата вистина. Мислам дека воопшто не треба втор пат да се јавувате на говорница.

**ЉУПЧО ГОРГИЕВСКИ:**

Се чувствувам повикан да му реплицирам на господинот Тито Петковски затоа што сметам дека изнесе сериозни обвинувања, а во истиот стил како што досега многу пати ги има изнесено. Нормално, нема да се задржувам на неговата психолошка квалификација на мојот лик, затоа што навистина сметам дека за психолошка квалификација се подготвени само фрустрирани луѓе кои во недостиг на аргументи се задржуваат само на тој аспект. Ќе кажам само една реченица.

Мене ми е мошне мило што, како што господинот Тито Петковски рече како приправник односно како дотогаш невработен воопшто станав потпретседател на претседателот на Република Македонија. Зошто ми е

мило? Мило ми е затоа што како потполно анонимен човек дотогаш за македонската јавност се осмелив да направам една партија која за прв пат ја исфрли во Република Македонија после 45 години на легалната политичка сцена во Република Македонија идејата за самостојна Македонија, прв пат идејата за меѓународно признавање на Република Македонија, прв пат идејата за самостојна македонска војска, прв пат идејата за самостојна македонска валута, сето она за што господинот Тито Петковски и неговата партија за сето тоа време додека ние се боревме се смееја, ни правеа вицеви и не напаѓаа од позиции на големи Југословени. Ве молам, навистина ми е мило што таа позиција на потполно анонимен човек излегувајќи сам со моите идеи пред македонскиот народ, пред македонските гласачи освоивме дури 31% на македонскиот Парламент и мило ми е дека за истото тоа време додека јас се борев за самостојна Македонија, за демократија во Република Македонија, господинот Тито Петковски својата политичка кариера како омиленик на Лазар Колишевски ја правеше по кариеристичко буткаше во рамките на Сојузот на комунистите на Македонија. Тоа е разликата, огромната разлика меѓу мене и господинот Петковски, кога веќе сака да прави психолошки ликови на политичките личности.

Она за што сметам дека е сериозно и за што сметам де- ка треба да одговорам се оние обвинувања кои во истиот стил многу пати досега, господинот, односно другарот Тито ги изнесува во овој Парламент и за кои јас преска зборував, дека перманентно господинот Тито Петковски докажува пред светската јавност дека во Република Македонија постојат некакви бугарски шпиони и дека во Македонија постојат некакви Бугари. За жал, тој толку не може да го види своето политичко слепило, дури и во својата реплика ги изнесе некои од тие свои аргументи кои постојано ги повторува тој, а за жал ги повторуваат и одредени средства за јавно

информирање, посебно весникот "Нова Македонија". Во таа смисла само ќе одговорам децидно на оние работи што беа поставени од него.

Прво, еве, она што можев да го запишам, спомна некој податок дека на Конгресот во Прилеп се рехабилитирале некакви врховисти од страна на ВМРО-ДПМНЕ и дека целата сала аплаудирала на тоа. Господине Петковски, прво да ви кажам дека таква работа на Конгресот во Прилеп не се има случено да се рехабилитирани било какви врховисти. А Господине Петковски, исто така ќе ве запрашам каква е таа ситуација во Република Македонија ако во некоја сала се спомнат некои врховисти и цела сала аплаудира? За среќа, ја ви кажувам дека тоа не се случило. Внимавајте кога ги изнесувате ваквите лажни аргументи, можете да го проверите тоа сто пати а не еднаш. Тоа е првата работа.

Втората работа: спомнувате некакви континуирани контакти со ВМРО-СМД јас можам исто така официјално да ви кажам дека досега нашата партија немала ниту една официјална средба ниту контакти со партијата ВМРО-СМД. Јас тоа ви го гарантирам и зад тоа стојам како претседател на партијата. Тоа е она што можам да ви го кажам од моја страна.

Потоа велите дека постојано во нашите изјави ги поддржуваме. Јас ве молам една изјава каде што јас или некој од раководството на партијата ја поддржуваме таа партија. Тоа не е апсолутно точно.

Спомнавте аргумент дека сме го напаѓале ОМО Илинден. Јас се извинувам Господине Петковски, јас не знам колку пати вие од мене сте чуле или некој од раководството да го има нападнато ОМО Илинден како партија или како организација. Се спомнува едно писмо што излегло некогаш во "Глас" на ВМРО од некој што испратил писмо. Ниту

официјална политика стои зад тоа, ниту партијата ја застапува таа политика. А можам да ви кажам Господине Петковски дека ние како партија имаме со легалните политички партии кои се регистрирани во Бугарија од типот на ТМО Илинден, ВМРО, предводена од Ѓорѓи солунски контакти исто така на легален начин. Ако вашата партија ги има тие контакти со Македонците ве молам кажете дека имате повеќе контакти од нашата партија, тоа е третата работа

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ**: (продолжение)

Четвртата работа која ја спомнавте, тоа е дека после враќањето ги спомнавте и. моите патувања во Канада минатата година. Оваа година не ги спомнувате, затоа што можам да ви кажам дека беа многу успешни, пред се пред македонските иселеници, за што зборува самиот факт дека во градот Торонто се одржаа дури две трибини, очигледно затоа што беа македонците задоволни од моето присуство таму.

Меѓутоа, се навраќате на онаа посета пред минатата година..

Прво, спомнувате две работи, дека сум изјавил, и тоа на еден вулгарен начин дека во Торонто постоеле само македонци србомани, македонци бугарофили и македонци гркофили. Господине, односно другар Тито, јас можам да ви кажам она што го кажав го напишав во една статија на весникот "Републикк" на две страници, го кажав на македонската телевизија како изјава а ќе го кажам и денеска. Господо од Владата, господа од претседателството. на Собранието и "господа пратеници, кои не сте запознаени со имиграцијата на македонците во Торонто. Тоа што го кажав минатата година и овој пат ќе го кажам и не чувствувам потреба да го кријам. Вие, ако денеска појдете во Торонто каде што постојано зборуваме дека Торонто е втор град на Македонци по Македонија, спомнуваме некакви бројки од 150 иљади македонци. За жал, на првиот чекор ќе се соочите со една разочарувачка слика.

Прво, тоа што ви кажуваат 150 иљади македонци, можам да ви кажам минатата година на пописот, односно по стариот попис имало 11,500 а на пописот оваа година што се искажале имало само 9500 македонци. Тоа се официјални статистики на Канадската држава. Тоа го наметнувам како проблем да размислува целата македонска држава и како едно отворено табу прашање.

Во истото тоа Торонто каде што зборуваме дека има 150 иљади македонци господа има една македонска православна црква, има три

XV/2.-

бугарско македонски православни цркви, има неколку грчки цркви создадени од македонци. Тоа се факти, господо. Тоа се факти и јас ги изнесувам фактите што ги видов таму, што вие 45 години ги криете пред оваа јавност. Јас, во истата таа смисла ја искажав мојата разочараност што во едно Торонто видов една слика од Македонија од XIX век, која не е променета. Во која/слика' Македонците гркофили, македонците бугарофили и македонците србомани се караат едни со други.

Ако појдете (во Детроит секој македонец ќе ве одведе во црквата на која како наслов горе пишува со големи букви "СРПСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА ИЗ СЕЛО ВРАТНИЦЕ" тоа се тие факти за кои зборував и тоа е работа за која треба да се ангажира македонската влада^" која до ден денеска нема никакви контакти со нашата дијаспора. Тоа се болни факти кои мене најповеќе ме болат кога ги гледам таму.

**СТОЈАН АНДОВ**

Ви помина времето за реплика.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Се извинувам, само уште еден напад, затоа што навистина се работеше за сериозен напад.

Во истата таа посета господинот Петковски ја спомнува и средбата, минатогодишната средба со Македонската патриотска организација како чин на велепредавство. Во ред. Јас се согласувам, меѓутоа дајте да разговараме повторно со еден здрав разум. Ќе ја прогласиме МПО за непријателска организација број 1 на Република Македонија. Меѓутоа, само ќе ве потсетам, господа, со неколку аргументи. Еден месец после моето заминување од Торонто, единствената организација на која и признаваме дека е македонска во Торонто, тоа е Обединети Македонци, со таа организација МПО седна и напиша, потпиша заедничка декларација за меѓународно признавање на Република Македонија.

XV/3.-

Значи тоа дека Обединетите македонци кои дејствуваат во Торонто се исто така непријателска организација?

Второ, во истото тоа време (претседателот го опоменува со ѕвончето за времето) се извинувам, господинот Топурковски, како специјален пратеник на Република Македонија даде изјава за нивниот весник "Македонска Трибуна" дека тој ја цени работата на МПО во поглед на меѓународното признавање на Република Македонија. Тоа е изјава на тогашниот претставник, специјален пратеник Топурковски во Америка за нивниот весник. Тоа можете да 1ЈО проверите многу лесно.

И конечно, господа, доаѓаме до најинтересниот дел, за вас...

**СТОЈАН,АНДОВ:**

Е , па сега, знаете распоредете си ги по интересантност како бива. Вие го минавте времето.

**ЉУПЧО ГЕОРЃИЕВСКИ:**

Се извинувам, имаше многу сериозни напади овде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Е, па не може така.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Само една реченица.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не може. Има 5 минути ништо повеќе.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Само една реченица.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде, завршете ве молам.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Еве, една реченица.

Вие, велите господа, дека односно Тито Петковски рече дека средбата со таа МПО било национално предавство. Јас сега ќе ви кажам

XV/4.-

една работа. За разлика од мене кој јавно кажав што сум правел и кај сум се сретнал, јас ;само ќе ви кажам една информација господа.

Вашата најскапа инвестиција, господинот претседател на Република Македонија господинот Киро Глигоров одржува тајни контакти со МПО и членови на таа организација доаѓале и се примени во кабинетот на претседателот на Република Македонија. Јас ве замолувам, вашата најскапа инвестиција да си ја повик^те на партиски состанок и да ја судите. зошто се има сретнато со членови на Централниот комитет на една ваква предавничка организација-

И ќе ви кажам уште еднаш, нашиот елемент е секогаш во јавноста а дека вие и понатаму продолжувате со тајни средби и тајни контакти.

Тоа посебно/последното ве замолувам да му го поставите на претседателот на Републиката, колку пати се има сретнато досега со МПО и што разговарале на тие состаноци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави госпоѓица Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, кога веќе претседателот на Собранието дозволи да се злоупотреби оваа говорница и наместо пратеникот Тито Петковски да зборува за точката на дневниот ред, му дозволи да изврши замена на тезите, целата работа ја сврти на работата и политичката активност на ВМРО-ДПМНЕ. Оттаму чувствувам должност, како претставник на оваа партија да укажам неколку непрецизности и неколку дезинформации. Имено, не е точно дека во текот на денешниот ден нашата партија дала соопштение околу настанет на Руженскиот манастир, Тоа соопштение и соопштението за дадени кривични пријави до министерот (интервенција заради процедуралноста) процедурално

XV/5.-

ќе ве молам, за внатрешни работи се дадени во текот на вчерашниот ден, а причината беа изминатите велигденски празници за недавање на било какви политички изјави и соопштенија.

Што се однесува до настапот на господинот Тито Петковски тој говореше овде, дека некој се служи со лаги, со подметнувања итн., мене не ми е јасно како може некој толку лицемерно да настапува од оваа говорница да осудува една организација во Бугарија, тоа е ВМРО-СМД за организација која ги негира македонците, која застапува врховизам, а истиот Тито  Петковски во весникот на ВМРО-СМД Македонија, на 25 февруари (го прикажува весникот на пратениците) даде интервјуво кое што поднаслов; е (интервенција од страна на пратениците) ќе ве молам "Виден македонски парламентарец ќе судејствува за распространувањето на нашиот седмичник оттаму и оттаде Вардар". Значи, Тито

Петковски не само што дал интервју и му дал легитимитет на овој весник и на оваа организација која што ги негира македонците, туку ќе се заложи за распространувањето .на овој весник. Тоа досега не е негирано. Јас говорам само со аргументи.

Исто така, пред малку беше кажано од страна на претседателот на партијата околу контактите со т.н. МПО дека било предавство било каков контакт со оваа организација. Ако некој сака, има амбиции од оваа говорница да ги средува партиските редови и да расправа за работата на ВМРО-ДПМНЕ, тогаш нека си ги среди своите партиски редови, бидејќи "најголемата инвестиција" на СДС во весникот "Македонија" браќата Младенови кои се членови на оваа организација го објавија разговорот со претседателот Кири Глигоров, со средбата што ја имале тука во неговиот кабинет, во кој што исто така е зборумно за рехабилитација на т.н., врховисти, но претседателот Глигоров како што е наведено тука изјави дека сеуште не е време за тоа. Значи, не се оградил, туку кажал дека не е време за тоа.

Јас не тврдам дека ваква средба е одржана или ваков разговор, затоа сведочи весникот. Тоа, се до ден денешен не е демантирано.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Кога не сум присутен а се искажуваат невистини, обично многу ретко одлучувам да реагирам.. Оставам тоа времето само да го изврши како корекција.

Но, во случајот од господинот? Георгиевски беше искажано за заслуги кои што се преземаат како личната и единствена одлучувачка и како привилегија за правеше на една партија. (Реакција од пратениците бидејќи беше искажано ќе кажам во тоа време кога се зборуваше за конфедерација на Република Македонија како можен статус. во "Нова Македонија постои траг за првиот писмен исказ под име и презиме кој беше за самостојна и Суверена Македонија.

Второ, одлуката да се оди во вториот круг изборен, инаку денеска ќе имавме друга структура во парламентот, исто така е јасно од кого дојде и за што бев обвинувам во Велес.

Затоа, за заслугите да не зборуваме сега, тоа го ценам како лошо домашно воспитание и желба да се злоупотребува меморијата за настани што не така одамна се случија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Многу првоборци.

Господинот Анастасовски, бидејќи беше спомнат.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас, да ви кажам, Тито Петковски досега никогаш не сум го онодуел и го сметам за човек кој малку е покултурен, учен човек, и не се надевав, најискрено ви велам толку сарказам да има спрема ВМРО. Ова, за мене, најискрено Ви велам, Тито Петковски дека ме изненадува.

XV/7.-

Јас навлегов. и во материјалите, во времето, бидејќи бев еден од тие во Партијата кој ;ги спроведува изборите, во тој Одбор, не сакав да верувам дека вие можевте да фрлите односно да растурате такви летоци. Меѓутоа, во оваа комисија кога влегов, видов дека стварно да ми извините дека има траги, има прсти ваши.

Е сега, ако траги и прсти има некаде , еден пат сум рекол "баба лаже трап не лаже" е сега министерот за внатрешни работи, бидејќи директно се обвинува, некако сака да се вади. Вие штитете ја партијата на. која и припаѓате. Не сум знаел дека сте во таа партија која тешко можам да ја изговорам. Мислев дека сте од социјалистичката партија, верувајте ми до денес. И тоа не сум го знаел, затоа што не сум бил во судир со човекот.

Е, сега, една друга работа, лично до Тито Петковски, Тоа, кога кажав сарказа и на тоа останувам, треба да знаете дека во системот во кој живеевте и ве растеше и ве гоеше и ве школуваше, во тој систем Господине Петко, Господине Тито Петковски добро ви е познато дека илјадници луѓе испрати по разни логори, затвори и ги уништи. Ако не нешто друго, меѓу нив беше и Ченто, и многу други, треба почит кон тие луѓе, пошто сте релативно млад, кон тие луѓе а не сте замешани во крв, од почит кон нив требаше малку да обрнете внимание затоа што таа партија ја претставуваме ние што рековте кои сме избрани од 230 и повеќе илјади народ. Така рејтинг не се прави на партија. Партија која јас, отворено ќе ви кажам, вашата партија пропаѓа. Сакате или не сакате вие името ќе го смените утре. Вие утре ќе го смените утре. Затоа јас не можам да ја кажам. Јас за тоа не можам, не сакам да врегам никого, не сакам ни рејтинг за мене но ја штитам и ќе го штитам ВМРО, сум рекол и мртов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Готово, измина времето.

Има збор господин Петковски.

XV/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во врска со односот и настапот, па, ве молам, овде, од оваа говорница од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ бев осуден. Треба да одам во затвор. Бев клеветен. Нарекуван со секакви погрдни зборови, а вие очекувате јас да молчам и да кажам - благодарам I господа, тоа е точно. Е, па тоа го нема никаде. Каде може човек толку да е, од камен да е па мора да реагира.

Господинот Георгиевски да говореше на темата јас ќе се држев на темата. Тој прошири од Адам и Ева од доаѓањето на старите словени на Балканот па до денес. А сега, а инсистира овдека јас да се држам на темата.

Ќе почнам со одговор на последното прашање,. Во врска со интервјуто во весникот на ВМРО.-СМД бидејќи и јас го имам истиот весник.

Јас бев во Разлог, Вие добро знаете ја водев таа делегација во врка со "Гоцевите денови" и разговарав со многу новинари. На вечерата на 1, имаше преку 30 новинари. (Интервенции од место) Не да незнам кој, јас знам, ги имаше и од вашиот весник, јас го имам добиено од нашиот претставник во Софија, а вие од каде го имате незнам. Дали сте претплатени на него или не, тоа си е ваш проблем. Но, јас го имам од нашиот претставник таму.

Разговарав со многу новинари, а зошто новинарот направил ексклузивно интервју со мене, тоа си е проблем на новинарот, не е мој. Јас одговарав на низа прашања кои што, дел од тие прашања, уште па да се согласам ќе растурам весник на ВМРО-СМД јас ќе го растурам низ Македонија чувај боже. Мислам, скраја било.

Дајте ја и другата половина од весникот, видете што пишува на другата половина. Горе, над тоа кобајаги мојот разговор вели "земете пример од Љупчо Георгиевски, госпоѓо" укажува на некоја како треба да се однесува. Според тоа, јас бев таму. Јас тоа не го негирам. Разговарав.

XV/9.-

Беа и наши новинари. И од Скопје,и од Делчево. Разговарав, импровизирана конференција за печат беше таму, разговаравме и поединечно. Зошто тоа го направиле, тоа си е нивни проблем. А, дека јас ќе правам ексклузивно интервју за ВМРО-СМД мислам тоа на крај памет тоа треба да бидете свесни.

Понатаму, во врска со конгресот во Прилеп, јас не реков дека одлучи конгресот на ВМРО да ја усвои химната "Изгреј зора на слободата" или да го рехабилитира Тодор Александров. Јас кажав предлогот за химна и предлогот за рехабилитација беше бурно поздравен од конгресот. Тоа го реков, а не реков дека го одлучи Конгресот. Јас бев прецизен.

Во врска со објаснувањето, да не биде сфатено погрешно, ВМРО ДПМНЕ беше најголемиот поборник да дојдат сите наши иселеници односно сите во дијаспората и да гласаат. Чак, нудеше милијарда ипол долари нели, ќе донесе капитал овде. За тоа работеа луѓе. ВМРО ДПМНЕ ако дојде ,на власт милијарда ипол долари. Според тоа, тие македонци господине Георгиевски за кои вие говорите, со нив го правевте тој договор.

А, за МПО јас да кажувам мислам знае секој македонец овде, не треба науката да ја кажуваме што е МПО и која организација.

И, конечно, во врска со белешката. Бидејќи белешката предизвика таква бура на реакции, видете, кога станува збор за белешки од полицијата што се во интерес на ВМРО, тогаш е тоа доказ. Еве, видете пишува овде полициска белешка. Вие не кажавте кој полицаец, кој ја потпишал и кој ја направил таа белешка. Имавте вие можност сето тоа, меѓутоа, кога ќе стане збор за белешки од полиција кои се на штета на ВМРО е тоа е полициско подметнување. Тоа е политичко - полициско подметнуваше. Е, затоа има во правото работите спорни се докажуваат на суд.

XVI/1JJ/НД

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**: (Продолжение)

А тоа значи, секоја белешка, можда и тенденциозно направена можда и против министерот и против мене и против вас, вие цело време овде убедувавте и нас и јавноста оти има монтирам процес во "Сина Птица"итн. Како јас да не верувам дека ова е монтирана белешка против мене. Имате ли право да ме убедите во тоа. Е, тогаш вашето важи, а моето не важи. Е, па по кои критериуми? Е, не може господо тоа

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Иванов се јавува за мала интервенција.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, во името на Пратеничката група Реформски сили - Либерална партија сакаме да изразиме едно незадоволство што говорницата и оваа седница се претвори во судница. И со самите овие дискусии што беа овде изнесени, видливи се припадноста и влијанието на делот на сите овие прашања. Од тие причини како демократски либерална партија сугерираме на Парламентот прашањата да се расправаат согласно усвоениот дневен ред. Доколку седницата не продолжи по дневен ред ние како пратеничка група ќе ја напуштиме седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Ешреф Алиу има збор.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Процедурално друг пат ќе настојувам да побарам збор. По паузата, кога имаме расположение а не при крај.

Следејќи ја расправата за овие два дена, добивам впечаток дека гледачите на крими филмовите ги толкуваат работите токму на свој

начин токму онака како што посакуваат или како што си мислат дека е во нивни интерес.

Прва работа што сакам да ја истакнам е фактот дека не сум задоволен од Извештајот на Комисијата за контрола на работата на СДБ ниту сум задоволен од Информацијата на Владата на Република Македонија. Свесен сум за недостатоците на двата документа. Чинам дека би било далеку попаметно, што подалеку од нив. Првиот боледува, очито од незнаење и непрофесионалност, т.е.,од површност, еднострaност, дури и наивност и дилетатизам, а другиот сеуште, не е ослободен од стереотипните калупи на извештаите од еднопартиската власт. Па. оттука,. попаметно е позицијата на страна од двата.

Втора работа што сакам да ја истакнам е фактот дека начинот и стилот, па и приодот на оваа дводневна расправа е крајно погрешен, бескорисен, дури и штетен за интересите на Република Македонија.

Трета работа, проблематиката за која расправаме, по се изгледа, бара поголема стручност, професионалност и знаење. Бара по- темелна, поопстојна расправа. Ние бегаме од причините а овде расправаме за последиците.

Четврто, признавам, без никаков срам дека јас не се чувствувам способен да расправам за оваа проблематика. За мене тоа претставува многу комплексен лавиринт, а јас не сум сигурен дури и ја знам само влезната врата. Признавам значи не сум дораснат што да правам, а другите се обидуваат да го кажат и да го докажат спротивното.

Петто, од ден на ден сфаќам дека сеуште сме многу далеку од правите чекори кои треба да ги чекориме заеднички во интерес на сите граѓани на Република Македонија.

XVI/3

Шесто,признавам дека не посакувам, не ја посакувам својата држава со огромен апарат на полиција и огромна војска. Посакувам оваа моја држава Република Македонија ,да биде без полицајци и без војници. Чинам дека тоа не е утопија. Ве повикувам во овој правец да го дадеме нашиот придонес. Верувам дека тука можам да придонесам конкретно.

Малку ни треба помош и памет и вон оваа сала, а неа ја имаме насекаде околу нас, во институциите, во системот, во културните, во образовните, во научните и не треба да се стегаме, т.е. да се правиме дека се е тука и доволни сме ние аз себе.

Ве повикувам да се натпреваруваме за вистинска демократија за слободна, модерна, развиена Македонија^ Да се натпреваруваме во културното, образовното и научното ,поле, во уметноста и литературата, во слободното новинарство. Со еден збор дајте да правиме сериозни чекори за Македонија на способни,.. на чесни, културни научни, образовни техничко - технолошки кадри, т.е. граѓани без оглед на националната припадност, македонци, албанци, турци, роми, власи, муслимани, срби и било кои други.

Мислам дека сме способни Републикава да ја претвориме во простор на радосни,на здрави, на весело насмеани деца, на задоволни работници, на добри работници, на задоволни граѓани, на богати граѓани Ние за тоа, по се изгледа, не сме готови и немаме нерви ни да размислуваме.

Сакам уште еднаш, па нека се рече и расипана магнетофонска плоча, малку водиме грижа, т.е. воопшто не водиме грижа за јавно искажаниот збор од оваа говорница. Начинот на кој се прават обиди за расветлување на случајот ми изгледа доста смел што ме радува, но од друга страна ми изгледа доста наивен, доста површен со слаба

позицијата која пред се боледува од површна реторика, од богатство на напади, сомнежи, ниски удари, позиција на претпоставки и рекла казала.

Сепак, господа пратеници, сето ова без право внесува многу немир во народот, внесува неспокој , внесува несигурност и многу сомнеж Ние мислам, тоа право го немаме, а сето тоа да го пренесеме во народот А каде води сето ова? Во овој миг, ако кај нас дефинитивно дозволуваме да одлучуваат сили кои не сакаат мир, туку6војна, не сакаат рамноправност, туку обесправеност, не сакаат просперитет, туку раскол и пекол, не сакаат суверена држава Македонија, туку поробена држава Македонија, најмалку што можам да правам во овој миг е тоа, да изјавам пред сите' вас дека во една таква држава не сакам да живеам. Затоа апелирам на тоа демократско езеро на силите во Македонија, во Парламентот и вон него, тоа не смее да се дозволи.

На крај претставата, па и мојот збор оди кон крајот - оваа претстава е јалова. За жал,, многу бедна, со,за последиците многу стравична. Ме потсетува на мигови и времиња на средновековието. Актерите се бледи имитатори на демократијата и на правдата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, денеска имаме овде на дневен ред Извештај на Комисијата и мислам дека треба да се држиме сите на тоа. Сакам да кажам дека пратеникот од оваа говорница за искажано свое мислење не подлежи на одговорност. Тоа треба на секому да му е јасно и од тука не би бил Парламентот ако немаме слобода на искажувања од страна на пратениците.

XVI/5

Јас морам да кажам и впечаток е тоа дека овој извештај на Комисијата дојде со едно големо задоцнуваше на расправа на седница на Парламентот. Доколку претседателот на Комисијата излезе на говорницата и каже какви не се маки имал и пречки во работата на Комисијата, мислам дека ќе добиевме права претстава што се случувало со работата на Комисијата во расправата по овие три барања. Веројатно тоа ќе се каже, па оттука јас ќе се задржам на она што беше предмет на расправа во Комисијата.

Во однос на растурањето на летоци на бугарски јазик немам што многу да додадам ниту да одземам. Едноставно летоците на бугарски јазик во Скопје се растурани во изборните единици каде живее македонско доморoдно население. Целта беше јасна зошто токму во тие изборни единци да се! растураат тие летоци. Имав физичка можност десетици и десетици од тие летоци на бугарски јазик да ми бидат предадени во кон- такт со Борис Змејковски, сакам да го демантирам министерот беше ангажирана СДБ која што во рок од 4 8 часа па и помалку го расветли случајот и ги идентификува сите оние кои што растурале летоци. Ќе бидам искрен Тито Петковски не се спомнуваше. Што сакам да кажам дека во растурањето на летоците јасно беа ангажирани лица од општината Гази Баба и општината Кисела Вода кое што лице толку зеде страв, па мораше во ќумбе да ги палеше летоците околу тридта на број. Сето ова се докажува. Со други зборови факт е дека се делени летоци на бугарски јазик во Скопје, а слушам сега дека тоа било и во Охрид. Ова го споменувам дека СДБ ја водеше истрагата и не ми е познато каква судбина и какви пријатности во работењето доживееа тие што ја завршија постапката во врска со летоците, во рок од помалку од 24 часа. Согласно законот за државна безбедност СДБ применува средства и методи со цел за прибирање податоци и

откривање и известувања и попречување на дејности насочени кон насилно загрозување или промена на уставниот поредок и безбедноста на земјата, а според Законот за кривична постапка СДБ е должна да презема мерки и активности за откривање, следење и попречуваше на активности насочени кон насилно загрозување и рушење на уставниот поредок и безбедноста на Републиката. Врз основа само на овие закони се воведени посебни средства и методи односно контрола на телефонот во седиштето на Партијата ВМРО-ДПМНЕ, за што е здадено решение за воведување оперативна акција во траење од една година. Ова е од бившиот министер Мијалков, покојни. Ваква акција се воведува врз основа на сознанија И податоци на Службата дека .поединци, лица државјани на Република Македонија се во контакт со организации или служби од странство, СДБ на ЈНА која заговара терористички активности во РМ, пресметани кон предизвикување меѓунационални и верски судири со цел загрозување на нејзината сувереност, безбедност и територијален интегритет.

Во наведената акција спаѓа и контролата на телефонските разговори на две лица во странство. Овие две лица да се контролираат било неопходно. Откако е утврдено наводно дека во оваа акција се откриени или попречени активности на повеќе поединци или групи кои на организиран начин внесуваат оружје, муниција, воена опрема и материјали за терористички акции. Ова стои во Информацијата на Владата која настојува фактички да го неутрализира извештајот на Комисијата, со што Владата си зема улога над соодветната комисија, да се контролира телефонот на ВМРО-ДПМНЕ. Каде е нелогичноста? Како можат да се контролираат телефони на овие две лица, кога тие можат да користат разни телефони.

Второ, од ова произлегува дека кругот на телефоните под контрола мора да бил поширок односно се дава можност за контрола на

неопределен број на телефони во Република Македонија. Споредувањето на оперативната акција за две лица, а тоа е основа за оправданоста за контролата на телефонот на ВМРО-ДПМНЕ е несериозно. Ставањето на телефонот на ВМРО-ДПМНЕ под контрола, значи свесна активност кон дискредитирање на партијата дека таа е во кошот со оние кои работат или чии активности се насочени кон загрозување или насилно рушење на уставниот поредок и безбедноста на Републиката. Со ова всушност се сака да се докаже дека ВМРО-ДПМНЕ не, е. демократска партија, односно ја руши Република Македонија и во таа смисла се поистоветува со непријателска организација.

Ете колку наивно изгледа резонот, па што ако е контролиран телефонот на ВМРО-ДПМНЕ, тоа е пракса во светот. Целта беше единствена дискредитирање на партијата. Оттука сметам дека, иако оваа оперативна мерка ја вовел бившиот министер Мијалков, .неговиот наследник министерот Фрчковски е автор на Уставот на РМ,требало да ја прекина оваа практика и да го повлече решението. Ете затоа ова дејание е спротивно на Уставот и во тие рамки да се бара одговорност. Ова само на овој начин го дообјаснив. Со други зборови сакам да кажам дека по донесувањето на новиот устав ваквите активности требало да бидат веднаш спречени. Во тоа е спротивното дејание со прислушувањето на телефонот на Партијата ВМРО-ДПМНЕ.

Посебна тежина има фактот што позицијата не дозволено ја шпионира опозицијата па ако тоа е и монтирано, и да е монтирано дискредитирањето се врши и во странство , се го цел да се стекне погрешна и неточна претстава за опозицијата. Во оваа смисла имаме и одредени сознанија за местото и претставата што се има во странство за ВМРО-ДПМНЕ. Во секој случај прислушувањето на телефонот на ВМРО

ДПМНЕ е недозволено и со политички јазик кажано имаме класична политичка афера. Никаде,: ваквите .афери не завршуваат само со расправа во Парламентот, туку треба активност во смисла на трансформација и приспособување на СДБ на условите и потребите на Република Македонија како демократска држава.

Во однос на активностите и она што се случува во Сина Птица за мене е јасно дека имаме едно чисто политичко промашување во подметнувањето ВМРО-ДПМНЕ да се дискредитира како политичка партија во услови ќе бидам слободен кога имаме и одредени. активности во Партијата за средување на одредени односи и се .користат луѓе од таа партија за образување на паравоени единици со мотивот дека ете ВМРО-ДПМНЕ е пробугарска организација, а ние сме чистите македонци, што е една сосема провидна игра во самото сценарио на Сина Птица. Оттука мислам дека од Извештајот на Комисијата непобитно се утврдени овие три факти за сите овие три случаи и неоспорно дека Собранието треба да констатира дека Комисијата успешно, стручно и авторитативно ја извршила поставена та задача, бидејќи оваа Комисија е образувана со закон и ја извршила задачата согласно Законот. Во таа смисла јас во името на Пратеничката група предлагам предложените заклучоци да бидат предмет на усвојување.

XVII/1 Cj/OM

**СТОЈАН АНДОВ:**

Една интервенција од господин Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Барам претседателот на Собранието да го утврди точниот број на присутни пратеници и да каже дали може Собранието во ваков состав да работи и полноважно да одлучува.

**СТОЈАН АНДОВ**

Ги молам службите, дајте ми точен податок, а и да ги повикаат сите околу што се да влезат внатре. Повикајте ги сега сите. Пребројте ги. Добро. Има 63 пратеници.

Има збор господинот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, како секој што има право на дискусија, имам и јас без разлика што. на господинот Никола Поповски не му е јасно овде зошто се јавувам.

Меѓу многуте особини на човекот има и две кои се искажаа и денеска од оваа говорница, а тоа е незнаењето и глупоста. незнаењето може да се излечи со учење, а глупоста е дадена од Господа и без разлика на факултетските дипломи е трајна.

Овој наш Устав му гарантира на секого еднакви прав и добро е секој граѓанин да ги познава и Уставот и законите за да не не лажат како во едноумието и Уставот и законите им се достапни на сите граѓани, меѓутоа измина времето почитувани пратеници кога едоумни правници и ги толкуваа правните одредби како што им одговараат нив. Некој тоа сакаат се виде тоа и денеска од оваа говорница да го прават и понатака,

но времето на таквите правници е време на мракот. Јас во однос на првиот случај растурање на летоци на бугарски јазик во текот на 24 и 25.XI.1990 година пред вториот круг на гласањето во првите повеќепартиски кругови во Македонија во информацијата добиена од СДБ се констатира дека таа презела мерки, ќе повторам презела мерки,. значи Службата на државна безбедност презела мерки, а не како што се изнесе овде не било предмет на расправа и на истражување на СДБ, како што ни презентираа овде некои, дури и министерот тоа го кажа, меѓутоа во Извештајот стои, во информацијата, дека презела одредени мерки и активности за расветлување на случајот и откривање на растурачите. Тоа го имате и во информацијата од Владата

При тоа СДБ пронашле околу 1000 летоци со наслов на бугарски јазик е искористена светата простота односно ги открива организаторите, умножувачите на истите.

Во информацијата доставена до Собранието од страна на Владата стои дека тогашниот републички секретар за внатрешни работи и потсекретарот за државна безбедност оценувајќи издале наредба за ништење на најголемиот дел од документацијата за овој случај со образложение дека не е од делокругот на работата на СДБ што го слушнавме и денеска, а службата, се вели во информацијата, дека презела мерки и активности. Ќе поставам прашање. Ако не било инкриминираното дело од делокругот на државната безбедност зашто документацијата не била проследена во јавната безбедност кога се знае дека и со законот за внатрешни работи се обврзани за взаемна соработка. Согласно членот 219 од Републичкиот кривичен закон "Службен"весник на СРМ" број 25 од 1977 година во кој стои " тој што противправно ќе одземе, скрие, ќе уништи, оштети или на друг начин ќе направи неупотреблив службен печат, книга или спис или исправа што му припаѓа на државниот орган ќе се казни со затвор до три години.

XVII/3.-

Второ, за обид се казнува. Се поставува прашањето зошто не е поднесена кривична пријава од страна на МВР и министерот согласно законот за кривична постапка член 148 и 151 став 6 односно со измените и дополнувањата на истиот закон "Службен весник на М" број 24 од 1992 година, член 29 од овој став е сега став 8, во кој стои "врз основа на собраните известувања органот за внатрешни работи составува кривична. пријава во која' ги наведува доказите за кои узнал при собирањето на известувањата. Во кривичната пријава не се внесува содржината на изјавите на одделни граѓани кои ги дале при собирање на известувањата" итн. и. т.н.

Во истиот член 151 од Законот за кривична постапка став 1 стои: "ако постојат основи за сомневање дека е извршено кривично дело за што се гони по службена должност органите за внатрешни работи се должни, ќе повторам, се должни, да ги преземат потребните мерки да се пронајде сторителот на кривичното дело, сторителот или соучесникот да не се скрие или не побегне, да се откријат или обезбедат трагите на кривичното дело и предметите што можат да послужат како доказ. Како и да ги соберат сите известувања што би можеле од корист за успешно водење на кривичната постапка.

И, согласно членот 148 став 1 Министерството за внатрешни работи како државен орган е должно да поднесе кривична пријава за кој се гони по службена должност за кои е известено или ќе узнае на друг начин. Што значи дека дискреционо право МВР нема да цени дали е кривично дело или не е кривично дело. Јас тврдам одговорно од оваа говорница дека досега МВР најмалку дава пати од истово место има узнаено за постоење за сомневање за сторено кривично дело.

XVII/4.-

Овде, од оваа говорница затоа што поедини пратеници поставуваа пратенички прашања во врска со растурањето на летоците на бугарски јазик во предизборната, кампања. Кои согласно членовите 71 и 208 од кривичниот закон односно ширење лажни вести и повреда на слободата за определување на гласачите, значи тоа се тие членови под кој би можело Министерството на некој начин да поднесе кривична пријава, меѓутоа тоа не го стори и ни објасни зошто не го сторило.

Ова го тврдам затоа што најмалку два пати е поставено како пратеничко прашање како што кажав токму до тоа министерство. Во информацијата што е идентична со реагирањето на МВР по повод донесените заклучоци од страна на Комисијата за контрола на СДБ презентирано во јавноста уште на 24.12.1992. година меѓу другото стои и констатацијата дека "во извештајот и заклучокот на Комисијата и ако и беше познато не е прецизирано за кој период и за кој носители на функции на тогашниот Републички секретаријат според членот 20 од Законот за внатрешни работи министерот му одговара на Собранието на РМ и Владата за работата на СДБ. Одговорноста е конкретна и сврза- на со вршењето на функцијата. Спротивно е на Законот од сегашниот министер да се бара одговорност за период кога друг ја вршел функцијата и за преземање или не преземање на дејствија по тој период".

Постојните закони се сосема јасни и без разлика кога и во кое време се донесеник се додека не се донесат други тие се применуваат. Па оттука ме зачудува констатацијата на Владата односно сигурно на МВР, а со тоа и на министерот дека Комисијата требала да наведе за кој министер се однесува заклучокот односно дека сегашниот министер не сноси одговорност, а МВР смета дека овластените работници на тогашниот Републички секретаријат биле должни да ги преземат

потребните мерки согласно овластувањата од Законот за внат4решни работи, прописите и согласно член 151 став 1 од Законот за кривична постапка". Господа овде имаме контрадикторност дека тие требало да превземат, а сегашниот министер не требало да превеземе. Тука е таа контрадикторност.

Ваквиот став на МВР, а сега и на Владата ми дава за право да заклучам дека потполно на ист начин размислуваме и ги читаме законите, меѓутоа Владата прави една селекција на одговорност на бивши и сегашни функционери што е пред се непринципиелно и не соодветно за еднаквоста на сите пред Уставот и законите. Значи тој министер или Републички секретар во Секретаријатот за внатрешни работи требаше да одговара, а министерот, дека е министерот од СДСМ не треба да одговара, е тоа е таа селекција што ја прави оваа наша коалициона Влада. Се работи за следново:

Прво, дали е односното кривично. дело застарено или не? Тоа се поставува прашањето.

Второ, во прекривањето на кривичното дело има основаност исто така за кривично дело.

Трето, уништување на одредена документација, ако е тоа сторено односно ако МВР има докази за тоа дека се уништени списи на државен орган како што тврди во оваа информација, како што тврди во информацијата е исто така основаност за кривично дело. И, не поднесување на кривична пријава односно прикривање на кривично дело е исто така кривично дело. И покрај тврдењето на МВР дека е сторено, а сторителите и се познати. Тоа го има во информацијата која и вие почитувани пратеници сите ја имате.

Четврто, МВР, ќе повторам нема дискреционо право да цени дали ќе поднесе или не кривична пријава. Тоа е должно како што стои во Законот аз кривична постапка да го стори тоа односно и покрај сознанието кое го стекнало и со вербалната пријава од оваа говорница. Овде имавме две вербални пријави за можно сторено кривично дело. Садо не држи констатацијата дека  досега ниту еден граѓанин или член на партијата на ВМРО-ДПМНЕ не поднеле кривична пријава односно граѓаните треба да поднесат пријава а не мораат, а МВР е должно, така стои во Законот за кривична постапка.

Петто, јавниот обвинител е тој што може да ја прифати или отфрли пријавата согласно членот 153 од Законот аз кривична постапка односно дали настапило застареност на делото, тоа МВР нема право да го цени ниту може да преземе надлежности на јавниот обвинител, а ние денеска и од оваа говорница го слушнавме министерот аз внатрешни работи како ги презема ингеренциите на јавниот обвините.

Шесто, јавниот обвинителство така ако до него допрел глас за можно сторено кривично дело член 153 од Законот аз кривична постапка имал право да бара од МВР да ги соберат потребните известувања, ниту тој не го сторил тоа.

Ќе цитирам уште еден дел од информацијата на Владата во однос на растурањето на летоци на бугарски јазик. покрај тоа откривањето и пријавувањето на сторителите на кривичните дела од член 71 и 208 од кривичниот закон на Република Македонија во смисла на член 11 од Законот за основите на системот на државната безбедност, член 1 став 1 и член 16 од Законот аз внатрешни работи и член 2 од правилата за работа на СДБ не е во делокруг на работата на СДБ".

XVII/7.-

Прво, на истата страница од информацијата страна 3 МВР смета дека овластените работници на тогашниот, ќе повторам Републички секретаријат биле должни да ги преземат потребните мерки согласно законите како и согласно член 151 став 1 од Законот за кривична постапка. Значи, за една иста работа пак ќе повторам уште еднаш два различни аршини, во зависност, како што кажав, кое е министер.

Второ, согласно членовите 1 став 1 од Законот аз внатрешни работи и членовите 1 и 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи е утврдено дека внатрешните работи ги врши СДБ и Службата за јавна безбедност и организацијата за вршењето на внатрешните работи се обезбедува со функционално единство а со Закон утврдениот делокруг Член 14-6 и 14-в од истиот Закон за измени и дополнувања на Законот за внатрешни работи . Не кул- турата на пратениците од СДСМ и понатаму продолжува затоа што овде се опоменуваат само пратениците од ВМРО-ДПМНЕ дека реагираат кога некој дискутира од СДСМ, меѓутоа камерата изгледа тоа не може да го покаже дека реагираат и пратениците од СДСМ , што значи кога сме сите некултурни сите сме некултурни, кога сме сите културни сите сме културни. Односно со овие измени и дополнувања МВР е единствен државен орган на управата на РМ член 95 од Уставот на РМ.

Трето, во член 16 во Законот за внатрешни работи СДБ покрај другото презема и други потребни мерки, дејствија врз основа на со закон и прописите донесени во согласност со Закон.

Четврто врз основа на кој закон односно која одредба во Уставот министерот има донесено правила за работа на СДБ во средината на 1992 година односно врз која одредба на Уставот тие се објавени во некаков посебен Службен весник на РМ број 10 од 1992 год.

XVII/8.-

Јас ова прашање го поставив и како пратеничко прашање, за жал се уште немам добиено одговор на ова пратеничко прашање. Мило ми е што реагирате: Господине министре од место, не реагираат само пратениците од ВМРО-ДПМНЕ", тоа ми е мило.

Петто, МВР ниту Владата нема право да толкува Закон, во 1|вој случај да го толкува Законот за контрола на СДБ , "Службен весник на СРМ" број 2 6 од 1989 година или пак да ја утврдува надлежноста на работното тело на ова Собрание односно да го толкува и деловникот на Комисијата, тоа е флагрантно мешање на ингеренциите на извршната власт и ставање во улога на толкувач на Закони односно мешање на надлежностите на законодавната власт, контролата и надзорната власт на овој Парламент што исто така му е загарантирана со Уставот. И се разбира на неговите работни тела.

Во Законот аз основите на системот на државната безбедност ќе дадам свое мислење за Законот на основите за системот на државна безбедност кои е овде и министерот за внатрешни работи го спомна и го спомнува и во средствата за јавно информирање ќе дадам свое мислење во понатамошното излагање, се разбира нормално, добиено од еминентни правници, а не правници кои толкуваат само како нив им одговара.

Во врска со ова прашање би сакал да ја цитирам изјавата од потсекретарот за државна безбедност во МВР господин Слободан Богоевск дадена пред членовите на оваа Комисија на 22.10.1991 година на прашањето за судбината на документација прибрана од СДБ за растурањето на летоци на бугарски јазик, напоменувам, 22.10.1991 година.

Цитирам "за летоците беше поставено и пратеничко прашање и беше доставено до нас, но да не си преземам јас големи ингеренции во

отсуство, на министерот се мисли на тогашниот министер Мијалков бидејќи стануваше збор за прашања од мојата област, повторувам, бидејќи стануваше збор за прашања од мојата област, а тој одговорен за СДБ подготвивме одговор' во кој одговор е приложена и документацијата бидејќи поранешното раководство спроведувало една посебна истрага. Според документацијата која ја затекнавме произлегува дека тие летоци се растурани од членови на. Сојузот на комунистите. Сето тоа е документирано и информацијата и одговорот се подготвени. Тоа Владата ќе го достави до Парламентот итн. Спроведена била посебна постапка, меѓутоа после тоа дошло наредба сето тоа да се уништи и по некоја повторувам, и по некоја случајност останат е дупликат од тоа . Значи не држи онаа теза што овде ни ја шири и министерот за внатрешни работи и поедини пратеници кои сигурно го имаат преземено своето излагање од соопштението на МВР кои ни велат дека документацијата била уништена. Била, меѓутоа останал дупликат и еве го цитирам господинот Слободан Богоевски во еден магнетограм кој можам да ви кажам дека го поседувам, дека не е фалсификат туку е издаден од СДБ.

XVIII/1 РД/СЛ

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**:(продолжение)

Не верувам дека ова е тајна дали се поседува одредена документација или не, дали ќе ме гоните сега за тоа дека сум издал голема тајна. Не е тајна ова господо. Сето ова што го 1 изјави тогаш господинот Богоевски, магнетограмот од МВР односно од државната безбедност од 26.10.1991 година, ова е магнетограм, не е во согласност со наведеното во Информацијата испратена до сите пратеници на 10.02.1993 година во која се вели меѓутоа, со оглед на тоа што документацијата од тој период е уништена Министерството ги нема неопходните податоци , докази врз основа на кои би можеле да се утврди постоење на основни сомненија дека некој сторил кривично дело. Предвидено е казнивост според член 71 и 208 од Кривичниот закон на Република Македонија". (завршен цитат) Господа очигледно дека некој лаже. И повторно сака да не воведува во тоа лажење.

Господа пратеници, господинот Богоевски и сега е на истата функција, а целата документација на мое барање согласно Деловникот ми ја презентираше и починатиот министер Мијалков, при која презентација присуствуваше и уште еден член на Комисијата, господинот Флоровски. Двојните аршини и кариеристички фалсификува&а и подметнувања се очигледни. Треба да проработи свеста на јавноста за понатамошна доградба на демократијата.

Во однос на второто прашање, кое е предмет на расправа, односно основано сомнение за формирање на паравоени формации на состанокот на таканареченото ТМРО, национална гарда, одржав на 16.04.1992 година во ресторанот "Сина Птица" во околината на Кочани

со присуство на еден припадник на Службата за државна безбедност и еден полковник на Управата за безбедност, како што се претстави таму во Армијата на Република Македонија, која дотогаш сеуште не беше формирана, инаку бивш припадник на Службата за безбедност во бившата Југословенска Армија, која популарно е позната како КОС.

Ќе изнесам се разбира и аргументирани гледања поткрепени и со факти изречени и снимени од настанот, па до крајот на 1992 година од разни учесници во инкриминираниот случај. Најпрвин ќе цитирам еден дел од Информацијата на Владата во кој стои: "на 15.04.1992 година, тројца граѓани во Министерството за внатрешни работи самоиницијативно побараа контакт со раководни лица во Министерството за внатрешни работи, со цел запознавање одредени состојби, дека истото го направиле и во Армијата на РМ. Во текот на истиот ден е одржан контакт со лицата во станот на Љубо Јовановски во Скопје и на истиот од МВР присуствувал Добре Величковски и од Армијата на Република Македонија Драган Стојмановски." (завршен цитат). По состанокот Стојмановски изнел одредени сознанија на Величковски во врска со иницијативата на група членови на тајниот комитет, кој имале намера да формираат македонска национална гарда. (уште еден завршен цитат). Оваа констатација ми беше како членови на Комисијата за контрола на работата на Службата за државна безбедност повторувана безброј пати што исто така и денеска и вчера ја слушавме да се повторува, меѓутоа, никогаш не беше пот- крепена со аргументи.

Јас како принципиелен човек сакам своите сознанија да ги базирам врз основа на факти и докази. Не можам да си дозволам некој да ми соопшти нешто и да ми рече тоа е вистината, тоа не е вистина, односно за некој можеби е вистина, за мене почитувани пратеници не е. Да ми каже некој ова е бело, кога гледам дека е црно или обратно.

XVIII/3

Ќе ви пренесам и дел од стенограмите симнати од видеокасетата. Новица Арсовски, тој е еден од учесниците кој учествува во формирање на таа паравоена формација, го чита записникот од претходниот состанок, а меѓу другото го чита и ова: "белег или белези за униформата е предлог има крстот да го стават, златен на црвена подлога, буквите две"сс а долу "нг". Јас се потрудив почитувани пратеници да го добијам тоа графичко решение за грбот и еве ќе ви го покажам сега (го покажува), тоа е тоа графичко решение, па можете да претпоставите на кого и на што асоцира ова графичко решение за таа таканаречена македонска национална гарда, -а овде не стои никаде буквата "М", што можете да видите . Многу^ убаво се гледа и господинот Фрчковски може тоа да го види. Затоа што почитувани пратеници без разлика што натаму во симнатиот текст од видеолентата се тврди дека ова решение е отфрлено, затоа што асоцира на она српското како што велат, меѓутоа, ќе напоменам дека ова ми е дадено и ми е кажано дека сеуште таа македонска таканаречена национална гарда го употребува сеуште овој симбол. Затоа ќе напоменам дека и ден денес се регрутираат така-наречени доброволци за оваа паравоена формација, а се поврзани и некои старешини, тоа морам да го кажам, од Армијата на Република Македонија, за што управата за безбедност во АРМ треба да ја информира јавноста. Меѓутоа, тоа не се случи.

XVIII/4

Сакам да цитирам дел од изјавите на полковникот Драган Стојмановски долгогодишен по сопствено кажување воен полицаец, односно косавец, или припадник на Управата за безбедност во бившата ЈНА кој вели: "(цитирам) : "вие не знаете душо , во нашиот источен блок се работи. Што вели, заштитен комитет на ВМРО, но заштити на комунизмот четириесет и неколку години имало и гледа кој сум и што сум и ќе има".

Љубо Јовановски еден од главните основачи на таа таканаречена македонска национална гарда вели:"сакаш да кажеш дека комунистите уште држат и овде" , и снимката тука почитувани пратеници е прекината, сигурно во Министерството за внатрешни работи затоа што се преснимени околу три часа, меѓутоа, имало снимки, тоа го кажа и господинот Трајче Арсовски на 25.12.1992 година, дека имало снимено над четири часа во емисијата "Без наслов но со повод" каде децидно изјави на водителот дека е снимен материјал од над четири часа, а ние поседуваме и вие ни презентирате само три часа снимен материјал, односно се гледа дека некаде некои работи што премногу не им одговарале на некои се скратени.

Драган Стојмановски понатаму вели:"идеава за оваа работа е уште од многу, многу порано, дека некои порано, некои покасно се вклучил. Тоа преќутно се виде од овој Записник за оваа организација и дека досега се преземени одредени активности, врз база на конституирање , врз база на одлучување на спремноста, на вооружување, на чистење на редовите, на барање на оние прави патриоти, а кои се тие прави патриоти, видовме чија работа е, кои се тие прави патриоти кои се спремни за жртвуваше и така натаму. Да ви кажам дека овој амблем што

ви го покажав пред .малку го добив од еден од учесниците при она свечено формирање на 16.04.1992 година во ресторанот "Сина 'Птица" на оваа национална гарда, кои ми се исповеда, да напоменам дека дури после два дена се отрезнил, затоа што се консумирало многу алкохол, почнал да размислува и како што ни рече "сфатив дека се искористени моите патриотски и национални чувства , сакав да се борам против како што ме убедуваа и ми велеа и Добри Величковски и Драган Стојмановски и Љубо Јовановски, бугарскиот врховизам, за кој денеска овде се изнесоа некои работи, но сфатив дека на состанокот се формира една комунистичко - српска агентура." Јас знам господа почитувани пратеници од СДС дека не ви одговара, затоа велите да прекинам, затоа што ова е еден голем, голем минус за тоа што браните и како браните, особено овие од патриотското Крушево што се пратеници, од нив имате еден, но тоа е друга работа. Затоа што од Љубо Јовановски и од полковникот што се фалеше само она што Србите го прават против другите, како дека Аркан му е другар на Љубо, а полковникот му велеше дека Србите се јаки, дека имаат оружје, дека има многу пријатели и другари таму горе. Добре Величковски ни сугерираше дека за два месеца ќе се одржат избори, дека СДС ќе победи и дека треба сега да се определиме ние што се сомневавме во чесните намери за формирање на таа национална гарда, и нејзината функција. Односно ми велеше, ако така одлучи Парламентот утре по новите избори и полициска држава ќе бидеме. Ако одлучи овој Парламент по новите избори и полициска држава ќе бидеме. Тоа го имате и од симнатиот текст од видолентата господа пратеници. Тој ми кажа понатаму "јас како чесен Македонец не сакам да бидам слуга

ниту на Србите, ниту на било кој друг, а најмалку на Грците и на Бугарите кои шуруваат со Србите, но страв ми е да го кажам ова јавно што всушност требаше да биде таа национална гарда. Ова ќе повторам ми го кажа еден од учесниците чиј идентитет нема да го откријам, а тоа му е гарантирано со Устав, каде што вели "изворот на информациите е гарантиран". Но, полковникот продолжува: "Ова простете немојте да се навредувате ова малку личи на детска игра. Формирање на еден таков кадар кој треба да биде ударен кадар, >тој не може да биде јавен и јавно да се манифестира." А овде ми беше тврдено дека"да сакавме ние ќе ги снимавме тајно итн." Господа чисто овие двајца долгогодишни работници во Службата за државна безбедност која беше единствена Служба со КОС итн., тврдат дека ваква една работа,не може да биде јавна, според тоа таа касета не му била наменета на ВМРО-ДПМНЕ, туку била наменета за некои други потреби, иако не убедуваа дека еве јавно се снимаше."Ако ние се собравме, прво не ми се допаѓа што сум овде. Да сум знаел дека овде ќе се држи состанокот јас не би дошол. Беше договорено да одиме горе'.' Тоа го кажа господинот Драги Стаменовски, а пред малку кажав што мисли тоа горе. Горе мисли на Србија, почитувани пратеници,"каде навистина со отворени карти ќе разговараме и да прифатиме и ако прифатиме обврски да се преземат обврски и да се"...." и тука е повторно прекината лентата. И понатаму продолжува што нудат луѓето и да знаеме на кого рачунаме и што рачунаме. Јас сигурно би го употребил зборот сметаме, меѓутоа, он го употребува зборот "рачунаме", тоа е негова јазична поткованост. Понатаму продолжува:

“вие видовте горе Аркан не работел горе со Аркан самостојно на некоја независна гранка, Аркан работел под директна инструкција на полицијата." Што значи полицијата го создаде Аркан',' овде нашата полиција, односно Службата за државна безбедност потпомогната од бившиот косавец, ќе треба исто така да правиме наши аркани, односно таканаречени паравоени формации. И понатаму вели:"другарите ни се смеат во Србија". Значи он се уште има другари во Србија, почитувани пратеници. Тоа е се таму во лен^ата која ја поседува и Македонската Телевизија, па не би било лошо да ја прикаже целата на овој народ кој некој сеуште сака да го лаже од оваа говорница. Ова се завршени цитати од господинот полковник. Јас да бидам искрен ако министерот Фрчковски нема време да го анализира целиот стенограм од касетата, можеби човекот немал време, односно ако целото државно раководство на некој начин не ја знае правата цел, за формирање на оваа паравоена формација, односно само шест присутни ја знаат/ како што ни соопшти господинот, а другите ги сметам за заведени, поради своите патриотски чувства. Ќе повторам, ги сметам за заведени, затоа што не знаеле на што присуствуваат. Меѓутоа, шест од тие присутни таму, знаат буквално за што се работи. Требаше Владата да формира непристрасна комисија и имаше права информација односно ќе дојдеше до исто сознание до кое дојдов и јас. Се надевам, ако беше непристрасна. Конкретно за извлеченото комисијата побара објаснување од Генералштабот на Армијата на Република Македонија и доби одговор од Министерството за одбрана во кое меѓу другото се вели: "(прераскажува) . Таму ни беше дозволено да прераскажеме и ќе го почитувам оној однос фер плеј итн. Присуството ва Стојмановски на состанокот во Кочани со цел наши граѓани да формираа национална гарда извршено е по негова

иницијатива која сметал дека не е потребно да бара одобрение од претпоставените во АРМ . За своето истапување на состанокот полковникот Стојан Мановски не добил никакви задачи , ниту овластувања да зборува во името на АРМ. Во воените формации на АРМ повторувам, не постојат, согласно Законот за одбрана,"Службен весник на РМ" број 8 од 1992 година специјални единици од резервниот состав , составени од доброволци. Член 25, член 26 став 2, член 32, и член е3 3 го уредуваат начинот на пополнување на Армијата. Полковникот Стојмановски не можел да дава никакви предлози за нивно формираше. Исто така, на 15.04.1992 година, ниту на било кој ден порано во Армијата, ниту во Министерството за одбрана не; дошле никакви граѓани со барање за присуство на претставник на АРМ на состанокот за формирање на таканаречена македонска национална гарда.

Од прилика тоа е почитувани пратеници што и се соопштува на Комисијата во врска со настанот од страна на Министерството за одбрана под ознака строго доверливо и затоа како што кажав, делови прераскажав, а не ги цитирав дословно, што со другиот допис од Министерството на некој начин и беше овозможено на Комисијата да ја информира јавноста за горе искажаното.

Очигледна е различноста на објаснувањата на настанот во двете министерства. Тоа е повеќе од очигледно, тоа и некој други пратеници овде на некој начин го забележаа, меѓутоа, тие што се засегнати не сакаа да го забележат.

Во Информацијата на Владата понатаму се презентвра дека на барање на членовите на македонската национална гарда состанокот во "Сина Птица" е јавно снимен, односно од изјавите на Љубо Јовановски и

Трајче Арсовски, дадени во емисијата "Без наслов а со повод" на Македонската телевизија на 25.12.1992 година, значи не кога се формирала таа паравоена формација, туку некаде осум месеци подоцна. Цитирам -"Трајче Арсовски:"и по наше барање пак на националната гарда да не се лажеме пред овој македонски народ дека тие не наместиле да не снимаат, туку ние". Водителот: "дали знаете дека ве снимаат?, така ние знаевме. Љубо Јовановски: "ние баравме телевизијата да дојде и баравме да има документ кој ■ ќе остане, кој мене ми требаше како архивски материјал да го однесам во дијаспората итн." Од овие цитати без малку произлегува почитувани пратеници дека господата барале дури и директен ТВ пренос да има, односно тука изјавите им се поклопуваат со констатацијата на Министерството за внатрешни работи. Но од касетата снимена во "Сина птица" од истите луѓе се гледа нешто сосема друго. Од изјавите на истите луѓе. Добри Величковски, цитирам "од состанокот одржан во "Сина птица" во април месец 1992 година:" и реков заборавете ги пред другите неповикани нашите имиња и нашите договори". Љубо Јовановски:"строга тајна работа оти да ви кажам, ако не знаат, чим не знаат ќе направат еден список, еден по еден како глувци ќе не испотепаат." Каква контрадикторност почитувани пратеници, за разлика од осум месеци, односно каква коинциденција со нивните наредбодавачи, односно со Министерството за внатрешни работи.

Добри Величковски, понатаму продолжува: "ако се расчуе не иде луѓе". Од овие цитати се добива сосема друга слика, односно дека треба да се работи во тајни, конспиративни услови, што не оди со изјавите за телевизиски пренос, односно се поставува прашањето против кого требало да се употреби оваа касета, ако се знае дека многу контраизвестителни служби од другите држави дојдоа до овие снимки

почитувани пратеници. Ако не го знаете и тоа да го знаете.

Во текот на состанокот како што ни презентира Владата во Информацијата им било укажано на учесниците на состанокот за законските последици од формирање на каков било облик на паравоени формации, потреба како и тоа дека немало формирање на ваква организација, односно да се пријават во специјални доброволни единици на АРМ, кои ќе се формираат по примерот на сите модерни држави во светот. Таков е ставот на Владата во Информацијата што и®вие ја имате почитувани ' пратеници, а која не верувам дека средства ја објавија, дел од таа информација ја објавија за овој случај , меѓутоа, стенограмите ќе ви повторам кажуваат сосема друго.

Прво, Министерството за одбрана тврди дека вакви специјални доброволни единици не постојат во АРМ.

XIX/1 ПЈ/ЛБ

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**: (продолжение)

Владата, под чиј ресор е исто и ова Министерство ни тврди дека постојат такви специјални единици. Кој лаже, а кој ја кажува вистината Дали министерството за одбрана или пак Владата на РМ.

Второ, Љубо Јовановски изјавува, сега друг збор барам, да не испадне вие си го дадовте зборот, барам гаранција им се обраќа на Добри Величковски и полковникот Драги Стојмановски, што многу добро се гледа кој ја гледал касетата дека ќе бидеме штитени како една национална гарда и од претпоставените ваши.

Трето, Трајче Арсовски на ден 25.XII.1992 година, значи осум месеци по формирање на оваа паравоена формација, ќе повторам 8 месеци некаде пред 4 месеци изјави на Македонската телевизија "нека убаво се прогледа, четири саата се тоа, нека се каже слободно самиот народ ќе си изгради свое мислење дека на тој состанок убаво се гледа свечено како се формира таа национална гарда. Значи имаме учесник на тој настан кој изјавува дека свечено е формирана национална гарда, а овде министерот ни тврди цело време дека се дејствувало превентивно, односно и Владата тврди дека службениците и од министерството за" одбрана и од министерството за внатрешни работи, односно СДБ дејствувале превентивно, а имаме признание пред еден голем аудиториум кој сигурно ја гледал оваа емисија на 25.XII.1992 година како еден член, еден од најактивните членови за формирање на оваа паравоена формација изјавува дека тој ден свечено е формирана Македонската национална гарда. Па, почитувани пратеници јас уште една: ќе повторам лагите се безгранични.

Владата во својата информација тврди по состанокот дека е прекината иницијативата за формирање на МНГ а пред малку што ви ја цитирав изјавата на двајца учесници кои тврдат дека на 16.04.1992 година свечено е формирана, ќе повторам уште еднаш, таа паравоена

формација чиј амблем го видовме тука и сите вие го видовте.

Четврто, сомнителна е изјавата на главниот организатор господинот Љубо Јовановски дека главна цел на националната гарда ќе бидат сите врховизми а нарочно бугарскиот. Цитирам дел од неговата изјава: "и ВМРО-ДПМНЕ, нашата партија тука кога почна да изневерува, да плива во врховистички води", а ова го цитирам, затоа што и овде се кажа од господинот Георгиевски која е целта на формирањето на оваа паравоена формација , а тоа е без разлика што, ќе повторам, СДБ на некој начин и ни уфрла такви луѓе кои работат за една, втора, трета итн., служба, а сега работи и за нашава служба за државна безбедност, кои се претставуваат дека се бугари итн. меѓутоа целта е тоа да се докаже дека ВМРО-ДПМЕН, сите во ВМРО-ДПМНЕ, со исклучок можеби на оние уфрлените се тие кои се Бугари. Тоа е главната цел господа. Еве што вели понатаму господинот Љубо Јовановски. Вели "се створи зад граничен комитет, го знаете вие сето тоа или не го знаете. Мислам Манданата го знае а Манданата е еден од учесниците на формирањето". Негова или десна рака, незнам која е. Зошто е тој створен се прашува Љубо Јовановски, за да се заштити македонската нација и држава, меѓутоа што направивме, ни дадоа касарни, ни дадоа генерали, ни дадоа 10 илјади специјалци ние да ги уфрлиме тука. Ова беше исто така, цитирано од уште еден пратеник од ВМРО-ДПМНЕ што значи Љубо на некој начин ги убедува луѓето ние мора да работиме еве ги тие како врховисти 10 илјади војска ќе донесат итн., што е само инсинуација, ништо друго. " "Па,јас ", вели, ова сакам да го слушнете почитувани пратеници, затоа што Министерството за внатрешни работи не го дава тоа во својот магнетограм "Па, јас ќе одам кај другар ми Аркан", вели "Ќе го уфрлам тука, ако е веќе за тоа". Значи, нему му е другар Аркан, а многу убаво се гледа и од ова дека стварно можеби се другари итн. И кој ќе гине итн. кој ќе гине, се разбира. само македонците ќе гинат, затоа што

некој си земал за право да си формира некоја си паравоена формација. Значи, господинот Љубо Јовановски го има за другар Аркан, а сите вие знаете кој е Аркан и пред малку господинот Стојмановски кога ви цитирав кажа дека Аркан и неговата паравоена формација ја формираше полицијата, па ние да не останеме малку односно нашата полиција да не остане малку по немодерна, па проба до формира и своја паравоена формација. За мене е сомнителна уште една изјава на господин Љубо Јовановски кој вели "тоа требаше да остане во тајна. Не беше тајна, господа, и за вас. Мислам дека уште кога се роди идејата надвор во дијаспората вие знаете лично ви кажав", му се обраќа на Добри Величковски со прст. Добри Величковски му одговара. "не ги знаевме лицата од надвор. Љубо Јовановски: "ли^но ми рековте вие", повторувам лично ми рековте вие,,ова е изјава ;на Љубо Јовановски. Јас се сеќавам "немој ништо да си работел без нас". Што ова ви кажува господа пратеници. Ова кажува дека цело време господинот Љубо Јовановски бил во контакт со господинот Добри Величковски. Немој ништо да си работел без нас. Тоа го кажува господинот Љубо Јовановски во таа касета. Исто, господинот Љубо Јовановски му кажува на полковникот Драган Стојановски. Ќе цитирам" ова е уште од пред три-четири месеци кога армијата напушташе, ајде да те потсетам ако не си заборавил кога јас реков од Белгија господине полковниче јас доаѓам со 40 специјалци, ти ми рече стрпи се ако има потреба доаѓај и ако требаше ќе дојдев. Оти овие, мисли на ЈНА бившата не напуштија". Значи човекот жали зошто го напуштила ЈНА и сигурно сеуште жали: Ова е завршен цитат ОД господинот Љубо Јовановски.

Господинот Добри Величковски тогашен начелннк на втората управа од СДБ го кажува и ова "јас овдека поголемиот дел ОД вас прв пат ве гледам, со исклучок на Љубо, со кого се знам години station наназад. Трајче ми е од некаде познат, ќе се сетам веројатно. меѓутоа гаранцијата

за доаѓањето овде и разговор со сите вас ми е познанството и долгата и богата соработка заедничка за доброто на оваа држава, а тогаш кога се познаваа беше една држава Југославија е моето познанство со Љубо. На таа основа е присуството на Драган кој исто така добро и долги години се знае со Љубо. А Драган беше до 15.04. или 18, или 28.04.1992 година припадник на службата за безбедност во бившата Југословенска армија, популарно наречена КОС.

Остава впечаток, почитувани пратеници и читањето на записникот од претходниот состанок, а нарочно видот на казните за провала и издајство на националната гарда, односно казна со смрт и стрелање на 9 наводни непријатели за еден загинат гардист. Во една ваква работа да учествува и полицијата на РМ каде што се применуваат вакви методи, знаеме кој применуваше вакви методи во втората светска војна. Фашистичките војски употребуваа такви методи, за еден загинат ќе стреламе 10. Овие малку намалиле и наместо 10 девет ќе стрелаат.

Јас како претседател на Комисијата морам овдека да напоменам дека Комисијата во овој случај, тие што гласаа за заклучокот се базираа на искуството на дванцата правници односно адвокати, кои како членови на работната група ни помогнаа и им изразувам јавна благодарност од оваа говорница да ги согледаме пречекорувањата од страна на припадникот на МВР односно СДБ. Од аспект на почитување на постојниот Устав на РМ, законот за внатрешни работи и Законот за одбрана итн. Тоа се господата Черепналковски и Стојановски и им кажаа на членовите на Комисијата за доменот на со законот утврдените надлежности на Комисијата за контрола и увид во работењето на СДБ. Не навлегувајќи во причините и постапките на службата за државна безбедност во нејзиното дејствување спрема други организирани групи и

поединци кои го загрозуваат интегритетот и територијалната целокупност на РМ. Во овој случај со мнозинство Комисијата оцени дека се пречекорени овластувањата од страна на МВР односно СДБ преку нивниот претставник кој учествува во формирање на паравоена формација под име Македонска национална гарда и и ветувал инкорпорирање во структурите за безбедност на РМ, што се гледа и од самата снимка, а и од изјавите на учесниците.

Јас ќе си дозволам да цитирам уште некои изјави , без разлика, можеби на господата од СДС им е достапно, меѓутоа тоа е вистината, можеби ги боли сега, па на некој начин реагираат. Добре Величковски "Како сакате рачунајте го ова. Ова е ако не целосна илегала, но барем полуилегала по однос на јавноста. Меѓутоа, службите за државна безбедност во сите држави за да ја заштитат државата и не бираа средства.; Значи и нашата не бира средства, ако треба цела партија ќе уништи;:

Понатаму, исиот припадник на службата за безбедност вели: "не, најсериозно мислам дека и тоа треба да го расчистиме луѓе. Веројатно некои постапки наши нема да ви се бендисаат, како и нас некои ваши барања да ни одговараат. Меѓутоа, треба да се најде заеднички јазик, треба да се договориме да се почитува и редот и дисциплината и во крајна линија хиерархијата". А знаеме дека полицијата и војската се едни хиерархиски институции . Оти "независно", вели понатаму "што сме јас и Драган овде вака и како што го слушнав од вашиот записник од првиот состанок се "виде дека има раководно тело, се знае кој раководи, спомнавте дека тој што ќе биде издаица, казнување итн., а ако вие веќе се ставате на услуга на РМ , на властите таа дисциплина, таа хиерархија се зајакнува уште повеќе". Значи, страв им е да не се случи нешто како што се случи со Аркан, туку да г* имаат под потполна контрола.

XIX/6

Почитувани пратеници, сигурен сум дека повеќето од вас не ја имаат проследено снимената касета, односно не го прочитале стенограмот симнат од неа, за да самите стекнете сознание. Но, морам да напоменам дека вакви работи и- се најмалку потребни на оваа држава, ако се знае дека настанот се случува само еден ден по званичното формирање на Армијата на РМ, односно два месеца по донесувањето на законот за одбрана и пет месеци по донесување на Уставот во кој член 20 став 4 стои: "Забранети се воени или полувоени здруженија што не им припаѓаат на вооружените сили на РМ." За да не ни се случуваат вакви работи и во иднина сите треба да сфатиме дека безбедноста на оваа држава зависи и од имање на една служба или како што сега ќе ни наметнат една агенција, која ќе се грижи да се собираат податоци за можните дејствувања на сите наши непријатели кон сувереноста и независноста на државата. Ослободена таа служба, би требало. да биде ослободена под било какви партиски влијанија, високо професионална со стриктно одредени надлежности и висок степен на парламентарна и извршна контрола. Напоменувам висок степен на парламентарна и извршна контрола, затоа што очигледно дека и од денешнава расправа, дел од парламентарната коалиција сака и контролата да биде под нејзино, па така да имаме инкорпорирање на сите овие три власти и судска и извршна и законодавна, контролна да не ги набројувам итн.

По однос на третиот случај односно постоење на основано сомневање за прислушување на партискиот телефон на полатичката партија ВМРО-ДПМНЕ, Владата во својата информација, осврнувајќи се над работата и заклучокот на Комисијата за контрола на работата ва Службата за државна безбедност, констатира дека Комисијата формирала работна група во состав од претседателот и секретарот на Комисијата, која на 22 и 23 X.1992 година, го посетила министерството и извршила увид. Оваа констатација е делумно точна, меѓутоа во

понатамошниот текст стои дека работната група не ги потврдила наводите од писмото на пратеничката група и членовите на Комисијата пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, дека е вршена контрола на телефон во седиштето на партијата. Такво нешто ни прочита и еден пратеник овде, кој сигурно го има земено од Владата односно од Министерството, па немајќи време да се подготви своја дискусија, го искористи како своја дискусија. Дури триумфално се наведува во оваа информација Владата дека е приложен извештајот од работната група на Комисијата.

Претседател на Комисијата сум и јас, извештајот што е потпишан со с.р. и моето име не сум го изготвил јас, туку тој е диктиран на секретарот на Комисијата од господинот Богоевски. И ова треба да го знаете почитувани пратеници, кој е потсекретар во Министерството за 'внатрешни работи, одговорен за Службата за државна безбедност. Во мое присуство во него се наведени технички податоци за кои и таму, а и пред вас , односно пред членовите на Комисијата , односно за дел од нив стојат дека се точни како технички податоци, меѓутоа , и пред членовите на Комисијата децидно кажав дека овој извештај го немам потпишано и не стојам позади него иако Владата си зема за право да тврди дека е тоа на работната група. Потпишан, диктиран од секретарот и потпишан со с.р. и нема никаков мој потпис. Тоа го расчистивме на Комисијата, меѓутоа мора и вие да го знаете почитувани пратеници, затоа што во информацијата од Владата го имате тоа дека таа работна група донела таков извештај, што нема врска да ви кажам наједноставно, зашто не сум сакал да учествувам во едни такви работи. Но, морам да спомнам дека за дел од тие изнесени документи, кои ни беа презентирани таму во СДБ, како член на работната група, која беше составена повторувам од мене како претседател и секретарот и таму, а пред членовите на комисијата

изразив сомневање, а нарочно изразив сомневање дека е валидна таканаречената деловодна книга. Ќе цитирам дел од стенограмот од 10-то продолжение на 21-та седница на Комисијата одржана на 26.XI.1992 година за да на некој начин ни се разјасни дека она што го тврди Владата не е точно. Разбирам господине Ханџиски дека е заморно, меѓутоа, ако сте љубител на вистината би требало да ме оставите како што јас ве оставам вас да си го искажам своето мислење. Инаку, не беше ограничено дали 5 минути ќе зборувам, саат, два итн. Јас се цитирам самиот што сум кажал за да вие видите, почитуван господине од каде бевте, од Пробиштип, како пратеник, току културни од Пробиштип, нарочно пратениците се многу културни, а знам дека народот е навистина прекрасен од Пробиштип, меѓутоа, пратениците се многу културни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Говорите само еден час и 15 минути.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Да продолжам ако ми дозволите, ако не кажете ми ќе си одам, можеби сакате да ме избркате на некој начин. Цитирам дел од стенограмот од 26.XI.1992 година. "Јас можам отворено да ви кажам позади овој извештај, освен техничките работи, т.е. броевите што стојат тука, друго нема ништо. Меѓутоа и не сум учествувал во изработка на овој извештај, без разлика што стои Стоиле Стојков с.р. итн. Јас уште при изготвувањето реков дека не стојам пред овој извештај, т.е. немани констатации во тој извештај, туку се прегледани некои работи кои се понудени и мојата констатација беше кога се правевш овој извештај дека ќе ја кажам пред членовите на Комисијата што на два до три пати го сторив дека се сомневам во веродостојноста на овие три понудени и барани од Комисијата евидентни броеви 178, 180 и 218 итн. " На оваа моја забелешка ми беше одговорено дека може да се побара експертиза

за валидноста на документите, тоа и денес го слушнавме од Министерот за внатрешни работи овде и дека со таквите стручњаци располага. никој друг, туку Министерството за внатрешни работи: Господа, јас не сакам да учествувам во една работа која нашиот народ ја вели кадија те тужи, кадија те суди. Значи, експертизата ќе ја направат стручњаци од МВР. Ќе ја дознаеме сигурно вистината после новите избори.

Претпоставувајќи каков ќе биде наводот односно чувствувајќи ја континуираната опструкција од страна на Министерството за внатрешни работи по однос на надзорот на службата за државна безбедност се заблагодарив. на понудената услужност, Констатацијата на Министерството за внатрешни работи во информацијата од Владата дека посочените документи се однесуваат на предмети од оперативна акција на СДБ заведена во ноември 1991 година според постапка и основи предвиде- ни со законот и правилата на службата, а не на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, не соодвествуваат до документите издадени од истото МВР и потпишани од потсекретарот за државна безбедност, како прво, Предлог за поведување дисциплинска постапка против Диневски Александар, евидентен број 013048/1 од 14.07.1992 година, затоа што постои основано сомнение дека со своето однесување сторил потешка повреда на работните обврски предвидени во член 8 и 10 од Правилникот за дисциплинска постапка итн. односно оддал службена тајна, невнимателно чувал материјали.

XX/1 .-ЛП/МЛ

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ) •

Невнимателно чувал материјали кои содржат тајни податоци и постапувал спротивно на посебните правила итн. Во образложението за неговата дисциплинска постапка понатаму стои: "На почетокот на;" месец јуни 1992 година на неовластено лице од Скопје Диневски Александар му предал службени материјали и тоа евидентен број 178, евидентен број 180 и евидентен број 218", а дел од нив и вие ги добивте на оваа седница по ваше барање, по барање на пратениците од СДС, значи на некој начин се наоѓаат и кај вас сега, поседувате едни службени тајни.

Содржината на евидентните броеви 180 и 218, онаа содржина што ни беше понудена од страна на СДБ е различна од содржината што на двата документи кои Комисијата ЈЈИ доби преку свој член од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, повторувам се различити. Пред членовите на Комисијата своја изјава даде и;Диневски Александар, кој изјави дека документите што се добиени од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ се валидни, иако се фотокопии, а имавте можност вчера да ги видите и оригиналите овде од оваа говорница покажани. Бидејќи како помошник началник на Управата за аналитика во СДБ ги има гледано и читано по службена должност. Разликата е и во псевдонимот односно предметот на обработка на Службата. Диневски потврди дека псевдонимот "Дувло" се однесува на Штабот на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ односно на службениот телефон на партијата. Вие овде тврдите зошто не кажуваме "Дувло" итн., меѓутоа, пред членовите на Комисијата Диневски Александар тоа го потврди и тоа стои во тие записници, од- носно магнетограми од работата на Комисијата. Да напоменам дека господинот Диневски Александар во спроведената дисциплинска постапка е отстранет од работното место со истите квалификации како и во предлогот за покренување дисциплинска постапка, односно дека предал

документи на неовластено лице. ВО постапката никаде не стои да речеме дека ги фалсификувал документите, што овде некој почна да тврди така, меѓутоа, во: постапката не стои дека ги фалсификувал туку дека оригинални документи предал на неовластено лице.

Инаку, мојата определба дека навистина се работи за прислушување на партискиот телефон на ВМРО-ДПМНЕ е од содржината на документот евидентен број 180 од 21.02.1992,година, предмет "Дувло", цитирам: "Од вчерашните разроворои издвојуваме: попладнето се јави СД" - не сакам името да го кажам тука, новинар во Радио Софија,"побара разговор со Љупчо Ѓоргиевски, ЛТ, новинар од Сиднеј се јави со иста молба, ТР од Гетеборг итн." во еден исти документ се наведуваат луѓе кои се јавиле од 4 или 5 места кои се меѓусебно многу многу оддалечени и кои се наоѓаат ка оваа наша Земјина топка. Сите што контактираат со партијата ВРМО-ДПМНЕ знаат дека Роберт е технички секретар во партијата и неговото работно место е да прима и да одговара на телефонски повикувања и да испраќа и да прима телефакси, а секаде во овој документ стои и името на техничкиот секретар на името на партијата на ВМРО-ДПМНЕ Роберт. Единствено содржински, ќе повторам, одговараат меѓусебно и оној од партијата ВМРО-ДПМНЕ што ни беше презентиран, кој лично како фотокопија го имам добиено и јас и оној што ни беше презентиран од страна на СДБ со идентичен евидентен број 178 од 19.02.1992 година со единствена различност во предметот на обработка, односно псевдонимот "Дувло". Еве го тој документ почитувани пратеници, Петта управа, евидентен број 178, извор Полог, 19.02.199 2 година, предмет "Дувло"7 Таму во МВР ни беше покажана истата оваа содржина со друг предмет кој нема да ви го кажам Но ќе издвојам еден цитат од овој документ. Тоа е разговор меѓу лидерот на партијата ВМРО-ДПМНЕ Љупчо Ѓорѓиевски и еден наш член кој живее и работи во Берлин. "Јас бев и во Бугарија, незнам дали си

слушнал" ова му го вели Љупчо Горѓиевски на тој наш член во Берлин - "Слушнав, како помина?","многу убаво, не примија сите, бевме на разговор со Желев,_премиерот Димитров, со сите три партии во Парламентот, со опозицијата,' со нивниот национален Комитет, со интелектуалци, со книжевници.-На сите страни бевме примени мошне добро. Единствени кои што не провоцираа на јавните трибини кои беа големи беа од ВМРО-СМД, постапија многу безобразно". Овој документ почитувани пратеници го има и во СДБ зошто од' таму е и добиен нели, овој натаму прашува "Ве провоцираа?", "Да". Што значи дека оваа партија ВМРО-ДПМНЕ подеднакво се напаѓа како во Македонија така и во Бугарија, се знае од кого, во Бугарија се напаѓа од ВМРО-СМД, а овде се напаѓа од СДС и други сателити.

Констатацијата на МВР за правото. на самото министерство и во тие рамки на СДБ како делови на извршната власт дека тие како овластени се овластени за проценка поради сознанија дека некои лица државјани на Република Македонија се во контакти со организации или служби и со Службата за безбедност, како што стои во Информацијата на ЈНА кога во периодот беше присутна во Република Македонија имала изразита активност, донеле решение за примена на оперативно-техничките средства и методи на Службата е неспорно. Тоа е право на СДБ, односно Комисијата согласно Законот за контрола над работата на СДБ нема надлежност во оваа област, туку исклучиво надлежност на Комисијата е да врши контрола од. аспект на уставноста и законитоста на постапката за примена на тие средства и методи и евентуално пречекорување на со Уставот и Законот утврдените" надлежности на МВР, а со тоа како и нејзиниот дел СДБ. Во почитување на правата на граѓаните и нивните слободи итн.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ**: (ОД МЕСТО)

Не можеме повеќе физички.

XX/4.-

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Господине Трпеновски, треба од оваа страна да седите, вие цело време гласате со позицијата, меѓутоа, ги лажете граѓаните во Струга дека сте опозиција. Но тоа е ваше право, не навлегувам.

Јас не навлегувам во тоа колку и какви се операции се спроведени затоа што и не м&.;интересира, верувам и вас почитувани ' пратеници не ве интересира што е откриено,.кои се тие поединци или групи, но впечаток ми остави оваа констатација, цитирам:"преименувани се повеќе" самостојни или комбинирани средства и методи на Службата, во што спаѓа и контрола на телефонските разговори на две лица во странство кои ,се спомнуваат под псевдоним во Извештајот на работната група на Комисијата". Оној Извештај на работната група што јас не го потпишав и не го прифаќам.

Прво, признанието дека нашата СДБ врши контрола на теле- фон во странство е меѓународен скандал, ќе повторам овде имаме и пратеници кои го познаваат меѓународното :јавно право, гледам и бележат нешто, сигурно ќе кажат дека е тоа меѓународен скандал нашата Служба да оди во странство и контролира телефони на странски државјани или на наши државјани кои се моментално во странство, односно спротивно е на законот на било која држава демократска странска служба да го прави тоа, и демократска и недемократска, тоа се знае како се вели, дека некој ја шпиунира како држава. Тоа е казниво и се нарекува во секоја држава шпионажа во корист на друга држава.

Второ, ако ваквата формулација е напишана во информација- та од Владата ја смета за техничка грешка, се поставуваат неколку прашања.

XX/5.-

Прво, за техничките можности за контрола на телефон секој ТТ инженер и техничар ќе ви објасни, а јас се потрудив да добијам такви објаснувања, прво дека контрола на телефон се врши или спрема тој што повикува или спрема »гој што го прима повикот, а некогаш ако се контролирани двата телефони се има двојна контрола. Во информацијата се спомнуваат, ќе повторам две лица од странство, односно техничките можности се: прво, лицето ;да има телефон односно соодветен телефонски број и СДБ може да го контролира тој број ако исправи опрема и техничко лице во државата во која престојува лицето што претставува кривично дело ако се открие од таа држава.

Второ, лицето кое што се споменува под евидентен број 178 од 19.02.199 2 година, а кое е вработено во една европска држава и има обавено разговор со Љупчо Горѓиевски тврди дека разговорот е обавен по телефон на една државјанка на дотичната држава, што значи дека отпаѓа онаа можност, хипотетична би ја нарекол, дека контролата е вршена на неговиот телефон.

Трето, останува можноста, таа што е најверојатно дека контролата на телефон е вршена од страна на ВМРО односно СДБ на прима- телот на телефонскиот повик, во овој случај господинот Љупчо Горѓиевски кој се наоѓал во просториите на партијата на ВМРО-ДПМНЕ и разговорот е обавен од званичниот телефонски број на партијата, односно СДБ го снимила и го презентира во вид на стенограм.

Мене ме загрижува дел од една реченица во информацијата на Владата. Цитирам: "Не е прашање на законитоста на преземените мерки во вакви случаи од страна на Службата". Ако не е во прашањето на законитоста, би додал и уставноста при средства од страна на МВР односно Владата која ја потпишала информација и стои зад она што го пишува, се поставува прашањето дали оваа Влада го почитува Уставот и

законите на оваа држава, за- тоа што вели не е прашање на законитоста на преземените мерки во вакви случаи од страна на Службата. Чудна некоја констатација. Од ова признание произлегува дека не ги почитува Владата, за што се г доказ и реагирањата на граѓаните на нејзините одлуки, поништувањето на Уставниот суд исто така на. некои прописи одлуки и на Владата на Република Македонија. Тоа е за мене признание дека со непочитување на Уставот и законите република Македонија не е правна држава, без разлика што некој овде1се труди да ме убеди. Мешањето на надлежностите на извршната власт односно Владата. во надлежностите на законодавната власт, Парламентот и неговите работни тела, а тоа го слушнавме и овде си зема за право министерот да се меша во тие надлежности и во надлежностите на судската власт, се гледа и од следнава констатација од информацијата на Владата. Цитирам: "Не е во согласност со Законот и заклучокот; на Комисијата", значи си зема за право Владата да оценува дали е или не е во согласност со Законот заклучокот на Комисијата, а' Комисијата е работно тело на Собранието на Република Македонија, а не на Владата на Република Македонија. "Во врска со примената на посебните средства и методи на Службата во овој случај во кој Комисијата се повикува на член 23 од Законот за внатрешни работи. Имено, овој член претрпе измени со Законот за из- мени и дополнување на Законот за внатрешни работи. Според членот 10, кога е во прашање водење кривична постапка или безбедноста на земја- та, на предлог на министерот надлежниот суд одлучува да се преземат одредени мерки, со кои се отстапува од начелото на неповредливоста на тајната на писмата и другите средства за општење. Оваа одредба важеше до донесување на Уставот на Републиката и Уставниот закон. Според член 5 од Уставниот закон постојните сојузни пропнси се преземаат како републички", завршен цитат од информацијата на Владата.

XX/7.-

Јас ќе се потрудам да го цитирам истиот член 5 од Уставниот закон, во чиј став 4 е запишано: "Сојузните прописи Па исти сме тука Господине Ханџиски, вие сте електроничар, доктор по електроника, значи правните работи скоро слично ги распознаваме, меѓутоа кој подобро ги разбира, во тоа е суштината.

"Сојузните прописи со кои се уредува организацијата и надлежноста на органите на Федерацијата не се применуваат во Република Македонија". Ние и на оваа седница тоа го слушнавме, а и на претходните, извршивме така би рекол, ни кажаа дека се извршени одредени промени на сојузните закони со измени и дополнувања итн., меѓутоа тој закон за основите на, системот за државна безбедност сеуште не го прогласивме за закон на Република Македонија од едноставни при- чини, иако и МВР се повикува на него.

Во Законот за основите на системот на државната безбедност "Службен лист на СФРЈ" број 15 од 19 84^ година во членот 1 е запиша- но: "Со овој закон се утврдуваат основите на системот на заштита на поредокот утврден со Уставот на СФРЈ (државна безбедност), обезбедување на дејноста на Службата за државна безбедност, која е неопходна за остварување на одговорноста на сојузните органи - ова го на поменувам на сојузните органи и за усогласување на работата на органите што ги вршат работите на државната безбедност". Господинот Фрчковски како министер за внатрешни работи, уште повеќе како доктор по правните науки знае дека "името и првиот член секогаш го утврдуваат карактерот на законот. Оттука, неспорно произлегува дека овој закон на кој се повикува и господинот Фрчковски како министер за внатрешни работи, а и Владата е сојузен пропис, со кој се уредува организацијата на сојузен орган, во овој случај единствената Служба за државна безбедност, таков сојузен орган, а ќе повторам во членот 5 од Уставниот закон став 4-"сојузните прописи со кои се уредува организацијата и

надлежноста на органите на Федерацијата не се применуваат во Република Македонија. Значи сојузен орган има ме.

Република Македонија со донесувањето на Уставот ја напушти дотогашната СФРЈ и Уставот на бившата СФРЈ повеќе не важи во оваа држава, Република Македонија ,уште од 17.11.1991 година. Тоа сите го знаеме овде. Некои гласа, :?некои не, и тоа е точно. Според тоа, чиј уставен поредок штити МВР би се запрашал јас, односно СДБ, ако се повикува на овој закон, односно јас како пратеник можам да се запрашам дали оваа Влада не мајтапи нас пратениците и граѓаните на Република Македонија, односно спротивно на Уставот и волјата на граѓаните не враќа со вакви закони во една држава која повеќе не ~ постои за никого.

Во овој закон е предвидено да се има функционално единство и со работите на државата безбедност во вооружените сили. На таа сега бивша СФРЈ, по познато како КОС, односно според единствените начела кои се дадени во член 2 3 од овој закон кои ги утврдува Претседателството на СФРЈ.

Ќе го цитирам членот 24 на кој се повикува Владата во својата информација. "Функционерот кој раководи со органот што ги врши работите на државната безбедност, ако тоа е потребно од причините на безбедноста на СФРЈ во работите од делокругот на органот може со свое решение да определи со поглед на одделни лица и организации да се преземат определени мерки со кои се отстапува од начелото на неповредливоста на тајната на писмата и другите средства за општеше".

Почитувани пратеници, министерот за внатрешни работи и Министерството и Владата се повикува на еден ваков член кој воопшто не е изменет во ова Собрание, во кој стои полното име на таа веќе

бивша СФРЈ. Ова е почитувани пратеници би рекол глупост за мене, меѓутоа, како за кого.

Од овој член произлегува дека Владата на господин Црвенковски затоа што ги поддржува, го поддржува министерот Фрчковски, а тоа се гледа дека ја прифатила информацијата на Министерството како своја информација односно му дава цела поддршка во кршењето на законите и Уставот дека е Влада на некоја си држава со име СФРЈ. Така стои во тој член кој они го цитираат ц употребуваат. Овој член е идентичен по содржината и намената со членот 2 3 од Законот за внатрешни работи на Република Македонија, односно беше ќе повторам се до неговата;измена со членот 10 од Законот за измени и дополнувања на Законот за внатрешни работи, "Службен весник на Република Македонија" број 36 од 1991 година, кој сеуште е во употреба, овој нашиот Закон за внатрешни работи, каде што има посебни одредби и за СДБ. Немало потреба да го преземаме овој член само.

Ако и членовите на Комисијата кои гласаа за заклучокот по ова трето прашање, прислушување на партискиот телефон на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, не впуштајќи се во оценката дали е во согласност со членот 17 од Уставот ги наведе да оценат дека контрола на телефон под евидентни броеви 178, 180 и 218 не е во согласност ниту со Уставот ниту со постојниот Закон за внатрешни работи на Република Македонија, затоа што овој другиот видовме дека е на СФРЈ, кои во посебната глава III се уредуваат надлежностите на СДБ од членот 16 до член 25 како што кажав. Значи, и оваа проблематика ја имаме уредено со наш Републички закон.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**: ( Продолжение)

Спрема тоа не држат, ниту искажувањата на МВР дека нема Закон за СДБ како единствен систем за безбедност, самостојна служба во рамките на МВР. Предложените заклучоци од Владата се уште еден доказ за мешање на надлежностите односново овој случај Владата се јавува како тужител и како судија, она народното "кадија те тужи кадија те суди".

Извештајот\на 'Комисијата, годишниот, оној што господинот Фрчковски тука се трудеше да ни го презентира дека расправаме за него, од 1991 г. се однесува за 1991 г.. и јас кажав овде и цитирав дел од октомври месец кога:се добиени тие податоци, значи октомври 1991 годи- на. И, не може да се каже дека од октомври 1991 година, оваа комисија ќе ви кажам почитувани пратеници нема сеуште извршено и не е спремна да ви презентира годишен извештај, затоа што и претседателот на Собранието е известен таа иста МВР,' односно СДБ ни прави опструкција повеќе од месец ипол иако имавме работна група во која јас бев еден од ВРМО, дваица од другите партии, ни се вети дека за недела дена ќе ни бидат презентирани податоци. Но, тоа не се случи. Опструкцијата продолжува и понатаму.

Со Законот за контрола на СДБ Службен весник на СРМ број 26 од 30 јули 1989 година, во членот 1 е запишано: "Собранието на Социјалистичка Република Македонија во натамошниот текст Собранието односно сега на Република Македонија врши политичка контрола над работата на Службата за државна безбедност во тогашниот РСВР а сега МВР.

Член 2: "За вршење на политичката контрола над работата на Службата, Собранието образува комисија за контрола над работата на СДБ како постојано работно тело.

XXI/2.-

Овде се искажа дека таа Комисија донела партиски заклучоци. Јас ќе ви кажам , Вие,сите гласавте за таа Комисија и таа Комисија помина исто така на Комисијата за именувања каде што ми с чини дека и господинот Љупчо Поповски е член, значи немам ништо ,против што биле троица членови од ВМРО-ДПМНЕ како членови на таа комиси\ја, меѓутоа денеска има за тоа што се .засегнати од партијата СДС. Сигурно е тоа. Па, сугурено ги боли! Може би ги боли.

Од ова произлегува дека извештајот на Комисијата е конечен, ќе; ви кажам почитувани пратеници, односно пратениците во ова Собрание не ги усвојуваат или отфрлаат извештајот, туку се запознаваат од причини што не се во состојба,. согласно прописите за употреба на материјали, што ви го објасни господинот Фрчковски како министер за внатрешни работи, да се запознаат со тие материјали што имаат одреден степен на тајност.

Затоа, што во членот 2, став 3 се вели дека за извршениот увид и за воочените проблеми во -работата на СДС Комисијата на Собранието му поднесува извештај најмалку еднаш годишно. Најмалку може Владата да го прифати или да го отфрли извештајот на Комисијата. Затоа што и согласно новиот устав, член 68 - Собранието врши политичка контрола и надзор над Владата, односно во овој случај и политичка контрола на СДБ. Согласно законот, Собранието оваа контрола ја до- вери на Комисијата за контрола над работата на СДБ.

Во овој случај, со својот извештај и предложените заклучоци Владата се однесува како да е веќе спроведена диктатура со Република Македонија, па не се почитува ниту уставот ниту законите.

Ме зачудува и односот на министерот за правосудство во Владата на РМ кој сигурно гласал за еден ваков, една ваква информација во Владата, господинот Туше Гошев кој во времето кога беше пратеник, токму во членот 10 од Законот за измени и дополнувања на Законот за Внатрешни работи интервенираше при неговото донесување со

амандман кој беше прифатен од ова Собрание. Без разлика што тогаш се крена прашина за односот меѓу ;тогашниот министер за внатрешни работи и пратеникот Туше Ѓошев. Меѓутоа, пратеникот Туше Гошев, согласно на демократските принципи тогаш предложи амандман таквите контроли да се спроведуваат .единствено со одлука на суд. Ние како пратеници тој амандман го изгласавме.

Јас на ова ќе кажам дека очигледни се амбициите на МВР да има и политичко влијание односно нејзиното инволвирање во политичките партии што е неспојливо со повеќе партискиот систем и парламентарната демократија.

Зошто го кажувам ова? Затоа што овде ми беше изнесено • дека и од поедини пратеници дека има во одредени партии, па така и во ВМРО агенти на разни служби,  странски итн.

Почитувани пратеници должноста на МВР и на Владата е , ако се почитува парламентаризмот, секој еден таков случај што ќе го узнае што ќе го дознае, да го извести раководството на таа партија. Тоа во сите земји се применува. И во Англија и во Америка и секаде.

Меѓутоа, што се случува. Тоа МВР такви луѓе уфрла скоро во сите партии, ќе ви кажам овде, во скоро сите партии тога гои кажав пред некој ден и ќе го повторам, да има одредена своја кон трола со уцена на тие луѓе, за да може утре на тие поедини партии кога ќе дојдат новите избори да им импутира разни работи. Тоа е недозволиво во парламентарната демократија.

Сознанијата и конструкциите што се користат во остварување, би рекол на политичките амбиции од министерот Фрчковски кој има право, за тоа што е политички определен министер, избран од една политичка партија, меѓутоа ме зачудуваат амбициите политички на потсекретарот на СДБ господинот Богоевски кој со своите изјави и на Радио и на Телевизијата дава чисто политички оценки за случаите. Како

професионалец, тоа му е стриктно забрането и незнам зошто министерот Фрчковски досега не покренал една, така би рекол, пријава за политичкото делување на господинот Богоевски, иако му е со закон забрането. На. господинот Фрчковски не му е забрането, затоа што е! министер, а министерот е политичко лице.

На крајот, се надевам дека ќе ми дозволите да извлечам некои свои констатации, односно политички размислувања за оправданоста на трите случаи. За онаа вековна нишка и раздор помеѓу нас Македонците, раздор кој обилно го користат сите наши непријатели и негатори и тие што не опкружуваат и тие што се подалеку од' нас.

СДБ работи, за жал, по стари теркови и ги крои човечките судбини во зависност од волјата на поединци во .таа служба. Во таа служба не би требало да бидат вработени луѓе кои пред се не ја сфатиле граѓанската должност кон државата за чија безбедност се школувани и обучени. Таа граѓанска лојалност кон оваа македонска држава треба да ја носи во себе и да ја почитува и гради секој граѓанин на оваа држава, односно да ја сфати како потреба за опстанок и негов личен, како опстанок на неговата фамилија, селото каде што живее и градот и државата која, како целина му ги гарантира правата, слободите, заштитата и социјална и секоја друга. Но, и ќе бара исполнување на заедничките обврски.

Благодарам што имавте трпение да ме сослушате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Навистина требаше.

Збор има господин Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Дали има кворум Господине претседателе? Има ли кворум?

XXI/5.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, само да го ислушаме господинот Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Овие два дена, признавам пред сите вас и пред македонската јавност, веројатно не се пренесува ова и, сакам да кажам дека— многу ми е тешко и верувајте еве, веќе сега морам да кажам дека ЦИА треба да дојде овде да учи од нас како се станува разузнавач итн. Многу сме спремни.

Имаше еден чехословачки филм "Упши" ., (Уфрлувања од место) .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, не упаѓајте, не прекинувајте, не разговарајте меѓу себе. Ве молам тишина.

**ФАИК АБИД:**

Понатаму, "007", "Џемс Бонд" па; понатаму "Мишан инпосибул" па понатаму емисијата не може да се изведе или оневозможена е итн.

Овде, вие, најголемите партии, господа Македонци по; род, дали знаете дека не сте сами! Дали знаете дека во Република Македонија живеат "Х" стотици илјади граѓани други кои вечерва ги исплашивте многу. Ги исплашивте, може би ќе помислат во секоја куќа има нешто, се слуша, да зборуваат со своите пријатели, другари, колеги! Така ја натеравте ситуацијата да внесе немир во граѓанството. За срам. Мислам дека е така. Тоа може да биде општиот заклучок.

Како, (галама во салата) јас ве молам да ме сослушате, вие што сте од ВМРО-ДПМНЕ, затоа што јас бев многу внимателен, како сте дозволиле од оваа говорница да разговарате два дена на овој тон и да блескаат од овде информации кои што се и не се за кажување. Јас

признавам дека ама баш не се разбирам од тие тајни работи. Но како сте се осмелиле тоа да го правите? Тоа значи дека сме ние најдемократската земја и од нас треба да се учат сите соседи. И, што е тоа, да, да многу демократија имаме, и што е тоа што овде се алудира (на три работи: летоци на бугарски јазик, македонска национална гарда^и телефонско прислушување

Македонска национална гарда. Дали, вие знаете или ако сте рачунале дека во таа македонска .гарда има и припадници на националностите, во ред е. Ама изгледа не мислите на; тоа,. Против кого е таа гарда. Јас зборувам како да постои, односно не постои. Со самото тоа зборување, лошо е тоа што зборуваме овде, се вели штом се зборува, а јас зборувам, еден голем човек во една голема прилика напишал "целата буржоазија на Европа се обединува да ја уништи работничката класа". Тоа значи се исплашила од неа. А, тоа значи дека ја признава за сила. И, овде сега ако ние сакаме некоја национална гарда да создадеме овде, паравоена формација, се плашиме од некого. Што е тоа сега? Од кого се плашиме?

Ние, националностите, не сме овде вмешани. И, сега си велиме дали и тие од нас се плашат или сами од себе се плашат. Јас, знаете, како народ зборувам сега. (Настана галама во салата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ама вие сте пратеник. Вие сте само пратеник.

Ве молам за тишина.

**ФАИК АБДИ:**

Ова нека им служи на чест на тие што знаат што значи ова. И она што зборуваат овде.

XXI/7.-

Интересна работа,. бараме оставки од неговата екселенција претседател на Република Македонија, од неговата екселенција претседателот на Парламент;, од претседателот на Владата, од нивните екселенции министрите во Владата", малку културен да бидам, знаете, така треба да ги ословуваме, ќе дојде време, за некој ден сигурно ќе почне да зборувате со Грците, за. Она нашето најважно, името и незнам уште што, а ние пак овде правиме непријатности. Зарем не•можеме да почекаме да помине сета фурија/ да биде се во ред, па после да се расправаме. Изгледа сме проколнати. Не можеме да издржиме.

1Да не речам дека, како да ми личи, она другата партија што ме напаѓа мене стално, па и овде да се напаѓаме стално. ДПРМН, ( не знам како се вика, така. Опростете на овој збор. Но, изгледа така.

Секогаш ќе чепкаме нешто.

Сакам да дадам свое мислење за еден апел што овде беше кажан спрема оваа страна кога се гледаше. Како да, ве молам, јас сум многу сериозен, како да се сака поддршка за она што Комисијата за надзор над работата на државната безбедност што ни го нуди, како да сака поддршка од некои други, од левите партии, односно од блокот. И, како да се сака да се насанка некој, да се стави под некоја кора од банана или незнам што, да се лизне. Овде слушнавме две-три дискусии кои веќе ги привлековте. Меѓутоа, јас мислам дека нашите колеги нема така да мислат. Ова е многу сериозно прашање, многу озбилно прашање. Мислам дека нема да дотераме до оној степен да ги исплашиме и Грците, да ги исплашиме и Бугарите и Албанците и што ја знам, Срби- те или ние изгледа се плашиме сами од себеси. Изгледа, што знам што си кроиме едни на други.

Она што овде се предлага тоа може да биде работа од еден час, од два часа. човечки, људски, политички да се разбереме и многу

достојни да бидеме како пратеници, а не овде да си кажуваме приказ- ни и да се откриваме, ама баш убаво да се откриваме. Вие господа се откривте, вие браќа Македонци, така да ве наречам. А, знаете кога некој се открива, некој' го плука. Ептен се откривте тука, пред сите, пред гуњава. Не требаше така. Имаше начин. како тоа да го направите да биде перфектно, да биде умно, да биде паметно и ни шиш ни јал ни ќебап јал. Ниту шишот, ниту ќебапот. Да, да точно е. А, вака сега не принудивме да двоумиме, што е сега ова? Што се крие позади сето ова?

Овде, морам да кажам дека, јас кажувам во мое име, бидејќи не се разбирам многу во тие тајни, ваши тајни што ги кажавте овде, можеби имате достап до СДБ и не го гледам министерот Фрчковски, веројатно има трулост и таму. Трулдст. Ако беа добри, ако беа јаки, вие не можете да ги имате тие податоци. Имате ваши луѓе внатре. Значи, треба да се смени нешто таму. Тоа. е факт. Таа служба треба да биде многу доверлива. Устата вака (со раката покажува гестакулирање во смисла на затворена уста) таа служба треба да биде многу доверли ва. Да, да. Меѓутоа, таму има сигурно бла-бла. И, заради тоа вие мавтате со нешто овде или ние сите мафтаме со нешто овде, разговараме на таа линија. Тоа е многу лошо за државата.

Вака ли ќе ја чуваме Република Македонија, а? Вака ли ќе добиеме доверба кај народот, кај граѓанинот, како висок човек? Утре треба да излеземе во чаршија, да излеземе меѓу граѓаните. Тие ќе речат само вие знаете тајни и ни крадете се. Ние се плашиме сега за нас. Секој од се да се плаши. Размислувам народски.

Сакам да речам дека ова е многу лошо и ќе ни се одрази многу лошо. Апсолутно многу лошо на сите нас. На државата. Меѓутоа, и во овој момент кога сеуште не сме баш, ама баш да речам признат од сите

итн. иако влеговме во онаа голема куќа таму, како што велиме семејството на народите, јас верувам дека нашата околина, соседите што не следат, тие ја следат оваа седница, сигурно ќе видат дека ова е само како акт на демократија, а не друго нешто и нема да се исплашат од нас дека имаме ние незнам каква војска, каква служба за безбедност, дали имаме или немаме паравоени формации и што "ја знам и друго.

Да не ве задржувам многу, затоа што јас секогаш сум многу краток во своите излагања, ме плаши една работа, дали се сака да се создаде таков немир, ние не знаеме, еве, д& чукнам (чука со раката по говорницата) кој на кого би свртел (со рацете гестакулира во смисла на вперување оружје во некого).

Тоа ли е тоа? Јас верувам дека немаме паравоени формации и тоа ако некој ги замислил било од оваа страна или од другата страна се излажал многу. Тоа е многу лошо за народот на Македонија, за граѓаните на Република Македонија, многу лошо е за Европа. Искачаме како диви балканци. Спомнуваме некои Аркани и незнам кои овде, тоа е срамота за нашата држава. Ние сме една шака народ. Ние бараме помош од сите и треба да ја заслужиме таа помош само со педантност, култура, добри политичари, искреност и само уважувачи и посакувачи на мир. Ние, не треба да се подготвуваме за некоја борба или што знам што. Ние треба да се цениме себе си и нашите генерации што ќе дојдат. Лош пример им даваме "на младите генерации, на момчињата. Треба да се срамиме од овие два дена што се овде разговаравме и што се рековме едни на други. Какви дискусии овде кажавме.

Би сакал, кога ќе дојде проблемот на стопанството да останеме до сабајле, цела ноќ.

XXII/1 JJ/НД ' -

**ФАИК АБДИ**: (Продолжение).

Тогаш да разговараме вака, а не само да се фаќаме за вакви работи. Сигурно ќе има што да кажеме и за Радолишта и за , Бит Пазар и Горче Петров и ќе се правиме големи херои таму. Дали употребуваме ист аршин и ваму и таму, не е битно ќе кажеме тогаш. Сигурно ќе кажеме нешто и ако еден обичен милиционер повика некое младо момче и му рече таблициве, па шамар му удри па Фрчко е крив. Он е милиција да он е крив. Меѓутоа, сигурно нашата полиција ќе мора да се преиспита себеси - културата,. културното однесување спрема граѓанинот и човекот. Меѓутоа ако има место за прогон, има кој да гони. Се знае. Вака како што се Зборува овде, тоа е, незнам, многу диво и ми изгледа дека доаѓаме до некој раб на голема недоверба и создавање недоверба ,кај нашите избирачи. Моите бирачи мислат вака, вашите бирачи мислат онака, заради тоа што ние овде кажуваме дека е така, односно не~ е така*~"туку е онака. Та нашиот збор вреди, иако улицата зборува дека ова е циркус, Парламентот е циркус. Да на некој начин е циркус, зашто овде се искажуваат работи што не треба да се кажат. Ви благодарам што бевте внимателни да ме сослушате. Јас сум многу фрапиран од се ова што го чув. Уште еднаш да кажам мислам дека е недолично на било кој од нас, граѓанин на Република Македонија овде да мавта со тие работи, преди се како домаќини мислам дека не ни личи, како домаќини, како татковци на своите деца, на свои фамилии, на чело што застанавме, а како политичари ич, заради тоа што тоа не се кажува змијата никогаш нозете не си ги кажува а ние и нозете и главата и опашката,се се фрли секого плашите, се искажавте овде, и тоа имаше пренос на телевизија. Алал нека ви е многу сте размислиле за Македонија.

XXII/2

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Нема многу да зборувам само два саат и 41 и три минути. Еве ј|ас би сакал неколку реченици да кажам во врска со оваа расправа, Прво, во врска со Извештајот можам да кажам дека извештајот е г^ногу штур и од него не може да се; види,, ама буквално ништо што упатува на задачите според член 2 од Законот за контрола на СДБ. Врз основа на тој извештај според наоѓањето на Комисијата за неправилностите и незаконитостите во работата на СДБ ќе можеме да расправаме овде и да донесеме навистински онака како што му личи на еден Парламент во врска со работата на таа служба. Имено, Комисијата се задржала само на три точки, се разбира по порачка од кои едната нема никаква врска со задачите со Законот на Комисијата, Комисијата немала право да се упушта во расправа и анализирање во врска со летоците.

Во врска со втората:точка за формирањето на паравоени формации, тука Комисијата требало да констатира дека СДБ добро направила што се вклучила и спречила такво зло, а во врска со третата точка, во врска со прислушувањето на телефоните овде не добивме никаков веродостоен документ врз основа на кој ќе се убедиме дека некој се прислушувал, беше кажувано и мавтано овде од оваа говорница со некакви листови дека не се прислушувала само Партијата ВМРО-ДПМНЕ односно разговорите на лидерот господинот Љупчо Георгиев- ски, туку пошироко, а кога се побараа тие документи ние ги добивме пак истите дека се прислушувал господинот Љупчо Георгиевски, односно телефонот на ВМРО-ДПМНЕ, што значи дека бевме на одреден начин изманипулирани што ми дава за право пак да заклучам дека овие документи не можам да ги прифатам како веродостојни, туку може да ги прифатам како своевидна монтажа, двата а третиот е чисто партиска

работа ВМРО-ДПМНЕ добил писмо од' Австралија од нивниот задграничен комитет итн. Тоа нема никаква потреба да се чита овде кажуваат дека се прислушувате од толку до толку часот и слично. Мислам дека ова не се никакви аргументи и според тоа сметам дека тие кои мафтаа овде со листови ни останаа должни и нам и на јавноста да ни дадат на веродостојни акти односно документи од кои ќе се убедиме дека навистина има прислушување противзаконско односно противуставно, за кое нешто ние сигурно ќе кренеме глас и ќе бидеме да се осуди таквата постапка. Но, ова отсуствува.

Од долгата дискусија на претседателот на Комисијата можеше да се слушне 80% работи кои што не се од делокруг на работата на Комисијата. Јас заради запознавање, заради точно утврдување кои се задачите на оваа Комисија ќе го прочитам членот 2 од Законот за контрола на СДБ и ве молам имајте трпение нема да биде тоа долго. Вели: "Комисијата врши увид над законитоста на работата на СДБ, особено од гледиштето на почитувањето на слободите, правата и должностите на човекот и граѓанинот, правата и должностите на ОЗТ, на другите самоуправни организации и заедници,на општествено - политички организации утврдени со Уставот и законите, како и во погледа на методите и средствата што ги користи во вршеше на работите од својата надлежност и ги разгледува проблемите воочени во нејзината работа. За извршениот увид и за уочените проблеми во работата на СДБ, Комисијата на Собранието му поднесува извештај најмалку еднаш годишно". Ова е тоа што Комисијата треба да го работи. Па повелете заклучете што е тоа што се беше накажано овде а што е тоа што е задача на Комисијата.

Во едно, господа пратеници успеа пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ, не само денеска туку и порано и затоа навистина треба да им се честита а тоа е следното - врши успешна опструкција на работата на

XXII/4

Парламентот се со цел коалиционите партнери, парламентарното мнозинство да не успее да работи нормално и да ги донесува законите заради правното заокружување на Републиката, да ги донесе законите со кои ќе се овозможи нормално одвивање на севкупниот живот во Републиката, за да може утре како што тоа се случуваше пред неколку дена,успешно да не обвинува дека сме ние неспособни да ја водиме оваа држава односно неспособни сме да ги донесеме законите. Затоа нема никаква вина Пратеничката група на Ш4Р0-ДПМНЕ и тоа е нормално да го прави,за да не направи неспособни односно за да не можеме нормално да работиме. Виновна е; коалицијата што прифаќа секогаш некои дежурни прашања и малтретирања со денови овде, прашања за кои може за два часа да заврши работа, со денови да се-расправа а со тоа се губи драгоцено време и да не може овој Парламент нормално да работи. За ова дебело треба да се запрашаат коалиционите партнери како понатаму ќе работи овој Парламент. Не сакам да го омаловажам барањето да се расправа за одредени девијантни појави и во службите и со ова не сакам да кажам дека мед и млеко тече во СДБ. Сигурно дека има грешки и неправилности. Но ние од извештајот не го видовме тоа, туку видовме однапред конструирани заклучоци кои навистина не водат никаде, и не нудат ништо од кое може да заклучиме дека СДБ го има прекршено уставот или нешто драстично ги крши правата на граѓаните или одредени политички партии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика бара претседателот на Комисијата.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Му благодарам на господинот што го прочита членот 2 каде што се вели во ставот 2 дека Комисијата врши увид над законитоста на работата на СДБ особено од гледиштето на почитување на слободите, правата и

должностите на човекот и граѓанинот. Па ќе ве замолам господине пратениче да ми одговорите дали влијанието за гласањето што се случи со фрлањето на летоците во предизборната кампања е и една повреда на тие човекови права. Човекот односно гласачот, граѓанинот слободно да се определи без некој да му имитира дека некоја партија е пробугарска или не. Тоа е едно.

Второ прашање .секој граѓанин во оваа држава, негово . право е да живее слободно и во мир и затоа имаме и полиција и армија на РМ и затоа секое формирање на паравоени формации е токму загрозување на неговиот мир. Тоа е основно право на човекот, на секој граѓанин во Оваа држава да има мир. А кој се солидаризира со формирањето на овие и такви паравоени формации кои утре на овој граѓанин ќе му донесат воена состојба тој сигурно не сака да ги штити правата и слободите на граѓаните 90 оваа држава. И спомнавте тука дека Комисијата ја контролира на некој начин СДБ во користењето во вршењето на некој начин на работите од својата надлежност и ги разгледува проблемите воочени во нејзината работа. А токму овие три случаи се и проблеми кои се проблеми кои ги направија да бидат проблеми СДБ со нејзиното незаконско и неуставно однесување. Во тоа е суштината на правата и слободите на граѓаните. И оваа јавност има право и секој граѓанин во оваа држава да дознае за одредени девијантни појави, како што рековте вие.

Второ прашање е дали вие како коалиција за седум месеци не успеавте да ги донесете закони, тоа исто тие добро го кажавте е ваше прашање и затоа не очекувајте од опозицијата да ви помогне во донесувањето на ваши закони. Ние сме опозиција, ќе се однесуваме како опозиција. Меѓутоа во овој случај се работи за тоа расправаме денеска за три случаи каде што во основа се повреден и правата и слободите на

граѓаните на оваа македонска држава. Замислете утре тие паравоени формации да донесат војна во оваа македонска држава, а сите го плашиме овој народ дека сме за мир, односно не го плашиме туку се декларираме дека сме замира некој си дозволува да формира паравоени формации кои можат тој,мир да му го нарушат. Верувам дека секој граѓанин знае и му е јасно што се случува во оваа држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Џаферовски, пак реплика.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ: ,**

Прво во врска со последното укажување на господинот Стојков во врска со донесување на законите. Коалиционите партнери не носат закони за нив, тие се закони на државата Република Македонија и оние кои прават опструкција и кои не учествуваат во донесувањето на тие закони треба да се замислат, дали се за доброто на народот или не. Тоа е под број еден. Јас не ја упатив забелешката на вас, туку упатив критика на коалиционите партнери. Вие успешно, господа го правите тоа и тука нема збор. За тоа треба да ви се честита. Тоа е број еден. Број 2 во врска со летоците и дали тоа било кршење на Законот односно ограничување на слободата и правата на граѓаните тоа јас незнам дали е така, но јас знам дека извештајот е за извршената контрола на СДБ, а не за летоците кои ги исфрлал НН. Тој не е на дневен ред. Службата е на дневен ред. Службата не ги раструрала тие летоци. Ако ги растурала дајте да расправаме за неа. Тоа не е во делокругот на овластувањата на Службата на СДБ растурањето на летоци. Тоа е работа на јавната безбедност и таа јавна безбедност односно оштетениот има право врз определена процедура да води постапка за таа работа. Не е работа на СДБ и таа е сега на дневен ред, на тапет овде заради тоа што некој растурал летоци.

XXII/7

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Сигурно и јас и господинит Џаферовски самите на себеси станавме досадни, меѓутоа мора да ги кажеме за име и за љубов на вистината да кажеме, видете вие го тврдите тоа дека СДБ не била нејзина работа да ги пронаоѓа причинителите на ова кривично дело. Меѓу тоа во Информацијата, прочитајте таму од Владата, ќе видите дека поранешниот републички секретар да поднесе кривична пријава итн. Добро прочитајте ја ќе видите дека тие таа документација. тогаш се наоѓала во СДБ а не во Службата за јавна безбедност. Според тоа, јас, ако ме слушавте внимателно, зборував веќе два часа кажав дека Владата има двојни аршини, за овој министер не е во надлежност проблемот со летоците а за претходниот републички секретар била во надлежност на СДБ. Тоа се тие двојни аршини. Во Информацијата на Владата ќе го најдете тоа и самото демантирање ќе биде и од страна на Владата. Таму стои многу добро.

**СТОЈАН АНДОВ**

Има збор господинот Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, долго се двоумев дали да земам збор во оваа дводневна расправа и внимателно следев за да видам како да речам по овој така наречен доказен материјал ќе се опходат моите колеги пратеници правници и видов дека скоро никој не се обидуваше сериозно да ги земе како нешто што во процедура по правната логика и да речам во постапка за доказни материјали треба тоа да се третира и оценува. Тука тоа си го земаа за право луѓе кои веројатно имале скриени желби и животни шанси итн. пропуштени да се бават со криминалистика да се бават со детективство,

можеби имаат амбиции да учествуваат и во некои други работи, како што е серии телевизиски или глумење итн. И јас тоа го сфаќам како нивна флустрација, како личности, меѓутоа го сфаќам како еден политички дрилинг овде што два дена ни се наметнува.

Она што сакам да го дискутирам, а што беше добра прилика со отворањето на оваа точка и општо праша^>ето околу демократизацијата, остварувањето на граѓанските права и«слободи во Македонија, од аспект на постоењето на еден многу значаен и витален орган како што е Министерството за внатрешни работи. И тука во односите во парламентарната демократија, во обезбедувањето на спреги и кочници помеѓу законодавната власт и извршната власт беше добар пример да се види колку, она што како проекција на Уставот на Република Македонија ние го запишавме е во практиката остварено. Морам да кажам дека за мене а воедно и за мојата парламентарна група ова преставува своевидно разочарување, бидејќи приземната дискусија со многу неаргументирани искази, со документи, со во најмала рака сомнително потекло или неутврдени во судска постапка,беа предмет на тврдења, клеветења итн. Без разлика колку имунитетот на пратеникот овозможува таков начин на дискусија, тоа во целост земено, како што добар дел, односно еден дел од дискутантите истакнаа не е придонес за демократизацијата на односите во Македонија.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ**: (Продолжение)

Што се однесува до она што мислев дека е суштествено и кои на овие примери може да се повлече линија помеѓу која што досега во така нарешениот соц-реализам претставуваше милицијата односно сега полицијата и она штос е наши тенденции да искажам дека токму на овие случаи се гледаат и тие деформации кои заради спрата трансформација на ова институција ние денеска ги чувствуваме и како последица на еден ваков хаос во кој не се знае кој за што бил одговорен и кој со какви права и овластувања постапува во дадените случаи.

Второ, што сакам да кажам во врска со овие предмети мене многу миновни и во крајна линија воопшто понижувачки за целиот процес на осамостојвуање што РМ го постигна да добие на значење една случка или незнам што била намерата што таканаречена национална гарда каде што јас она што го видов претставува една шака јад, да кажам која требала да биде ставена во некаква функција и уште повеќе мене или моето семејство или незнам кого да брани. Такви бранители ниту некогаш некоја држава или народ одбраниле ниту ќе одбранат и затоа мислам дека премногу значење дадовме цитирајќи овдека некакви изјави некакви ленти, незнам ти какви доказни материјали.

Понатаму, она што сакам да кажам дека ме разочарува и едно друго сознание како да просто имаме две полиции, една државната полиција на чело со министерот Фрчковски кои овде го биравме низ легитимните извори и една пара полиција чии "веројатно министер е господинот Змејковски, бидејќи тој овде постојано изнесува материјал ни докази кои ние, да речеме, ги немаме. Еве на пример примерот што

го истакна една и нашата политичка партија е прислушувана или нашиот претседател, тоа значи дека согласно Уставот покрај тоа што некој на кого ;тој мисли дека не прислушува со самото тоа поседување што го има и тој, а не и ние, тоа значи дека и тој е инволвиран во таа работа и со тоа исто и Уставот и нашите права и слободи е повреден.

Сега би кажал некои работи во врска со некои- работи кои треба непосредно да произлезат од оваа расправа.

Прво и основно е да ние веќе сфатиме дека со граѓанскиот концепт, либералниот концепт на организација на државата веќе мешањето во МВР помеѓу државната граѓанската и политичката сфера не смее да постои. Како резултат на тоа се и овие случаи кои денеска ние ги посочуваме. Ние мораме да сфатиме дека трансформацијата на ова Министерство мора да доведе до она што во сите нормални земји претставуваат тие министерства. Во прв ред тоа е нивната улога на заштита на јавниот ред и мир и заштита од недозволен увоз на оружје, дрога и друго. Тоа е првото и основно што мора една полиција да биде дефинирана како таков орган и од неа да се издвои делот државната безбедност она што преставува разузнавачка и контра разузнавачка функција и која секоја нормална држава го има. И оттука мислам дека голема штета правиме што во некоја рака ако ги знаеме историските предуслови, ако ги знаме политичките и другите воени и незнам какви инспирации кои постојат околу Македонија што ние на еден начин девалвираме служба која треба да биде во функција на одбрана на интегритетот на РМ.

Втора работа што и во овој случај што го велите Сина Птица, се покажува дека во нормална држава функциите на полицијата не можат

да бидат истовремено и функции на страната. Тие две работи мора апсолутно да се отворат и тука улогата на Парламентот е пресудна во определувањето на бројот на полицајци униформисани и бројот на полицајци во резервен состав. Една нормална држава мора да го има тоа како податок поаѓајќи од стандардите на број на полицајци и \број на граѓани и се разбира од  економската моќ на државата.

Понатаму, мислам дека прашањето на издвојувањето на државната безбедност е клучно прашање за развој на демократијата во Македонија. Мислам дека тука се прави грешка и морам да кажам дека имам чувство дека и оваа дискусија како и добар дел на теми кои беа зачнати токму во клучните моменти на меѓународното признавање на Македонија како да сака да ги сруши столбовите на Суверенитетот на македонска држава. некако го имам тоа чувство. Денеска е господинот Овен во Македонија и денеска ние баш најдовме точно вака да кажуваме пак таа наша преговарачка улога ја минимизираме рушејќи го столбот Владата, рушејќи го столбот претседателот на државата, рушејќи го столбот Парламентот итн.,(реакција на некои пратеници).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само продолжете:

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Што значи дека ние едноставно не поаѓаме од систем туку поаѓаме од однос на снаги и од политиката на политичко организирање, а политичка превлат на државата.

Она што исто така мислам дека е важно за реорганизацијата на МВР и што е во крајна линија став и на нашата пратеничка група

неколку пати истакнувам посебно кога беше во постапка изборот на Владата, распределбата на. министерските места е ослободувањето на оној дел од полициската управа така да кажам која непосредно нема допирни точки основната функција зачувување на јавниот ред и мир, а се работи за делот за пасошите кој треба да биде врзан за Министерството за односи со странство или пак ако се работи за матичните книги и други документации во посебни дирекции или во

Министерството за правда итн. Ние ако навистина сакаме да извлечеме едно граѓанско општество ние мора да се избориме граѓанинот што помалку да има контакт и да не биде во никој случај уценуван или приморуван на одреден начин да биде во допир с:о репресивниот дел на организацијата на државата како што е во крајна линија самата полиција.

Мислам дека имаме многу проблеми во државата и треба на одреден начин тие системски да ги поставиме. Проблемот со позицијата на МВР е врзан и со прашањето на функционирањето ан економскиот и стопанскиот систем ан Македонија. Знаеме дека еден добар огранок на Министерството за така наречен стопански криминал беше подреден на функциите кои општествената сопственост ги имаше и штитењето на истата. Сега ако одиме во приватизација, ако одиме сега во создавање на општеството се разбира дека тие функции кои неприродно таму припаѓаат мора да бидат врзани за Министерството за финансии за стручни и други функции од тој аспект треба државата да ги има како би морало секој субјект да си го плаќа данокот и обврските спрема државата. Исто така тука е и прашањето околу противпожарната заштита тука се и други прашања, мислам дека ова е права прилика токму на прашањето на МВР на односите кои постојат во државата да го отвориме прашањето на концептот и да ги видиме токму тие разлики и меѓу

парламентарните групи во однос на тие промени. (Реакција на некои пратеници) .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжете, ве молам не упаѓајте.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ**

Мислам дека сепак би морале на крај некаква насока, нашата насока во нашата пратеничка група по однос на целиот комплекс на прашања е сепак врзан за тоа да се даде шанса Владата на РМ предложи програм за реорганизација и сега во фаза ни се тие закони на трансформација на МВР и вкупната управа во Македонија и ќе беше придонес за демократските процеси во Македонија ако на тој план добар дел од дискусијата беше посветена на тоа.

Морам да ви кажам дека кадровските промени за една ваква концепција за која се залага пратеничката група на Либералната партија се многу значаен фактор. Со право велат поединци дека одреден кадровски рез треба да се направи, меѓутоа ние сега не можеме амблок на сите припадници на МВР да фрламе лага како се вели, и да не ги ставиме во ситуација да бидат работници како сите работници во било која дејност без да отвориме при тоа некаква доказна постапка итн.

Мислам дека тоа се правите прашања кои требаше да произлезат од оваа расправа. Ако некој мислеше дека ова е судница и дека ќе наведе поедина пратеничка група или пак поединци од некои во партиите да се разубедат или убедат во доказниот материјал кој овде се нудеше јас можам на два три примера да ви покажам како тој материјал може во политички цели поинаку да се сврти спроти оној што го покажуваше меѓутоа нема тоа да го правам сега, во друга при лика.

XXIII/6.-

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, на почетокот на мојата дискусија ќе се осврнам на повеќе дискутанти кој тука покренаа одредени прашања кој за жал не беа во тематиката од точката на дневен ред. Едниот проблем кој јас го видов како проблем тука што се наметна е самиот однос на органот на внатрешни работи кој знаеме дека пред повеќе месеци името го смени од милиција во полиција, а знаеме дека, со самата таа промена на името се отворија едни демократски процеси во самиот орган. Но, меѓутоа, тие демократски процеси не значи дека и методите и начините на работа кои се применуваат. во тој орган ќе треба комплетно да се. менуваат. Методите на принуда кои што се користат. се за сите граѓани и за македонци и за албанци и за труци и за срби за власи итн. Тоа се методи кој се цел на работа на функционирање на секоја демократска држава. Ова прашање беше покрената и мислам дека треба да знаеме дека полицијата е за сите еднаква во^своите постапки.

Исто така истакнувам еден револт за одредени истапувања од оваа говорница кои навистина не коинцедираа со тематиката, а одеа и до таму повторно да ја напаѓаат македонската држава и целиот државен апарат наречувајќи ги фашистички, пиночеовски, криминалци, банди, а за жал денеска во Скопје во оваа куќа присуствуваше господинот Дејвид Овен кој собира мислење за оваа држава која треба да ја брани пред балканските земји, Европската заедница и Обединетите нации. Навистина вакво лице на македонската држава не и треба.

Сега би се осврнал малку и би дискутирал како член на Комисијата која ја обработуваше оваа проблематика. Морам да искажам за долгото траење на седниците за заокружување на оваа проблематика

произлезе од самото несогласување на ставовите на членовите на оваа Комисија зашто навистина се покажа да Деловникот за работа, постоечките закони кои важат за оваа работа на оваа Комисија не се доволни за точно прецизирање на методологијата на самата работа така да моравме да ги прецизираме самите методи и начинот на работа на оваа Комисија за покренување на вакви прашања. По заокружувањето на проблематиката и поставувањето на трите прашања помина кон нивна операционализација и сега конкретно би го кажал своето мислење по сите, точки кој беа предмет на работа.

По првата точка за летоците во искусаниот извештај од Комисијата, ставовите кои се таму истакнати, ставовите .од Владата по оваа проблематика можам да кажам дека се скоро идентични, но со единствена разлика ставовите на Комисијата беа оваа проблематика дека треба да ја разгледува СДБ, додека во информацијата на Владата е истакнато да оваа проблематика треба да ја разгледува Службата за јавна безбедност. Сите останати точки се, да не речам, скоро се идентични. За жал во Комисијата се формира и една работна група од истакнати правници, и мислам дека овој недостаток со Комисијата во Комисијата работеше само еден правник, овој недостаток на комисијата и излагањето на работата требаше да го укажат навремено за да не дојде до ова неусогласување, неприклапање мислам не приклапање туку да дојде до различен став помеѓу ставот на Комисијата и ставот на Владата.

Односно втората точка е вториот проблем, мислам дека во целост СДБ постапи правилно зашто активно се вклучи во разрешување на ваков проблем. Самиот сериозен приод методот на работа за обработка на проблематиката мислам дека треба да бидат предмет на дискусија во стручните кругови во самото Министерство, а не овде да се истакнуваат

мислења по однос на таа стручна работа на службата на оваа говорница. Така да заклучокот на Комисијата јас лично не го поддржав туку останав воздржан кон него зашто не се пријде кон реално ценење на проблемот туку чисто негово поддржување само од одредени членови на Комисијата и тоа членовите на ВМРО-ДПМНЕ и едниот член на ПДП.

По однос на третата точка, поточно прислушувањата, би истакнал една проблематика која овде воопшто не беше. спомната да и по оваа точка беше формирана работна група која имаше задача комплетно да ги испита сите расположливи списи кој што се наоѓаат во МВР и истите да ги презентира пред Комисијата. Таа работна група состави извештај кој за жал, мислам единствен што е на оваа Комисија беше претседателот кој го доби легитимитетот од целата Комисија индивидуално, самостојно да изврши увид, нормално со секретарот на Комисијата, и работната група изготви извештај , но при разгледување на извештајот во самата Комисија претседателот истакна дека објективно ситуацијата е таква како што стои во извештајот, на негово субјективно мислење, повторувам субјективно мислење е да тоа воопшто не е така и го предложи оној заклучок што го имаме по извештајот на комисијата што повторно членовите од ВМРО-ДПМНЕ и ПДП го поддржаа и како таков се усвои, што мислам дека тотално не коинцидира со стварната ситуација и со материјалите кој постојат во МВР. Истиот извештај за жал претседателот на Комисијата го порекна во своето излагање да воопшто постои ваков извештај и да воопшто тоа е тоа го направил. Навистина некои нелогички работи од страна на самиот претседател на Комисијата,

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ**:(продолжение)

Сега се поставува прашањето што после вакво согледување за работата на Службата за државна безбедност. Очигледно дека методите за работа и самата организациона поставеност на Службата за државна безбедност се на еден застарен начин, се на еден застарен модел, кој за жал постои од тоа едноумие, така да во таа насока се И нашите заложби како на Партија и пратеничка група и мои лични како пратеник и во целост ги поддржувам нашите искажани ставови од мојот претходен говорник господинот Крстевски за целосна трансформација и реорганизација на комплетното министерство за внатрешни работи, како и посебна реорганизација на Службата за државна безбедност. Сепак морам да го истакнам позитивниот однос на Министерството, конкретно за овој случај и ценам дека воопшто нема по сите три прашања некоја политичка одговорност на вршителите на должности во овој орган за внатрешни работи. Како постораториум би ги истакнал памфлетите кои тука беа презентирани како документи со кои господинот Змејковски вели дека се документи со кои располага и со кои Службата на државна безбедност располага од своето работење и гласно би запрашал дали Служба не би била предмет, читајќи ја содржината на сите овие документи, дали навистина Службата не треба во сите овие случаи да постапува онака како што има постапено за што еден карактеристичен пример од овој памфлет ќе истакнам дека се работи за комуникација со луѓе од Македонија, од надвор, конкретно од Австралија и наговестување за инвазија на курди во Македонија. Навистина Службата постапила очигледно, Службата си ја врши својата работа и не знам зошто се обвинува, кога една ваква проблематика станала предмет на Службата за државна безбедност.

XXIV/2

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, имајќи го предвид пред се и ризикот на време и трпението, сакам однапред да кажам дека точката на дневен ред што е во овој случај Извештајот е неприфатлив, нема потреба да даваме образложение.

Што се однесува во однос на Информацијата од страна на Владата е прифатлива и доколку биде предмет на гласање, би ја поддржал. Но мотив за моето, излегување беше во оваа прилика многу пати во неколку наврати некои од пратениците го користеа аргументот паравоени единици или паравоени организации. Најчесто беше споменуван господинот Јовановски, кој јас лично не го познавам, но имав прилика да разговарам со луѓе кој ги знам и на дел од фотографии што ми беа достапни, иако не е својствено да се користат има наши работници од Рудникот кој што работат, луѓето кој што го носеа експлозивот, , своевремено кој учествува во "Сина Птица", а доказ за тоа во интерес на времето во една прилика господинот Јовановски и практично ја прави ситуацијата збунета. Во една прилика се спомнува дека е член на ВМРО, во друга прилика дека е претседател на задгранични комитет во трета прилика дека е на КОС дека работи за овој или за оној во интерес на вистината на оваа фотографија која е објавена овде гледам еден од нашите луѓе и тука е господинот Љупчо Георгиевски со господинот Јовановски што е презентирана фотографија. На наредна слика гледам наши луѓе од Пробиштип кои сега веројатно се оградени од партијата ВМРО-ДПМНЕ и тука е исто така господинот Јовановски, тука е и господинот од Пробиштип што ги спомнуваа имињата нема смисла. Гледам овде во домашна посета господинот Љупчо Георгиевски со господинот Јовановски. Сето тоа ја прави ситуацијата малку збунета.

XXIV/3

Кој е тој што учествувал во формирањето на паравоени формации во Македонија. Јас не би сакал да заклучам, меѓутоа ситуација не прави збунети, а мислам ова се слики и фотографии кои можат да бидат на располагање, тоа не е никаков проблем, објавени се и нема резервно мислење при определување да кажам дека извештајот ми е неприфатлив а информацијата доколку биде предмет на гласање би ја гласал.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, ќе се обидам да не повторувам многу нешта кој што беа кажани во текот на овие два дена од говорницата.

Што се однесува до претходниот дискутант и фотокопиите на фотографиите кој што се обиде да ги изнесе на овој Парламент, наша обврска е како пратеници да расправаме за одговорноста на членовите на Владата поточно на Министерството за внатрешни работи и претставници од Министерството за одбрана кој што активно биле вклучени во создавање на паравоени формации. А за учество на обични граѓани органите на прогонот треба да си преземат активности и да утврдат кој на која партија припаѓа и да сноси одговорност ако го прекршил законот и уставот. Така што би замолила нашето внимание да го сконцентрираме токму на членовите на Владата, како најодговорен човек во Министерството за полиција е министерот Љубомир Фрчковски и би требало денес да ја утврдиме неговата одговорност што дозволил одивање на вакви неуставни, незаконити дејствија како што е прислушување на политички партии, исто така и создавање на паравоени формации.

Што се однесува до дискусијата на Зоран Крстевски мене ми е жал што не можам јас од авион да ви се обратам бидејќи не сум директор на

Аеродром, туку сум во тие ниско што стојат, член сум на опозицијата, така што се надевам дека и од ова ниско место ќе може да комуницираме и да се разбереме.' Тука беа кажани пред малку неколку невистини. дека опозицијата токму денеска кога Овен е во Република Македонија настојува да расправа за оваа тема. Ова е неточно, бидејќи Иницијативата за утврдување на вистината за овие три случаеви е дадена пред цели осум месеци, а Извештајот на Комисијата е предаден во декември 1992 година. Чија е вината што до ден денес на барање на опозицијата иако Комисијата ја заврши својата работа, оваа точка не се најде на дневен ред и ние како пратеници не најдовме сили да расчистиме некои работи кои што се многу сериозни и без кои не можеме да зборуваме за постоење на правна држава и воспоставување на демократ- ски систем во Македонија.

Исто беше кажано едно тешко обвинување дека опозицијата столбовите на државата ги руши со тоа што расправа за оваа тема, затоа што денес токму Овен е во Македонија. Ние знаеме која улога ја има господинот Овен во Македонија и дека тој ќе биде посредник во преговорите помеѓу Грција и Македонија за спорните прашања, а спорните прашања се името, знамето, Уставот итн. Учесници во овие преговори ќе бидат претставниците на позицијата. Па кој ги руши темелите на државата дали овие што сакаат да се воспостави правна држава во Македонија и да се расчистат нештата, или тие што разговараат за некои работи кој што ова Собрание ги донело, кој што ги доведуваат во прашање и настојуваат да ги изменат. Тоа се Уставот, знамето, а за името ми се чини дека никој не може да се осмели да преговара. Исто беше кажана една невистина и мора да ја разјасниме, бидејќи е многу сериозна дезинформација дека од една страна постои полиција, а од друга страна параполиција. Факт е дека министерот за

полиција припаѓа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, а пред неколку дена избравме заменик министер што припаѓа на Либералната партија. Факт е дека овие две партии ја контролираат полицијата, а наша обврска како опозиција, поточно како ВМРО-ДПМНЕ е да водиме сметка за местото и улогата на нашата партија и за сите обиди за нејзино уривање, факт е дека левите партии од минатиот режим имаат сеуште добри позиции и во економијата и во сите сфери на животот, така што тие позиции ги користат за блокирање на опозицијата во сите области, па и за злоупотреба на контролата на Министерството на полицијата за воспоставување на контрола и компромитација на опозиционите партии, така што најдобро намерно и најлогично, најприродно треба да се сфати нашата заложба сите обиди за манипулација и за кршење на уставните и законските права на членовите: на оваа партија да ги изнесеме пред јавноста и тоа со аргументи, а немојте да не обвинувате што сме дошле до неколку листови хартија, или до неколку документи кој што се резултат на прислушкувањето од страна на СДБ на нашата партија. Би требало ми се чини тука да нема разлики дека расчистувањето со едноумието, тука и некој претходни говорници тоа го поставија дека е залога на демократијата и дека овој Парламент како прв повеќепартиски парламент треба тој товар ако се способен да го изнесе и да го расчисти со целиот оној баласт со кој што бевме соочени во таканареченото едноумие, вклучите но и со политичката полиција.

Мене ме чуди што некој претставници на Социјалдемократскиот сојуз од оваа говорница даваат целосна поддршка на работата нам МВР, иако самиот министер призна дека две ипол години после првите повеќепартиски избори никаква трансформација на полицијата не е направена. Господа, вие во вашата изборна програма, програмата на СКМ-ПДП имате кажано, така сте избрани како пратеници на оваа

партија дека се определувате против политичката полиција. Мене не ми е јасно дали сте останале сеуште на оваа програмска определба, или заради своите лични интереси и заради бескрупулозната тенденција за одржување на власт сте се откажале од оваа програмска определба, што значи сте ги измамиле гласачите. Ако сите се заложуваме за укинување на политичката полиција, тоа го слушнавме од страна и на другите партии", мене не ми е јасно зошто толку недоразбирања постојат од оваа сала.

Од страна на некои говорници беше кажано дека ова е маркетинг на ВМРО-ДПМНЕ, дека ВМРО-ДПМНЕ врши опструкција на позицијата, дека искажува невистини, лаги итн. Но незнам зошто не сакаме да ги споредиме дискусиите кои што беа кажани овие два дена од страна на претставници на:различни партии, исто така и некои платформи на Либералната партија кои што беа објавени во јавноста, во кој што јасно се искажани критичките забелешки на Министерството за внатрешни работ Сведоци бевме дека пратеничката група на ПДП искажа многу остри критики за работата на СДБ и воопшто дека таа функционира како идеолошка полиција врз основа на старите принципи. Критиките за работата на МВ1 беа објавени во Платформата на Либералната партија на 3 февруари 1993 година во весникот "Нова Македонија" каде што цитирам се вели дека одамна полицијата немала толку влијание во обликувањето на политичкиот живот и креирањето на политичката атмосфера во земјата. Полицијата на еден или на друг начин со својата политичка процена или политичко видување широко присутно во стопанството, во некои политички партии, па и во некои редакции. Тој начин на поставеност на МВР, таа негова огромна моќ се разбира, не ја оспособува државата за поуспешно функционирање,но обратно, секако ќе доведе до сериозна атрофија на сите демократски процеси во земјата. Не можам да разберам како некои говорници од истата партија, како да

ги заборавиле овие свои ставови од Платформата и тврдат дека ВМРО-ДПМНЕ врши овде опструкција и дека лажно обвинува. Тука би потсетила на неколку ставови кои што беа изнесени од страна на министерот Фрчковски кои што се однесуваат на растурањето на летоци на бугарски јазик, тој тврдеше дека тоа е работа на Службата за јавна безбедност, а не на Службата за државна безбедност и го обвини претседателот на Комисијата за контрола на СДБ дека не ги познава добро работите. Јас не можам да разберам како министерот не ја помни Информацијата што ја подготви Владата и верувам тука учествувала во подготовката на оваа информација самото Министерство во кое што по повод растурањето на летоци на бугарски јазик јасно стои дека во текот на 24 и 25 XI.1990 година, не- посредно пред вториот круг на гласањето, во првите повеќепартиски избори во Републиката на повеќе места во Скопје беа растурени поголем број летоци на бугарски јазик со наслов"искористена светата простота Во врска со ова СДБ цитирам, презема мерки и активности за расветлување на случајот и откривање на растурачите на летоците итн. се говори за активностите на СДБ. Така што не е точно си противречи самата влада со тврдењето дека тоа е работа на таканаречената јавна безбедност. Исто така од неколку говорници беше искажано дека ВМРО-ДПМНЕ без аргументи се жали дека е репресирана. Јас само ќе ве упатам на изјавите на индивидуите, на поединците кои се најмеродавни, тоа е изјавата што денеска ви беше поделена чии што потписник е Драги Илиевски, братот на Миле Илиевски кој што "се самоуби", кој што беше советник во Министерството за внатрешни работи член на ВМРО- ДПМНЕ. Неговиот брат сведочи дека истрагата не е завршена и не е извршена според сите законски принципи. Тврди дека има сведок кој што слушнал дека всушност имало некој во собата кај што се наоѓал самоубиениот Миле Илиевски. Исто така цитирам "Окружниот јавен Глигор Серафимовски ми потврди дека

телефонскиот број на брат му, т.е. на самоубиениот бил прислушуван од стана на СДБ.

Исто така, ќе ми дозволите да ви цитирам неколку изјави на членови на ВМРО-ДПМНЕ кои што беа претворени во монтираните политички процеси за наводен тероризам и држење на експлозивни материјали. Се работи пред се за Митко Цветков, кој што е татко на две малолетни деца и кај кого во домот се најдени две прачки експлозив со изминат рок на траење и е држен во притвор повеќе од еден месец, физички и психички малтретиран, вршен му е невиден притисок, за подоцна на крајот на судењето на. постапката да биде ослободен, бидејќи немало никаква законска основа да биде држан во затвор. Истиот во затворот ослабнал како резултат на физичкото малтретирање 19 килограми, тешко му оболеле бубрезите, а во затворот бил тепан од страна на инспектори на државната безбедност во изјавата која што е објавена во Глас на ВМРО-ДПМНЕ тврди дека бил испрашуван 'за пратеници на македонскиот Парламент, а исто така бил испрашуван и за лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, тврдејќи дека ги поседуваат сите видео касети од нашите митинзи или трибини, тврдејќи дека јас сум присутен скоро на секоја снимка во улога на телохранител на нашиот лидер. Ме прашуваа со какво оружје го заштитуваш. Јас им одговорив дека моето оружје е љубовта кон Македонија и моето тело со кое ќе го заштитувам лидерот од евентуалните напади. Во таквите за нив негативни одговори ме подложија со жестоко тепање, ме испрашуваа за генералниот секретар Борис Змејковски навлегувајќи во нивните прашања во неговиот политички живот, семеен и личен живот. После мојот одговор дека не го познавам во такви детали, тие почнуваа со нивна тортура, а потоа во истиот стил ме прашуваа за пратениците Митко Анастасовски, Флоровски, Доста Димовска, Михаил Пановски, за неговиот престој во САД итн.

XXV/1 ПЈ/ЛБ

**ДОСТА ДИМОВСКА:** (продолжение)

Исто така, тортура е вршена врз членовите на ВМРО-ДПМНЕ Стојче Велевски и Живко Петрушев, кои рачно потпишаа изјава и ја упатија до Македонскиот парламент, бараат да биде запознат со содржината на изјавата. Само еден дел ќе цитирам: "Командирот на полицијата Голубовиќ Блаже ми рече, сега каде ќе одите комити. Што ќе правите сега штом ќе дојде Шешељ". Истото го рече со потсмев и почна со неговите методи на сила и рече дека никогаш не ќе ја признаат Македонија. Н есакам натаму да го заморувам овој Парламент, може изјавата да ви биде поделена ете за какви активности на Македонската полиција се работи и какви луѓе сеуште се држат во Македонската полиција. Овој Парламент мора да одговори на овие прашања и да ја утврди одговорноста на носителите на ваквите појави во Македонската полиција.

Што се однесува до загинувањето на Викторија Гешковска на демонстрациите на Бит Пазар таа изјава, иако е доставена до Македонскиот парламент, ќе ја цитираме во врска со настаните за Бит Пазар. Јас го прифаќам извештајот на Комисијата и ценам дека заклучоците што се предложени од Комисијата ќе значат и отворање на постапка за утврдување на одговорноста на министерот Фрчковски и останатите функционери на полицијата кои што активно учествувале во случаите на злоупотреба на функцијата. Истовремено, се работи за кршење на уставот и непочитување на законската регулатива. Сите три случаи сигнализираат дека не е извршена дезидеологизација на државните служби за безбедност до оној степен кога навистина можеме да речеме дека немаме политичка полиција. Тоа значи дека сеуште не е премостен стариот режим и дека навиките, начинот на мислење и постапување во МВР се задржани од поранешниот систем. Според старото искуство СДБ ги спроведуваше ставовите на ЦК на СКМ се

раководеше според насоките " од КП. Со воведување на повеќе партизмот очекувавме дека ќе се изврши трансформација на полицијата и службата за безбедност да стане една модерна прилагодена на демократското општество служба. Но, според досегашното искуство, особено според однесувањето на министерот Фрчковски не е премавната политичката полиција. Таа во нашите македонски состојби значи пристрасност кон СДС, додека опозицијата, националните партии се третираат како непријателски, оние како што до скоро се велеше, оние кои што ја урваат Југославија, Иако таа одамна не постои. Ваквата состојба значи суспензија на демократските процеси и отвора простор за злоупотреба и кршење човековите слободи и права. Врзувањето на полицијата за една партија доведува до монопол на таа партија или личност врз моќта на полицијата. Тоа значи осцорување на правото на слободно политичко делување,контрола и вовлекување на полицијата во работата на партиите, компромитација и уривање на таканаречените неподобни "непријателски" политички партии, а од друга страна форсирање, помагање на партијата која управуваше со службата за безбедност со стенчени, а сега е трансформирана во СДС.

Почитувани пратеници> неопходно е што поскоро преку институциите да се изврши дезидеологизација и трансформација на полицијата во согласност со новиот Устав и неопходната демократизација на Македонија. Факт е дека во сите три случаеви е доведено во прашање правото на тајност, на коресподенцијата и приватност на личноста и домот кој е заштитен со Уставот. Тоа може да биде ограничено само со судска наредба, а такво нешто не е случај и со прислушувањето на политичките партии и личности во РМ. Тоа се прави по лично убедување и наредба на политичките моќници.

XXV/3

Почитувани пратеници, ние овие два дена ми се чини положивме еден испит според мене, а тој испит се состои во тоа што овозможивме оваа точка да биде ставена на дневен ред и да расправаме за вакви прашања, иако на сите ни тежи и на Македонската јавност, но мораме еднаш за секогаш да расчистиме со она што се нарекуваше политичка полиција во Македонија и со ваквите елементарни кршења на слободите и правата на личноста, исто така и правото на политичко делување. Но, од однесувањето на некои пратеници, особено од позицијата се сомневам дека ќе положиме уште еден испит до крај да се определиме за демократија, а тоа е носителите на ваквите кршења на слободите и правата на ваквите злоупотреби да сносат одговорност, поточно, министерот на полицијата да се поднесе оставка, а исто така и оние функционери околу него кои што овозможиле да случуваат вакви настани и да бидат граѓани на Македонија и членови на ВМРО-ДПМНЕ на ваков начин злоупотребувани и репресирани. Исто така да, се создаваат паравојни формации, покрај легално постоење и на Македонска армија и постоење на Македонска полиција, сите да сносат одговорност, да дојдат нови луѓе, кои што јасно ќе се определат за демократски промени за трансформација на полицијата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСЌИ:**

Дами и господа, дозволете ми како пратеник и јас да имам' право да кажам нешто околу точката на дневен ред. Основно што е < овде имаме три настани. Во правата кога се утврдува одговорноста дал: таа ќе биде административна, кривична или политичка се утврдува што? Што било, кога било, на кое место и времето на настанот.

Вториот дел е начинот на извршувањето на тој настан и потоа следи правната квалификација и на крај одлука за тоа дали има повреда на законот или не. (реакции од салата) Господине, кога вие ќе се одлучите да ги калемите дрвата, тоа е ваш проблем. Јас воопшто нема

да се мешам во вашата надлежност, затоа што не ја знам вашата практика. Господа, првнот настан за кој се говори што стана. Дали има надлежност на Комисијата да разгледува односот за растурање на летоците или не. Еден од дискутантите говореше дека и тоа е навистина така во информацијата на Владата на страница втора говори за непобитен настан дека ноќта помеѓу 24 и 25 XI.1990 година биле фрлени летоци со одредена содржина.' Ова, СДБ дали имала право или не тогаш, да оставиме настрана, се занимавала и прибрала одреден број , па штом кажува во Извештајот да верувам на Владата дека биле пронајдени околу 1000 примероци. Тоа е факт дека настанот се одиграл. Меѓутоа, во што ќе се состои сега дали Комисијата ќе има одговорност или не, по право надлежност да цени што станало. Алинеја 3 од овој извештај јасно говори: "според оценката на тогашниот Републички секретар господин Јован Трпеновски и потсекретарот на СДБ Стеван Павлевски издадена е наредба за ништење на најголемиот дел од овие материјали кои се доказ". Овде се прашувам дали некој ќе постави повторно прашање а надлежност на Комисијата кога веќе се говори за издавање на налог за ништење на документација, која претставува доказ за извршен престап или не. Кога прашав, не случајно беше упатено прашањето до министерот дали тој одговара на прашањето да се работи за приговор на надлежност на Комисијата или не, немаше одговор. Што да кажам сега? Ова не приговарање тогаш Комисијата требала да го испита. Штом нема приговор ' Комисијата работела и оној' против. кој се води постапка примил дека Комисијата е надлежна. Што значи нема повреда на процесната постапка. Зошто сега се повикува неко.ј дека треба да поднесе пријава односно приватен тужител или некој друг граѓанин:за вакво кривично дело. Ова дело кое е сторено уништување или ништење на списи во служба и тоа дело се гони по службена должност. Од како овие податоци ќе се достават на јавниот обвинител, јавниот обвинител ќе се произнесе да или не. Дури тогаш ако има

оштетен тој ќе го извести во одреден рок односно во рок од 8 дена да ја преземе понатамошната постапка за прогон на сторителот на делото. Министерството , дали претходниот министер, дали било кој за ова ќутат и сега се повикуваат на податок дека немало прогон. Никој не може да преземе улога на јавен обвинител. Сакам да кажам дека овдека имаме и настан и последици, одговорноста нека Комисијата таа дала извештај за овој наод, ги ценела доказите токму врз основа на наодот на Владата што сама кажува дека е така и така. Јас потполно ќе се сложам со еден говорник од овде што кажа, па срамота е за Владата што таа го прифатила наодот, односно тврдењето на министерот и сега што е овдека. Дали министерот во ова нашол или Владата. А министерот одговара за ненадлежност. Тоа е по однос на првиот настан.

Вториот настан ќе се обидам да го кажам многу пократко, затоа што повеќе говорници говореа од оваа говорница за аргументи, против аргументи кој требало да цени, зошто требало да цени, тоа да го оставиме. Господа, пак ќе се вратам јас сега овде на извештајот на Владата за овој настан. Таа Влада на страна 4 помеѓу другото говори, алинеја “На ден 14.IV.1992 година тројца граѓани во ВМРО самоиницијативно побараа контакт со раководни лица во МВР со цел запознавање одредени состојби со напомена дека истото го сториле и во АРМ на РМ. Во текот  на истиот ден е одржан контакт со лицата. Во станот на Љубо Јовановски во Скопје и на истиот од МВР присуствувакл Добри Величковски, а од АРМ Драги Стојменовски. Дали ова е прв контакт што тие дошле на 16-ти во Сина птица или овој ден кога ќе ги запознае. Мене до сега, јас овде сум професионалец никогаш полицаецот не отишол на повик на криминалецот кај него да држи состанок. Дали Љубо бил ваков или онаков, дали Љубо бил инфилтриран некаде или не бил, дали Љубо имал чесни намери или не, Љубо го нема овде да го прашам. Тоа ќе го цитирам и ќе го ценам на

основа она што го преземе. Што значи одат последиците што се резултат на преземени дејствија. Тој Љубо Јовановски како делувал, што делувал по извештајот на Комисијата и во излагањето на претседателот на Комисијата по извадоци о, негови искажувања беше доста. децидно кажано. Што значи дека тој Љубе заедно со двајца функционери од Драган Стојмановски, ќе кажам мој личен пријател како претставник на АРМ се оградува министерот тогаш на АРМ и тогашниот началник на Генерал штабот се оградува дека тие знаеле за ваква работа , а и Добри Величковски и Драган Стојмановски другиот ден на 16, што е најбитно. Господа, тие не слушаат сознанија тие беа присутни кога пред нив им се стави пиштолот и ножот и овие се колнеа, тоа е реалноста. Јас за тој дел ќе говорам за Љубо. Љубо сакаше да направи заштита на некаков си комитет. Што овде да бараме повеќе, ќе ни требаат ли сведоци некој кога ќе се заколнува кога веќе имале изготвен правилник, кога се одлучувале за начин на собирање на средства се работеле карти како тоа ќе се чини и како ќе се прави заштитата и кога наеднаш ќе треба да се вршат, ако треба и политички убиства, тоа е  начин на работа на службена државна безбедност. Ако ова е начин на работа на државна безбедност, навистина јас незнам што не е. За мене ќе беше да, ако Драган Стојменовски ИЛЈ Добри Величковски/ беа уфрлени во оваа организација како патриоти да не се знае дека се тие припадници на вакви организации, односно на државна безбедност, еден во кои другиот во јавната безбедност, тогаш ќе говориме за принцип, тогаш криминалецот ќе биде наведен да се одаде. Меѓутоа, овие се знаеле многу прано, тие се договараат, тие чинат одредени постапки и доваѓаат на договор. Таму е одговорноста а не во другиот дел што се состанале. Тогаш кога се говори дека ете една партија, тоа е ВМРО-ДПМНЕ се наоѓа себеси секогаш загрозена кога ќе дојде во прашање државата. Па, господа

пратеници ВМРО-ДПМНЅ гласаше и излезе на избори за самостојна, независна Македонска држава. Ако имаше за цел да се создаде држава, ова е држава, ние таа држава ќе ја штитиме и нема да кажеме тие не се наши , дојдоа да ја штитат државата. Меѓутоа, Љубо и Добри не мислеле добро на оваа држава. Затоа, ќе кажам едно, како може некој да кажува прикаски за деца на барање на овие тројца граѓани и на Љубо да ни се дојде да не сликата и ние дојдовме да ги сликаме. До сега јас знам потајно снимање за откривање на криминалец, а поготово на државна безбедност, да биде тајно сниман, меѓутоа, јавно не. Ако е јавно сниман зошто јавната безбедност на нас не ни излезе со појаснување, па да каже. Ова снимање го направивме за ова, за ова и слично, не, туку само да исполниме желба на криминалецот.

Сега да се вратам на она што Либералната партија во својата програма говори дека државната безбедност; треба да се промени. СДС во својата предизборна кампања, говореше да не повторувам, дека ќе го промени овој иначин на работа.

XXVI/1 ПП/МП

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Господа, се брани токму начинот на работа. Дошол еден Љубо од Западна Германија, од кај дошол таму да ја насамари државната безбедност која имала 45-46 години зад себе практика да може да држи под контрола секого, а Љубо да ги насамари, да го сликаат и да носи по бел свет, еве ние правиме паравоени формации.

Сметам дека ако ова не се докаже, не знам што друго да се докаже. Овој Љубо не е задоволен само што државната безбедност ја земал на одговорност, односно насамарил, меѓутоа што прави? Тој оди да има покритие, па ако паднам кај државната безбедност, тука ми"е националната партија. Ќе се сликам со нив, ќе им дадам можност дека јас навистина еве сум за Македонија. И сега, од оваа говорница ќе ни се носат слики, Се сликале со него, тој е Македонец, ќе се сликам и јас. Таа слика за Љупчо Горѓиевски ќе беше, ако беше "Сина птица" па да говорат за формирање на вакви формации и да се снимат со не- го за таква формација, за таков програм, за таква работа.

Доаѓа последниот дел, дали, за жал, сега е нешто превземено или не, тоа е прислушувањето. Колеги пратеници, Владата,. откако најде за потребно да не треба да одговара на ова прашање, затоа што не може да избегне апсолутно пречекорувањето, околу прислушувањето, таму ќе стане, јас немам интерес за таа работа, а мојата долгогодишна практика ми говореше и ме научи она што ти шкоди бегај од него како ѓавол од темјан. И, ова баш е момент тука, Владата на други места ќе имаше, па има овој кажал овој не кажал, било не било, меѓутоа сега овде што те тебе натера да ставиш шпион да слушаш некои телефони. Ако не е така, како можеше сега на овие, да каже не се тие оригинали, да се приговара дека некој таму направил кражба ако немало прислушување што ќе

можат овие да украдат. Па, нема ништо. И, нека кажеше, ќе имаше логика и слух ако кажеше дека ова што се води како доказ тоа не било никогаш, а не дека биле со друга содржина. Господа, нека таа друга содржина се покажеше, а ние ги имаме и тие оригинални и тоа што ќе дојде, па да видиме што е разликата помеѓу нив. И, дали не е и таму стенограм од сниман разговор од телефон.

Тоа се правилата на играта во докажувањето. Тоа е анали- за на доказ, а не само да кажеш на некој е, јас, политички маркетинг, политички маркетинг опструкција.

Ќе се задржам да кажам неколку зборови за тоа што значи опструкција. Господа, што се плашеше државната безбедност ако имаше претставник. Ние со господинот Черепналковски на државната безбедност и рековме ако ги оспорувате овие, имате други докази, да ги видиме, дали се тие машински се разликуваат? Одговорот го немаше, ниту тогаш, ниту го има Владата ниту го има денеска. Овие ги дадоа под; фотокопие, нека г:и дадат во фотокопие и другите да ги видиме на кого се однесуваат.

Исто ќе ве упатам на една работа. Таму има ракопис одозгора со рака. Броевте на дати се подложни на графолошко испитување. И, ако Комисијата не успеала тоа..да го направи затоа што имала политичка оцена, а не криминална оцена, што се разликува во надлежност тогаш вториот дел на графолошко толкување ќе биде предмет на некоја друга постапка.

Сега збор два за тоа што е опструкција. (Од место некои пратеници извикуваат "знаеме"). Дали вие знаете или не, јас не ве прашувам туку сакам да кажам. Опструкција еднаш реков дека може да

си прават опструкција. Опструкцијата се прави и тоа секој ден, секој момент, штом некој ќе има некое прашање да се решава овде, една од членките на коалицијата ќе прави опструкција, ќе излага овде, ние не ја прифаќаме владината политика, носителот на политиката ќе треба да внимава што работи со другите членови, ние не сме задоволни, а овие другите за да останат на власт веднаш наредниот ден или едно или две или три потпретседателски места ќе дојдат. Тоа до век ќе трае. Тоа е опструкција. Треба да се освестат каде им е опструкцијата. Ние сме политички противник, ние сме политичка опструкција и опозицијата и наоѓа мана на позицијата и обратно, само со таа разлика што опозицијата не треба да дава образложение зошто наоѓа мана, а позицијата за да остане на власт мора да се бори да докажува зошто е тоа така.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова беше последен говорник.

Може ли сега да ја заклучиме расправата? (Да;) . Значи, со тоа извештајот останува,како што објасни претседателот на Комисијата,на Комисијата, тоа е нејзин документ, не подлежи на верификација на Собранието. Собранието не може да се произнесува по него, 'само мора да биде информирано и известено.

Што се однесува до заклучоците кои ги дава пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, овде се предлага:

"Собранието на Република Македонија оценува дека постојат реални и валидни факти за утврдување на конкретната и лична одговорност на министерот за внатрешни работи д-р Љубомир Фрчковски и неговите соработници во Службата за државна безбедност".

Видете дали постојат такви факти може да се заклучи кога ќе поднесете интерпелација и по неа ќе расправаме. По извештај кој не го

усвојува Собранието, чии факти не ги ни проверува ни усвојува, не може да заклучи Собранието дека постојат вакви или такви факти. Ете, тоа е, за заклучоците немам постапка да ги давам на изјавувам

Господинот Томислав Стојановски сака да каже нешто.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас имам доволно снага да кажам овој последниот заклучок што го прочита претседателот на Собранието, што се нуди од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, тоа го имав забележано и преескa да го кажам, меѓутоа го испуштив, да кажам дека јас сум на страна на она што го кажа претседателот на Собранието дека во овој дел не може да се расправа затоа што пратениците биле спречени во еден дел, кога се говори за утврдување на таква одговорност, токму во оваа насока, па не е допуштено да се работи односно не ни се даде можност, а штом немаме можност не ќе имаме ни право да одлучуваме. Според тоа, јас би го замолил од мое име пратеникот односно координаторот на ВМРО-ДПМНЕ,ако гја прифати оваа моја сугестија, овој дел од заклучокот да го повлече.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете господо, никој никого не спречил, туку постапуваме во согласност со Деловникот. Ако ние и по Законот немаме можност да усвојуваме извештај, тогаш Собранието не изградило став по содржината на извештајот. Таму се содржани фактите или се нефакти. Тоа е.

Друго, вашите заклучоци не само вториот, не само третиот, но и првиот и вториот во материјата на извештајот на Комисијата за контрола над работата на СДБ. Одговорност ќе си барате низ инструментите што Уставот и Деловникот ги дозволува.

Со тоа ја исцрпивме расправата по оваа точка, а утре продолжуваме.

XXVI/5.-

Господинот Томислав Стевковски бара збор.

Ве молам, утре оваа седница да ја завршиме.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, прво да кажам дека ја прифаќам сугестијата на колегата Томислав Стојановски во однос на точката 3 од Предлог - заклучоците што ги поднесе нашата пратеничка група и треба да се смета дека тоа е и официјален став на пратеничката група, од овие Предлог - заклучоци да отпадне точката 3.

Со точките.1 и 2 во основа се заокружува денешната распра- ва на оваа седница и мислам дека претставува едно задоволство на сите оние кои ја следеа работата на Парламентот овие два дена дека се стекна вистинската слика за односите што постојат во работата на Службата за државна безбедност

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, само видете, вие не можете да заклучувате каква се стекнала. Знаете што, расправата е завршена.

**СТЕВКОВСКИ:**

Не е завршена расправата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Расправата е завршена, напуштете ја говорницата. Расправата е завршена Господине Стевковски, а вашите заклучоци нов да бидат усвојувани.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Оттука изјавувам дека врз основа на Комисијата ќе поднесеме интерпелација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е ваша работа

Денешната расправа заврши.

Ќе продолжиме утре во 11 часот.

(Седницата прекина  во 22,25 часот)